И КАМЕНОТ Е ЗЕМЈА

A Novel

ПЕТРЕ НАКОВСКИ

И КАМЕНОТ Е ЗЕМЈА

A Novel

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2014 by Petre Nakovski & Risto Stefov

e-Book Edition

Any similarity is by chance

******

November 16, 2014

******

Глава 1

Ѓорѓи, среброглав, ставит, префрли низ рамо дисаѓи што ги беше наполнил со пченица, се загледа пред себе во плодниот црнозем и очекори во меката земја. Само за миг погледна ту лево, ту десно, небаре ја мери нивата, зеде грст пченица и со тивка молитва и блазосување, како што правеле сејачите во сите преѓешни времиња, замавна и, подавајќи се напред со одмерени рамни чекори, отвори шепа и пред себе ги посеа првите зрна. Во раните утрински часови само се слушаше како зрната паѓаат во свежата ораница и повремено и дишењето на Ѓорѓи. Кога по третпат се сврте и стигна веќе до половина нива, Киро качен, на браната, го втера впрегнатиот севгар по трагите на Ѓорѓи.

На пладнина седнаа под благунот. Киро сврте опуљ кон лединката кадешто пасеа воловите и со глас во кој имаше пустовина рече:

- Го изоравме и го посеавме новиштето. Ама не знам дали е слатина, дали е ронатица... Ќе видиме кога ќе ја разводени дожд... За онаа нива таму знам дека е валта иако е орница, а онаа отаде скапецот е смолница...

Тој откина суво стебленце трева што ветрот го играше покрај буклето со вода и, откако изгрицка делче, сед одгласи низ нос:

- Да си напочинеме, а што ќе биде, ќе видиме, нели?

- Старите - рече Ѓорѓи, подигајќи очи - од секогаш велеле дека што ќе посееш, тоа ќе жнееш...

Киро посегна по буклето и, пред да се напие, возврати:

- Така е, ама и не е. Во овие лоши времиња во кои не знаеш што носи изгревот, а што носи заодот, никогаш не можеш да знаеш што ќе жнееш... Ете, ги посеавме зрната и верувај ми дека тоа воопшто не ме обнадежи. Така, не ме обнадежи, туку во мене се преточи некаква болка кога ги посипував со браната. Ми се чинеше дека посипувам нешто живо. - И, откако малку

помолча, тивко продолжи: - Располу ја посеавме нивата. Ваму црвенка-шесторедица, а онаму - црноклас...

- Зборуваш како да се моринки и прокобуваш небаре вака ќе трае времето вечнина...

- Глотеж и гламна - му се вмеша во зборот Киро - се деновите и ноќите на времево. Ете, уште малку и ќе заесени. А ова е второ орање... Памтиш ли по ланското орање кога се враќавме дома, а?

Ѓорѓи не ја заборави ланската есен кога се враќаа заедно од кај Вировите. Тогаш пред нив по прашлив полски трап воловарот ги тераше говедата кон селото. Киро и Ѓорѓи полека тапчејќи пред себе сменуваа понекој збор и кога наближија кај селската чешма видоа како откај селото, по удолнинката, слегуваат некои девојки со стомни в раце. До нивните уши допре весело пеење. Кога двајцата стигнаа до чешмата, девојките веќе ги полнеа стомните, се кикотеа, а едни бекари, пак со капите ставени накриво, ги задеваа и ги прскаа со вода. Во тревата, покрај патот, штурците се натпејуваа. Мали јата птици, што ги има на секој селски плет и на секое буниште, со низок лет прелетуваа кон своите дрвја чириликајќи без прекин. Подувна северникот и врз земјата падна првото освежување. Киро го пречекори поројот и и рече на една од девојките:

- Еј, калешо, ај, жити лепите очи, вежо гајтанлијо, дај да се напијам од стомната.

Девојката му ја подаде стомната смеејќи се. Киро ја позеде стомната и ја принесе под долгите мустаќи поцрвенети од тутунот. Водата клокотеше во неговото и во грлото на стомната и му течеше по брадата и вратот. Гркланот на Киро потскокнуваше при секоја голтка, а тоа најмногу ја смееше девојката.

- Дедо Киро, гледај да не се задавиш, - му дофрли еден од бекарите.

Откинувајќи ја стомната од уста, Киро со погледот го пронајде беќарот и, мрштејќи веѓа, просаска:

- Сут, ќелеш ниеден, - и, подавајќи му ја стомната на Ѓорѓи, му се оџвари на беќарот: - Кога човек пие вода и змијата не го гиба, а ти...Што си се размагарештил така, бре, пезевенк? Види го ти, неранимајко, место да работи нешто, тој тука ќе ги задева лепите чупи...

- Па се знае, дедо Киро, - се одгласи истиот - ти не си бил таков. Туку за тебе дури и во Костур се слушнало, велат, како си ја украл баба Мара и тоа од чешма.

Девојките удрија во смеа.

- Сут, жарајки ниедни, - викна Киро.

- Ама ти рече, а? - дофрли некој отстрана.

- Ми рече, ништо не ми рече. Е, па можев, та ја украдов, а не како вас, ќе се забам и ќе се лигавам со чупите.

- Ау! - писна калешата девојка кога забележа како нејзината долга и дебела црна плетенка кисне во водата. Таа бргу се исправи, а плетенката го испрска лицето на Киро.

Киро затрепка неколкупати и за миг остана со широко отворена уста. Нешто како да го жегна в срце. Ѓорѓи го потурна и тие без збор тргнаа угоре кон селото. Ама Киро не издржа, застана и тивко, одвај чујно, со сладост и чувство на вкус на одамна испиено слатко вино, рече:

- Ех, тие плетенки...

- Знам, знам... - со ист глас го пресече Ѓорѓи. - Сакаш да речеш дека со слична плетенка те врзала Мара засекогаш.

- Ме врза, ѓаволестата, ме врза. - Киро чувствуваше необично треперење во себе кога повремено му одеше од рака барем за миг да се врати во деновите на своите младини, да ја

почувствува топлината на тоа одамна поминато, ама секогаш трепетливо и сакано време, да се врати во тие незаборавни далнини и што се на светов не би дал такви мигови на спомнување да има се почесто. Во времињава на неговата старост, споменот што ретко доаѓаше како навраќање на далечно пеење и чувствување на вкус на одамна прежвакан речел, небаре го топлеше, го галеше и му се чинеше дека чекори бос по дебело валано веленце. За него животот се покажа жесток и крут. Како што велеше, господ не му подари челад, сиромаштијата го истера од татковата му стреа далеку преку големи води од каде и праќаше на Мара чекови, ама доцна се врати под новата стреа во која веќе не зачелади челад. А се врати во лошо време. Не успеа да го стопли новиот кревет што го донесе од Солун и утредента и него го подбраа на ангарија. Заедно со Ѓорѓи во триесет и деветтата ја сечеа шумата. Дабови дебели колку еден машки преграб паѓаа под секирите. Оголени од гранките, ги пренесуваа до ридот и ги префрлаа преку длабоко и широко ископаните ровови. Градеа бункери. Редици трупци, редици камен и земја. Од оваа иста дабова шума, есента, по востанието од илјада деветстотини и третата, пренесуваше исечени дабови стебла за да изградат селаните нови куќи во опожареното село. Селаните избираа, не сечеа се по ред. Ама пред да скрши солунскиот фронт до половина ја исекоа српските, француските и англиските војници. А тогаш, пред да удри Италијанецот, Гркот ги натера сите на ангарија и сечеа редум. На овие ридишта копаа ровови и градеа бункери и истураа крв сите војски, а ниедна не беше сакана. Овие шуми ги сечеа сите војски, а тие, како за инает, одново пуштаа ластари, растеа фиданите дабови покрај кои одминуваа мачно годините на Ѓорѓи и на Киро кои откако се замомчија се до женачка аргатуваа, печалеа во туѓо.

Откај чешмата се слушна истрел и само миг потоа се повторија и неколку други отаде селото. Младинците трчаница се враќаа откај чешмата, а зад нив трчаа војници. Кога Киро и Ѓорѓи стигнаа до првите куќи, видоа како од горното маало војниците ги тераат селаните накај сретсело.

На малиот мегдан пред црквата го собраа целото село. Командантот на жандармеријата, низок, дебел маж, со подуени

образи, застанат на највисокото скалило од црквените скали, со камшикот покажуваше кој треба да влезе во црквата. И, откако нареди да се заклучи вратата, се одгласи:

- Сметам дека не ме заборавивте од лани. Тогаш од ова место ви реков, во ова село од ничие грло да не се слушне друго зборување и друго пеење освен грчкото. А вие што сторивте? Продолживте по ваше. И не само тоа. Ами пушките што требаше да и ги вратите на власта, ги извадивте и пукавте по мирните луѓе кои вие погрдно и неодговорно ги викате Маџири. Точно е дека некои од нив беа заведени и тргнаа да пљачкосуваат по селата, ама тие веќе се казнети...

- Не е вистина, господине, - викна Кољо излегувајќи во кругот. - Ние и писмо пративме до префектот и целата работа остана само на ветување...

- Кое - го прекина командантот - е веќе исполнето. Туку јас - продолжи тој - не дојдов овде со моите луѓе само за да ве потсетам да зборувате на јазикот на кој е напишано нашето свето писмо, со кое се гордее нашата татковина, ами за да ве потсетам дека некои од вас се уште не ги предале пушките и денес треба да го сторат тоа. А ти, стари, врати се меѓу луѓето и не стој како попарен. Мене ми е јавено дека пред неколку дни во околината на селово се пукало по граничарите и по жандармите.

- Господин команданте, - се слушна слабникавиот глас на Кузе, кого во селото го викаат Кузе Гуштерот. - Тие што пукаа не се од нашето село. Велат дека тие се партизани.

Киро сврте лице кон Ѓорѓи и му рече тивко на уво:

- Овој, како и секогаш, пак претера. Жив не е ако не рече нешто.

- Бандити! - викна од горе жандармерискиот поручник!

- Нека е и така, господин команданте, - потулено се согласи Кузе - ама не се од нашето село.

Поручникот брзешкум се стрча по скалите, го извлече Кузе среде мегдан и, гледајќи го в очи, просаска:

- Не се, велиш, од вашето село? А од каде знаеш дека не се? Од каде се?

Кузе си ја прибра главата во рамената и во себе почна да го проколнува мигот кога му текна да изусти збор. Сакаше да рече нешто, но десната тупаница на поручникот го погоди в нос. Кузе ситно зачекори назад и падна. Од неговите усни бликна крв. Поручникот му удри уште неколку клоци, му врза жестоки камшици по грбот и главата и пак се качи на највисокото скалило. На негов знак, неколку жандарми се нафрлија врз толпата и, удирајќи со стапови, ги притегнаа луѓето под ѕидот.

Селскиот кмет, гркоман по дедото, му се доближи на поручникот и нешто почна да му шепоти.

- Луѓе! - викна поручникот. - До нова наредба не смее никој да го напушти селото. Оној што ќе го направи тоа, ќе биде стрелан на самото место. Сега одете си по дома и не излегувајте се додека не ве повикам.

Поручникот влезе во црквата и од ливче хартија ги прочита презимињата на дванаесет мажи. Меѓу нив беше и Васил, единствениот син на Ѓорѓи.

- Тие што не си го слушнаа името и презимето, можат да си одат дома. А ти, - му се обрати на еден од жандармите - оди и доведи го оној што го натепав. А со вас - покажа тој кон мажите - ќе разговарам утре.

Сослушувањето почна взори.

- Од тебе да почнеме, - покажа поручникот на младиот Васил. - Доближи се. Имаш ли пушка?

- Немам.

- Кој од селаните има?

- Не знам.

Шлаканица. Фучење на камшикот, Удирање со стап.

- Вистина ли е дека им помагаш на бандитите или, како што ги викате вие, славофоните, - партизаните?

- Лага е.

Тупаницата што падна врз главата на Васил тапо одекна и тој се најде под царските порти на олтарот. Кога се подигна, поручникот го праша:

- Што си ти - Грк или Бугарин?

- Не сум ни едното ни другото, - и, откако со ракавот си ја избриша крвта што му течеше од расечената долна усна, рече: - во нашето село, господине, нема и никогаш немало ни Бугари ни Грци. Има само понекој гркоман. Тука си живееме само Македонци...

Од кундакот што го погори в стомак, му пресекна гласот.

Поручникот се сврте и на двајцата жандарми, што дотогаш стоеја настрана, им рече:

- Ајде, сега вам ви е редот.

Тие полека му се доближија на Васил и почнаа да го соблекуваат. Го исправија гол и го врзаа за колоната до царската порта на олтарот, а потоа турија вода во крштелницата и почнаа да ги наводенуваат ортомите. По првите удари со ортомите од кои прскаше вода и од кои на плеќите на Васил остануваа црвени расеченици и крвјосани линии, Васил се пресече во колената. Во црквата се слушаше само неговото придушено стенкање и тапите удари на водените ортоми. Удираа небаре со наслада и кога во црквата се слушна испреченото викање на Васил во кое имаше само болка и кога во неговите очи се гледаше само ужас, тогаш тој, премален и

папсан, навали глава на рамо, гласот му стивна и така оболен и сокапан, нависна на колоната. Истурија врз него кофа вода и, откако малку се прибра, поручникот го праша:

- Е, ќе зборуваш или да продолжиме, а?

- Ништо не знам, - тивко рече Васил без молење во гласот.

- И велиш дека не си Грк?

- И Бугарин не сум и Грк не сум...

- Будала си!

- И тоа не сум, - просаска папсано Васил.

- Продолжете! - нареди поручникот.

Васил не ги издржа ударите што следуваа. Се онесвести. На командантот му се чинеше дека ќе го скрши и ќе го натера да моли да не го тепаат повеќе. Од грлото на Васил се откинуваа само ‘ркања, стенкања и понекоја пцост. Мускулите му потскокнуваа. Еден од жандармите брзешкум извади шамиче од џебот и си ја избриша потта од челото.

- Доста! - нареди командантот и му се доближа на Кузе. - А ти, што ќе ни кажеш? - Прosирно и упорно се заглда тој во исплашените очи на Кузе. - Зборувај!

На Кузе како да му се загуби гласог. Одвај изд’тка:

- Јас ништо не знам...

- По истата постапка! - викна поручникот.

Кузе, не чекајќи да го срамотат, почна сам да си ја соблекува фанелата, а потоа кошулата.

- Не, не тоа. Спушти ги панталоните...

- Ама, господине... - молеше Кузе.

- А ти, што? Да не си таков како и тој? – покажа поручникот на Васила.

- Јас, господин команданте, ако дозволите, јас сум... јас сум Кузе... Кузе, де... оној што понекогаш потсмешливо во селото го викаат и Гуштерот - пелтечеше со секнат глас Кузе... Па, ако дозволите, господине, - одолжуваше за да добие време - ако дозволите, тогаш јас ќе ви кажам дека во нашето село...

- Ти, Кузе... Така се викаш, нели? Ти мене само кажи ми што си: Бугарии или Грк?

- Бугарин сигурно не сум, а ако дозволите, господине, јас можам со ваша дозвола да признаам искрено и под заклетва дека Бугарин не сум...

- Браво! Тогаш си Грк!

Кузе си ја подголтна плунката, погледна над олтарот каде што се наоѓаше иконата со ликот на Богородица и, небаре пресекнато, рече:

- Господине, ако речам дека не сум Грк, тогаш овие покрај крштелницата - Кузе со глава покажа на жандармите - тие по ваша дозвола, господине, макајќи ги ортомите во крштalницата ќе ме престорат во Грк...

- Си или не си Грк?

- Со ваша дозвола, господине, јас Кузе, Кузе Гуштерот, јас сум Грк...

Пред очите на Кузе закружија ѕвездички. Ненадејна беше тупаницата што го погоди в очи. Кога се созеде и виде како оние со ортомите му се доближуваат , со молежлив глас праша:

- Ваше благородие, зар не беше доволно она што пред малку го добив пред црквата, па сега е потребно и овие да ме шијат со ортомите?

- Ако одговориш на прашањата, тогаш ќе си одиш дома без да те допрат.

Командантот пред неговите очи одвиткуваше ливче во кое, покрај Кузевото име и презиме, стоеше: "Во 1942 година тој отиде во Битола да ги пречека Бугарите".

- Велиш дека и Бугарин не си, а? - му се вдаде в лице поручникот.

- А, што се однесува до тоа, тоа не - мирно рече Кузе.

- А кој отиде во Битола да ги пречекува Бугарите?

"Ах, кмету, пезевенку, мамето твое оросниино" - опцу Кузе во духот.

Кузе си ја голтна плунката и се потсети како далеку од Битола го сретна бугарска патрола и поради тоа што во џебот му најде стара грчка лична карта, многу неблагородно го претепаа во битолскиот затвор.

Кузе го погледна поручникот в очи, а кога а забележа дека тој го гледа потсмешливо, сврте опуљ накај кметот и го погледна со презир во очите. Потоа рече:

- Тогаш јас, господине, отидов во Битола да купувам свињи, а не да ги чекам Бугарите...

- А зошто во четириесет и третата те тепаа Италијанците? Слушнав дека и тогаш си им помогал на комунистите...

- Италијанците ме тепаа затоа што им продадов болна кокошка.
- Тупаницата што ја доби в лице, му ја замати свеста. По втората тупаница Кузе со веќе патечениот јазик прво си ги

лизна усните, потоа го поврте во устата и под нозете на поручникот исплука два заба.

- А што правиш ти воопшто во селово? – праша поручникот.

Кузе полека се созеде и со глас на испосник рече:

- Јас? Па, ете, според милоста божја, поставен сум за клисар. А освен тоа, јас, господине, јас сум писмен по грчко писмо, па на селаните им ги читам владините весници и наредби...

- И комунистичките летоци... - го пресече поручникот. - А си им ја прочитал владината наредба за неодложно предавање на оружјето?

- Како да не, и тоа два пати, - отсечно одговори Кузе. - Само што јас не сум толку писмен за такви работи што се пишувани на катаревуса. Колку што знам, кметот тоа дополнително го објаснуваше...

- Така ли е, господине кмету?

Кметот погледна кон олтарот, потоа во таванот и се премести.

- Него не прашувајте го, - рече Кузе. - Тој не знае грчко писмо. Сосем е неписмен.

Поручникот се загледа во лицето на кметот и потивко просаска:

- Гниди сте вие. И ти, кмету. А за тебе се зборува дека си ги бунтувал селаните.

- Јас ли? Господе мили, што слушам?

- Да, да. Велат дека ти, качен на своето црно магаре, си викал удрете по Маџирите - пљачкаџии. Така ли беше?

- Така беше, и викав, и тоа гласно. И вие би викале по арамии ако ви влезат дома, нели? А за оружје ништо не знам...

Жандармите ги исфрлија пред црквата претепаните мажи. Роднините ги прибираа и ги носеа дома. Ѓорѓи заедно со Киро го стави Васила на една черга и го донесоа дома сокапан. Се чинеше дека во него нема живот. Ѓорѓевица, расплакана, се вртеше околу него, му ги миеше раните и ја молеше Богородица да и прозбори синот.

- Доста, жено! - и подвикна Ѓорѓи - туку зафати се со толчење кромид. Јас ќе одам на пасиште да го заколам овенот. Треба во кожа да го завиткаме.

И запамти Ѓорѓи - и сите луѓе од селото - уште два теглилни чемера од ланската есен.

Само три недели подоцна, во ноќните часови стигна потера. На портата на Ѓорѓи силно удираа вооружени луѓе. Ѓорѓи го подигна тешкиот лост, го стави настрана и, кога отвори, пред неговите очи блеснаа штикови.

- Сите пред црквата! - му подвикна едниот и веднаш праша: - Ноќева ли некој туѓ во твојата куќа?

- Не, само свои, нема туѓи, - рече Ѓорѓи.

- Тогаш викај ги сите и на собир пред црквата, ама бргу!

Камбаната биеше и како да му немаше крај на биењето. Во долното маало се слушна долг автоматски рафал. Се слушна писклив женски глас. Над шумичката крај селото вивна во небото ракета и го осветли местото. Се слушнаа гласови: - Ене го како бега! И потоа истрели.

На двете страни од црквениот трем војниците поставија по еден пушкомитралез. Окото на цевките гледаше во толпата, а во црквата - тепаа. Една жена се откина од толпата и со брзи чекори се втурна кон црквената порта. Беше Митровица. Мајка му на Ване. Пред неа се исправи наредник. Таа го фати за раменатa и, тресејќи го, викаше:

- Не, не смеете него да го тепате! Не смеете да го тепате, семето да ви се сотре. Татко му загина во Мала Азија. На Али Веран му гнијат коските! Не тепајте ми го Ване! Тој е син на мајор, јас примам државна пара за загинат маж-мајор, разбирате ли?

Наредникот со широк замав ја тресна Митровица и ја истурка низ скалите. Во тој миг се отвори црквената врата и двајца војници на раце носеа жена. Ја ставија на скалите и се вратија. Од под нејзината глава потече поројче крв и протече по скалите делејќи го правот. Поројчето се издолжуваше, се шириш, се стеснуваше, забавуваше, создаваше баричка и, откако го наполнуваше местото, потекуваше надолу. Некој викна:

- Ја убија Тинка!

Селаните, збиени еден до друг, молчаливо тргнаа накај скалите. Имаа крвјосани очи и на лицата им се гледаше омраза и жед за одмазда. Водникот подигна рака, одеднаш ја спушти и над селаните зафрчеа куршуми. Заграгорија двата пушкомитралеза. Потоа тишина. Мирис на барут. Откај црквата допираа болни стенкања и удирања. Црквената врата се отвори и трчаница, но со разнишан чекор, излезе Донка, свиткана, брзо слезе по скалите. Еден од војниците го впери штикот во нејзините гради. Таа само за миг подзастана, го погледна в очи, а потоа со силен замав го удри в лице. Разјарените војници ја соборија и ја толчеа со војничките чевли и со кундаците. Кратко потоа од црквата го исфрлија и папсаното тело на Донка - калешата чупа. А попладнето потерата го напушти селото и со себе поведе петмина мажи. Најстар од нив беше Ставро. Жена му, трпејќи ги ударите, го држеше својот Ставро и, редејќи, викаше на сет глас. Двајца војници насилно успеаја да ја откинат и ја фрлија во ендекот. А таа со расплетена коса, клечејќи, подаде раце пред себе, кон својот маж, молеше да и го остават.

Ставро забави чекор само за миг, се сврте и во толпата ги виде своите - Ленка и Панде. Не плачеа. Имаа намрштени веѓи и молскавици во очите. Ставро ја побара со погледот и жена си и и рече:

- Чувај ги Ленка и Панде, - само толку успеа да и рече. Само тој аманет и остана на Ставровица од нејзиниот маж на збогување. И оттогаш таа повеќе не му го слушна гласот.

Утредента, взори, говедарот дотрча во селото и кажа дека Маџирите и војската ги заклале петтемина и ги закопале на лединката до старото крајпатно црквиче.

Не подалеку од старите тристагодишни дабови, лединка, а до неа старо словенско крајпатно црквуле и малку потаму пет купови свежа земја изгазена од војнички чевли и селски маџирски опинци. Под еден од куповите лежи Ставро. Се собираат селаните, редат, се прекрстуваат и палат свеќи. Пет огништа од свеќи. И само толку тие ќе имаат, тие заклани скраја од дебелите дабови сенки и закопани до старото црквуле, тие селски, недоучени, недољубени, жедни за ведрина и насмевка без камшик, мајчини непрежалени деца... Крик - жалосен и тажен, крик болежлив, теглилен и крик на загубено пиле, крик-проколнување и лелек над старите гробишта...

Ставровица многу свеќи изгоре, молејќи се пред купот црни камења за спокојството на душата на Ставро. Бие метании пред мртвилото што лежи под нејзините колена. Сонцето заоѓа и со своите последни зраци ја издолжува нејзината подгрбавена сенка. Таа ги пали свеките што гаснат при секое посилно пркање на ветрот и одново се моли под студената светлина на месечината. Во очите што и тонат во солзи одблеснува бледата светлина на свеќите. Со глас што се губи во непрестајното редење и лелекање, со изнемоштен и папсан шепот, таа го изговара името на својот Ставро кој беше сакан маж и татко и добар сејач на плодни зрна.

Се раздени. И луѓето со наведнати глави и со распарани гради од болни воздишки, натажени и оболени, се враќаат во селото. На лединката остануваат пет купови свежа земја и многу растреперени пламенчиња. Покрај нив остана стариот посивен и немоќен поп Васил. Во текот на денот тој неколкупати ја удираше камбаната на "мртво" за да ги потсетува, според стариот обичај, живите, дека се уште трае болката и боли тагата...

А спроти Митровден, ноќта, мажите ги откопаа пушките и долго, до првите петли, ги чистат ги бројат фишеците. Ѓорѓевица, полавајќи му на Васила масло, молбено му рече:

- Синко, само ти, еден на мајка, ми остана... Само ти... И да ти речам не оди, знам дека нема да ме послушаш. Ама послушај барем за едно: чувај се корен на мајка... чувај се...

Васил ја погледна благо, се насмевна со крајот од усните и, без да рече збор, ја гушна. Меѓу неговото и мајкиното лице потекоа солзи. На Ѓорѓевица мачно и тешко и беше што, ете, и последниот оди. Таа полека се ослободи од неговата прегратка и тивко, бришејќи си ги солзите, продума:

- Ќе одиш, синко, и ќе нема кој да ме однесе на гробишта и да ми фрли грст земја, Ете, двајцата со татко ти ќе си останеме... - Полека стана, слезе во ќералот, оттаму се врати со нешто завиткано во крпа. Се доближи да Васила и, стоејќи покрај него, одвај чујно прозборе:

- На Локвата, синко, загина татко ми, твојот дедо. Само ова ми остана како спомен од него. - Таа ја одвитка крпата. Ѓорѓи го зеде од нејзините раце нагантот, го измери в рака и, подавајќи му го на Васила, прошепоти:

- Ова е од дедо ти и немој да го засрамиш... и господ да даде ти на своите внуци никогаш такви работи да не им оставаш за спомен...

- На Локвата, - повтори Васил со растреперен глас. - На Локвата - рече. Знаеше за битката на Локвата и Вињари од раскажувањата на постарите, од кажувањата на мајка му и татко му. Пред три години и тој беше на големиот помен каде што се собраа костурчани. Старите ги бакнуваа камењата, а младите се колнеа со стегнати срца. И пееја песни што се пееле во времето пред битката на Локвата и Вињари и по неа и тие ги обнадежуваа и охрабруваа.

Ѓорѓевица се сврте кон иконата што од дамнини висеше во ќошот, се прекрсти и почна да шепоти молитви. Од оваа куќа никој не излезе без благослов и никој не го засрами овој сој. Така беше од дедовина.

На разденување шестмина мажи со нарамени пушки се упатија накај планината.

За овие и за други чемери од ланската есен - 1946-намнисуваше Ѓорѓи седнат скрснозе и облактен на десното колено полека, со наслада чиниш, повлекува од чибукот; чадот од сертиот тутун му истиснува солзи од очите.

Киро подигна очи, погледна кон младата шума и полека, небаре тоа беше секојдневна работа, рече:

- Е, брате, ова наше место при секој изгрев на сонцето го газат едни војници, а при секој залез - други.

Откај младата шума се зададе колона и тргна право по ораницата. Под поткованите војнички чевли уште подлабоко се вгнетуваа во земјата тукушто посеаните пченични зрна. Еден дел од партизанската колона се отцепи и фати пат за накај Фалцата.

- Врвеж ни стана местово, - воздивнувајќи рече Киро. - Утре ќе поминат низ овие ниви мажи со други знаци и уште повеќе ќе ги изгазат зрната, ќе ги испоганат никулците...

Главнината на колоната сврте кон селото.

- Гледам, - изусти Ѓорѓи - туку ајде да ги досееме зрната.

- За кого? - праша Киро. - Втора есен веќе се бие бојот, а крајот некако го нема. Пролетта ги собраа машките, па и некој невтасан за пушка. Останавме ние старците и жените. Таа затоа те прашувам - ако оди така, за кого ги сееме зрната, Ѓорѓи?

- За нас, - рече Ѓорѓи без да го погледне - и лани така ми велеше, ама виде колкави вравови исповршивме. - И со широк

замав тој ги фрла зрната пред себе, чекори со раширен чекор. Неговата лева избраздена и со плускавци набабрена дланка се полни со зрна и со исто непроменливо движење - кон себе, потоа од себе, широко настрана - лево и на враќање - десно, се отвора и летат пред него зрна, се позлатуваат уште повеќе кога врз нив само за миг легнува сончевиот зрак и паѓаат во земјата.

- За кого!? Пак го слушна нестрпливиот глас на Киро.

Без да се сврти рече гласно:

- Ако не за живите брате, нека има пченица за душите!...

Кога на свечерување се враќаа во селото, слушнаа песни. Партизански. На малиот мегдан пред црквата партизаните пееја и играа. А во текот на ноќта, партизанскиот одред изврши втора мобилизација. Ги собраа и чупите. Мајките и невестите, стоејќи настрана, плачеа. Плачеа и мобилизираните девојки. Плачеше и Донка, калешата чупа, која ланската есен со својата дебела црна плетенка, таму, крај селската чешма, го испрска Киро и го врати во неговите младини.

Селото го дочека утрото без младина. Останаа вдовиците, жените во години и доилките, старците и децата.

Глава 2

Потпрен на перницата наполнета со слама и загледан во огнот, Ѓорѓи седеше дома покрај огништето. Гледаше во пламенот кој небаре со црвени јазичиња ги лижеше сувите дрва, ги зафаќаше и ги прегрнуваше, ги облекуваше во црвеникавожолта боја и се разигруваше над нив. Топлината полека се шириеше по одајата. Во ѓумчето, обесено на ченгел, зовре водата. Тивкото клокотење и пријатната топлина што се шириеше од огништето тераа на спиење, а телото, веќе стоплено, се опушташе и надоаѓаше дремката. Ѓорѓи, за да не заспие, го извади ќесето, од џебот и полека, со бавни движења на прстите, го одврза и го извади чибукот. Со двата прста од левата рака го наполни со тутун. Од огништето со машата зеде жарче и, допирајќи го на добро нагнетениот тутун, повлече. Чадот, првин одвај видлив, се засилуваше и Ѓорѓи почна да испушта од крајот на усните и низ носот крукчиња чад. Почувствува некакво олеснување и смирување. Поудобно се навали на перницата, рацете си ги стави под глава и спружи нозе. Пушеше замислено и наслушуваше како надвор по убавиот ден се засилуваше северецот и како фрлаше врз џамот понекоја капка. “Добро е што посеавме денес”, - помисли. Ама во овој миг тој со умот беше далеку и од ветрот и од нивите. Па дури и тоа што сега би можело да го оттргне сигурно не би можело да го откине од едно прашање со кое и го почнуваше и го завршуваше денот, кое висеше над се што правеше, кое му беше и сон и мора и на кое не можеше да си најде одговор. “Каде ли може да е сега Васил?” - се вметнуваше тоа прашање во секој миг на неговото живеење. Поради тоа животот му беше снемилен. Се му се чинеше дека ништо не вреди штом не може ништо да дознае за сина си.

- Што мислиш ... Каде ли може да се наоѓа сега Васил наш?

Ѓорѓевица се поднамести, го остави плетилото. Клопчето се растркала по подот. Мачката скокна од под нозете на Ѓорѓи и почна да си игра со него. Ѓорѓевица скрсти раце на градите и наведна глава. И место одговор, таа безгласно, сосема тивко заплака. Ѓорѓи тоа не го забележа, ама кога слушна како таа шмркна, се поднамести. Самиот сега почувствува дека

прашањето и нанесе болка. Подигна глава повисоко и виде како по избразденото лице на неговата Лина две светликави капки полека се тркалаат, оставајќи зад себе влажни врвици.

- Бре! - се налути Ѓорѓи, а таа се стресе и почна да си гн брише солзите со крајчето од црната шамија. - Будала жена! Јас, ете, само така, од мака и за олеснување на душата, ја прашувам, а таа ми липа!

Лина го погледна како да е виновна и ги спушти очите. Ѓорѓи почувствува како него самиот да го шибна нешто. Нему му се чинеше дека ја навреди, зашто, клетата, самата истото го доживуваше, истото ја измачуваше, и нејзе и беше тешко, “Добро, - си мисли таа - тебе, мажу можеби полесно тие зашто си маж, а мене ми е тешко, многу ми е тешко и само затоа ми течат несакана солзите”. Самиот разбра дека со своето прекорување ја навреди, и нанесе болка и добро знаеше дека солзите и се солзи болесници, та затоа и се обрати со помек глас:

- Престани жено. Тоа, не ти чини. Сигурно детето ни е здраво и ќе ни дојде. Ќе дојде да не види. Памтиш, нели? Уф, каква зима беше, какви ветришта дуваа, каков висок снег. А пред тоа, - развлечено и со сладост почна стариот да ги ниже спомените - во листокап, кога за прв пат ни дојде откако отиде, лозата уште имаше грозје... Знаеш, жено, уште поубаво ќе биде кога пак ќе ни дојде. Дека тоа ќе биде сега бргу, јас не верувам. Слушаш како се пука по планињето и по Костурско Поле. Велат дека се водат тешки борби. Ама некаде пред Василица, сигурен сум дека синот ќе дојде. Тогаш пак ќе ги поканиме сите комшии, гозба ќе направиме... а масата ќе ја покриеш бело. Да не заборавиш; бело да ја покриеш... Ќе го ставиш на неа ланското вино и позлатените склоени чаши. И ти ќе видиш тогаш, ако јас не ја запеам најкомитската од сите комитски, да не дочекам вечера, камен наместо да се сторам. Ѓорѓи да не ме викнеш, - вели Ѓорѓи смеејќи се и уште еднаш се заколнува. Луѓето во своето бессилие веруваат во маѓиите и клетвите како во нешто што постои навистина.

Ѓорѓевица, занесена, не го слушаше. И таа си имаше свој начин како да го пречека синот. Ама што може сега, кога никој не им донесе ниту еден збор здраво-живо од Васил. Таа стана, се доближи да прозорчето, го отвори и се загледа во мракот. Надвор веќе ветрот престана да лудува и врнеше дожд.

Ѓорѓи, мислејќи дека таа пак ќе почне да плаче, се исправи и застана покрај неа. Со едната рака се потпре на ѕидот и се загледа во мракот. Двајцата стоеја и гледаа.

А оттаму, прво замаглена, бледа и морничава, почна да се извлекува друга, еднаш преживеана, еднаш стигната, ама никогаш неодмината слика и болка.

... Надвор паѓаше густ, влажен, тежок снег и безмилосно стенкаше северецот. Крупните снегулки паѓаа една врз друга и за кусо време ги покриваа со бел покривач длабоко во снегот оставените траги. Ветрот неколку часови беснееше и се чинеше дека нема да стивне. Насилум го собираше снегот од еден покрив и како облак налутено и бесно го вртеше и го удираше од ѕидовите на селските куќи. Мракот стануваше се погуст. Само гранките на сувата круша во дворот што ја имаше посадено Ѓорѓи уште кога беше дете, поткрцнуваа, му се противставуваа на ветрот. Ништо не претскажуваше дека ќе престане невремето. Низ селската улица помина колона коњи товарени со сандаци. Ветрот им вееше снег право в очи и неколкуте луѓе што ги тераа свртуваа лица или ги заштитуваа со јаките од шинелите. Селските кучиња се разлаја и некој викна во мракот. Луѓето со коњите се оддалечија, а снегот брзо ги посипуваше нивните траги. Лаежот се изгуби во невремето. Ветрот стенкаше по селските оџаци. Ту се смируваше, ту се засилуваше. Дури некаде доцна во ноќта малку се смири. Ѓорѓи стоеше со челото навалено на прозорското стакло. Само местото што го стоплуваше со своето дишење беше влажно, а кога дувнуваше постуден ветар, се замаглуваше, ама топлиот бран воздух измешан со мирис на серт тутун не дозволуваше да остане замаглен. Ѓорѓи не можеше да се оддалечи од прозорчето и стоеше како да беше закован за него. Така некогаш дуваше ветрот кога тој заедно со Киро патуваше со воз низ Канада. Таму беше постудено. Од прозорските стакла

ништо не се гледаше. Мразот со дебел пласт беше залепен за нив, а снегот се напластуваше врз него.

Долгото стоење го измори. Полека почна да го фаќа дремка и очните капаци се повеќе му тежеа. Ѓорѓи полека се оддалечи од прозорчето и се упати кон својата постела. Тукушто сакаше да си легне, на вратата се слушна тропање и викање.

- Ѓорѓи... Ѓорѓи... Отвори!...

Откако и рече на Ѓорѓевица да ја запали ламбата, тој тргна накај дворот за да отвори. Непознатиот глас нетрпеливо тропаше и викаше да му отворат.

Ѓорѓи се доближи до портата и го подигна дабовиот лост.

- Кој е?

- Отвори, не плаши се- замоли непознатиот.

Ѓорѓи го симна лостот, ја отклучи портата и ја отвори колку за да може во отворот дојденецот да си ја стави само главата. Пред себе виде како неколку луѓе, облечени во воени униформи, небричени, со изморени и замрзнати лица, стоеја до колена во длабокиот снег. Студениот ветар го удри в лице. Малку потаму од војниците, на носилка, некој лежеше покриен со војничко ќебе.

- Што барате? - праша вознемирено Ѓорѓи.

Еден од нив со глава покажа на носилката.

- Што е тоа?

- Ете, - прозбори истиот - Наум, син ти, го донесовме...

Ѓорѓи, кој знаеше дека Наум се наоѓа на албанскиот фронт, не се надеваше дека вака ќе го дочека. Знаеше добро дека се водеа тешки борби и дека се поужасни вести кружеа за загинатите. Затоа, кога слушна дека на носилката лежи неговиот Наум,

најстариот син, првин се стресе, а потоа, откако му прође лошата мисла, праша:

- Болен е или ранет?

Молк. Војниците чувствуваа како доаѓа бурата на болката.

- Ранет ли е? - пак праша со скршен глас Ѓорѓи.

- Да... тоа е, - тешко проговори истиот - беше... ама по пат...

Ѓорѓи сфати. Нозете му се подзедоа под колената, зачекори, ама немаше сила да оди натаму. Еден од нив го придржа. Ѓорѓи се исправи, потоа се наведна и се фрли врз носилката. Почна да липа. Војниците ги симнаа капите, малку постојаа и си заминаа.

На Ѓорѓевица, која дури сега ја запали ламбата, кога слушна како Ѓорѓи надвор лелека срцето и замре и сфати дека се случило нешто лошо. Брзешкум излезе од дома. Се најде на улица и се струполи врз телото на мртвиот син.

Снегот одамна ги покри трагите на оние што го донесоа телото на Наум; одамна врз Ѓорѓи и Ѓорѓевица нарасна дебел пласт снег. Утрината, исплашени, излегуваа луѓето од своите домови и се собираа пред куќата на Ѓорѓевци. И ниту еден од нив не остана без солзи во очите. Плачеа заедно со нив и мислеа на своите најблиски што се биеја со Италијанците по планините на Албанија. Откај исток наидуваа тешки сиви облаци. Пак почна да паѓа снег. Замрзнатото тело на Наум го внесоа дома. Ѓорѓи седна од десната страна, и, обидувајќи се да го наполни чибукот, го ронеше тутунот на подот. Влегуваа луѓето, палеа свеќи, ги забодуваа во брашното во големата чинија, се прекрстуваа и им правеа место на другите што доаѓаа да се простат од Наум. Старците поткашлуваа, воздивнуваа, потпивнуваа од ракијата и велеа “Бог да го прости!”. Покрај главата на Наум седеше Ѓорѓевица. Липаше, ама солзи веќе немаше. Кога влезе, носеше голема запалена свеќа и уште пред да седне, коленичејќи, му ја стави на Наума во скрстените раце, гласно редејќи. Се до вчера таа се надеваше, и многупати сонуваше, дека со оваа свеќа таа ќе го благослови својот

првороден кога ќе ја внесе низ прагот невестата. Не дочека Ѓорѓевица невеста. Мирисот на свеќите ја наполни гостинската одаја.

Две ноќи и два дена Ѓорѓевци и нивните роднини го оплакуваа убиениот Наум. Киро, давајќи му кураж на Ѓорѓи, најчесто повторуваше:

- Парабрат, господ нека му прости и земјата нека му е лесна. И сполај на севишниот што не го остави да лежи таму некаде по планињето, ами го врати да си лежи меѓу своите... Не очајувај толку, де. Имаш уште двајца, - тој покажа на Доне и на Васил. - Нека ти се живи тие и тебе господ здравје да ти даде...

На погребот Ѓорѓи одеше како да немаше душа и како да не постоеше за него ништо. Под раце го држеа синовите. Луѓето не можеа да ги откинат од гробот ниту него ни Ѓорѓевица...

Полека, ама забележливо, со помош на новите настани, болката на Ѓорѓевци почна да ја лекува времето. По планините, откако дојдоа Италијанецот и Германецот, излегуваа првите партизани. А дојденците веќе не се чувствуваа толку слободни како што беше во првите дни. Стравот од нив брзо помина, а и нов дух пламна. Пролетта 1942 кога Ѓорѓи, зафатен со работите околу нивите и бавчите и колку што почна одвај видливо да се насменува по ударот што го снајде, во планина отиде и Доне. Ѓорѓи не сакаше да го спречува. И кога Доне на нзлегување му рече:- Татко, јас одам да ја земам крвта на братот, - тогаш Ѓорѓи го фати за јака и му просаска во очи:

- Не те подигнав за крвопиец. Крвта остави им ја на дивјаците. Ние имаме подруга жила... и помисли дали си сигурен дека со тие што те повикале и на кои ти си им поверувал го избравте најдоброто или најлошото време? Знам, туѓинецот нема што да бара тука, ама ние си бараме и нешто што долго го бараме. Дали намерите и стремежите нема да пропаднат само во локви крв? Размисли, синко, зашто угорнините и удолнините не се фаќаат само со еден чекор и само со една капка крв. Лесно е да се рече: “Ке одам”. Ама зошто? Дали си помислил зошто? И дедо ти по мајка, и дедо ти по татко, ги однесе бурата. Од татко

ми остана само неговото име врежано на стеблото на една дебела бука. Памтиш? Наум наш, синко, како што рече дедо ти Киро, не остана во албанските планини, ами судбината сакала да го врати и под нашето небо да го положи да почива. Нашето семе, синко, никогаш не сакаше во дворот да му влезе човек што има лоши намери. Кременарката што виси на sидот виси од дедовини, ама знаеше да припука кога туѓинецот се обидувал да влезе во нашиот двор. А најмногу пукала кога андартите дошле во селото. Дедо Наум со неа погодувал в чело. На туѓинецот удри му само в чело... И повеќе да не слушнам за некоја крв... И велам, пак де, дека угорнините и удолнините не се фаќаат со еден чекор и со една издишка. И ова не заборавај го...

Доне отиде. Пушка никому не побара. Сам ја најде кога грчката војска наврапито бегаше. Еден војник тогаш го праша: “Ej, ти, селанче, од каде води патот за Грција?” А Доне, без да одолжува, му рече: - Ги гледаш планините онаму далеку? Е, штом ќе ги поминеш, тогаш ќе видиш уште едни и тогаш брзај да ги фатиш. Зад нив е Грција. Војниците ги фрлаа пушките и итаа да ги фатат планините што им ги покажа Доне, а на Доне тие планини му ги покажаа дедо Киро, кој знаеше итро да рече: “Оттука дотука е наше. Од онде, натаму е туѓо. А штом не е наше, ти таму немој дури ни да sуриш. А таму каде што е наше не дозволувај му на друг да мрдне”.

Доне со пушка, пешки и тоа најчесто бос, гладен и вошлосан, ја прошетал Македонија, цел Епир и Тесалија. Бидејќи го туѓинецот, тој своите пријатели ги одбираше само по оружје. И секогаш велеше: “Брат ми е само тој што со мене го бие туѓинецот”. И во тие негови гладни и студени маршеви по Македонија и Епир имаше Доне заеднички спиења во влажни земјанки, пренесуваше Доне момчиња од Тесалија, од Румели и Пелопонез. И понекогаш меѓу нив препознаваше борци кои само пред неколку години доаѓале во неговото село и му велеле: - “Ти си вулгарос! Да молчиш и да не зборуваш на тој смрдлив јазик!”. И кога ги изнесуваше Доне така осакатени и одвај живи од бојното поле, не ги прашуваше зошто така зборуваа. Ама тие му се правдаа: - “Прости, пријателе, не лажеле, сееле во нас омраза кон вас што не го зборувате нашиот јазик. А ние, слепи, им верувавме, ама не само што им

верувавме, туку и бевме убедени дека вие сте диво племе.” А еден ден му се погоди на Доне да изнесува од ровот некој Тракиец. И Доне, сакајќи да го смири, му прозборе македонски. А тој се ококори и му се вџари: -“Ти, вулгарос”. Доне го остави, а тој викаше: “Помош!”. Потоа на партискиот состанок на четата му судеа на Доне затоа што го остави другарот од бојното поле.

По селата на Костурско се слушнало дека Доне станал комесар на батаљон. И некои му се лутеле зошто тој се уште дружи со ЕЛАС, а не се придружува кон Бригадата. Далеку беше Доне од настаните во Корештата и не знаеше дека Маркос, место да ги прати македонските дивизии во Атина да се бијат со Англичаните, ги распореди крај границата. Сакаше човекот да ја чува грчката држава што падна под гасеницата на англискиот тенк. А некои велеа: “Ех, да знаеше Доне, тогаш и тој би тргнал со Бригадата”. Не тргна.

Вториот син на Ѓорѓи загина некаде во Кожанско.

Ѓорѓи се затвори во себе, се отуѓи од луѓето. Не зборуваше со своите домашни. Неговите ниви останаа неизорани и непосеани. Бавчите неисплевени и неполеани. Трева бесцветница порасна во неговиот двор. Тој непрестајно седеше дома, а луѓето си мислеа, па и таков збор се пренесе низ селото, дека клетиот онеме и од болката што го удри се помрдна од умот. И пушти стариот брада сива и брчките што му се умножија на образот го направија многу постар отколку што му бележеа годините. По четириесетдневниот помен Ѓорѓи поткастри брада, здивна во себе, се подисправи и тргна да го бара гробот на Доне. Маките го подгрбавија, ама не го скршија. Себе си и на својата единствена Лина, најблагородното суштество што го имаше во тој миг покрај себе и кое знаеше не само да ги чувствува потребите и сакањата на домаќинот, ете , така таа го разбираше семејното огниште – да му услужува на домаќинот, а услугата, и покрај сите лични и мали и големи навреди за неа, како што ја учела мајка и, беа достоинството и гордоста на куќата. Со тоа, како што на младини и велеле родителите, секогаш ќе го чува домашното огниште. А нашинското огниште, и велеле најстарите, се чува само со

благороден чист образ. А и Ѓорѓи, секогаш поучен од својот татко, непрестајно велеше дека треба да се има само еден образ.

Сакаше двајцата синови, еден покрај друг да почиваат, како што велеше поп Васил - во вечниот дом – а потоа и тој, кога ќе му дојде крајот, како што велеше самиот, кога ќе посака господ, и тој да си легне покрај нив. Во цело Кожанско Ѓорѓи не остави непроодено село, непребарани и непрескокнати трапови и непреминати и истапчени патеки и врвици, трапови и ридови, ендеци и шумички и селски гробишта. Сите ги распрашуваше за тоа каде имало борби, кој и каде загинал и каде е закопан. И најде Ѓорѓи некој што знаел на кое место загинал таков и таков човек и со такво име и презиме, па му раскажа како се познавал со неговиот син и како се бореле заедно и како, дознавајќи дека е убиен, и самиот го барал неговото тело, ама не го нашол. Доне го разнесе топовска граната така што неговите другари не успеале дури ни парчињата од неговото тело да ги соберат во еден куп и во еден гроб да ги закопаат.

Ѓорѓи го откри местото каде што се водеше бојот. Долго стоеше таму. Низ прсти ја пресејуваше земјата, чиниш во неа бараше трага од својот род. А во селото се врати, носејќи со себе полна торба земја од ридот на кој загина неговиот Доне. А следниот ден, по неговото враќање, заедно со сите роднини и селаните и селскиот поп, отиде на гробиштата и покрај гробот на Наум тој сам ископа гроб и со сите почести што им се прават на покојните во мирни времиња, ја стави донесената земја в гроб. Сите плачеа и редеа, а потоа, кога се вратија дома, по сите адети седнаа крај трпеза и долго намнисуваа за Доне.

... Ѓорѓевица го фати за рака. Ѓорѓи се стресе и полека сврте поглед кон неа.

- Ајде, - му рече Ѓорѓевица со благ глас и галежливо, триејќи му ја раката, замоли: - Немој пак да почнуваш. Очите си ги истуривме во мракот.

Ѓорѓи послушно тргна по неа накај наместената софра и, бришејќи си го испотеното чело, ја повтори мислата на Ѓорѓевица:

. - Така е, истуривме очи во мракот... Мракот ни ја донесе најголемата болка и сега пак гледаме во него.

Седнаа крај софрата и молчешкум во домашната тишина ја голтаа маката. И тогаш кај нив, макаршто со години се заедно, секогаш се појавуваше чувството на осама. Зашто, откако им загинаа двајцата синови и откако и Васил отиде во шумата, во нивната куќа чиниш завладеаја болката, осамата, разочарувањето и очајот. Ама тоа така само се чинеше. Ѓорѓи уште од дете беше жилав и во работата го гледаше начинот да се остане и натаму жилав. И им веруваше на кажувањата на својот дедо, дека во куќа во која ќе престане да гори оган во огништето, да чади чад од оџакот и во двор во кој расте трева бесцветница и плевел ја разјадуваат земјата - таму влегува несреќата, судбината се нафрлува со сето свое зло и животот почнува да овенува се до изгинување.

Откако вечераа, Ѓорѓи седна покрај огништето, фрли во него неколку цепеници, го засили и откако вивнатиот пламен ја осветли одајата, си ги спружи нозете и го запали чибукот. Мирис на запалено дабово дрво и мирис на серт тутун и топлина што тера на дремка. И од оваа топлина и разиграниот пламен во огништето блика желба да се живее, да се верува, да се протера осамата. Во домашната тишина трештат во огништето дабовите цепеници, тивко татни пламенот над нив и во полуосветлената одаја ја наголемува подвиената сенка на Ѓорѓевица што ја подготвува постелата.

- Ајде, стопану...

Ѓорѓи го чукна чибукот од каменот што беше ставен покрај огништето и стана. Откако се стокми за спиење, се сврте кон иконата и, крстејќи се, тивко прошепоти:

- Господе, ако постоиш, биди милостив. Помилуј ги Нуме и Ване и чувај го Васил мој, господе семоќен...

- Амин, - се слушна тивко гласот на Ѓорѓевица, која клечеше зал Ѓорѓи и се молеше.

Надвор лудуваше ветрот и врнеше дожд. Гранките на старата круша крцкаа под напорот на ветрот. Дебели капки вода удираа на прозорецот, а одлепената ламарина, нишана од ветерот, удира по ѕидот. Во огништето трештат непосипаните оглени, полека се губи во мракот окото на гламничето што го посипува пепел. Стариот лежи неподвижен, тивко, одвај чујно воздивнува и мисли. Старечкото изморено и растревожено срце болно тупка во градите. “Кој знае - мислеше стариот - каде е сега, каде мрзне, каде го јаде ветрот и дождот, дали е сит или гладен, бос или обуен, тој, Васил мој?”

И кога лудо, болно и тапо, како за инает, се ближеше мислата дека и него, последната рожба, радост и поткрепа може да го голтне лошата судбина, тогаш Ѓорѓи се помрдна, замавна со обете раце како да ги тераше сенилото и лудата мисла во неврат. Старата, која исто така не ја фаќаше сон, праша:

- Стопане, зар не спиеш?

- Не ме фаќа сон, - рече стариот.

Стариот стана, запали цигара, се повртка уште малку по одајата и пак си легна. Долго воздивнуваше, се врткаше и некаде по првите петли заспа.

Глава 3

Кољо Шурдов, првиот сосед на Ѓорѓи, при еден упад на кралските војници во селото, покажан со прст од кметот, кој заедно со патролата шеташе тие денови по околните села, го одведоа во Костур. Таму и го предадоа на полицијата која го обвини за дела против државата. А според записникот, вината на Кољо не беше мала. Татко му илинденец, тој во дваесет и четвртата не сакаше да се пресели во Бугарија, па го нарекоа автономист, триесет и шестата неговиот син, Јане, не сакаше да се запише во ЕОН (1 ЕОН - Елиники органоси неон - Грчка организација на младите - младинска метаксасова фашистичка организација) та затоа го пратија во логорот во Егина, а за време на декемвриските настани во Атина тој, командир на вод, се бореше против единиците на англискиот експедиционен корпус на генерал Скоби и против кралските единици, а кон крајот на 1946 година беше еден од првите што излегоа в планина. Обвинението го товареше и со тоа дека за цело време откако Македонија се наоѓа под грчка власт, тој, Кољо Шурдов, не научи да зборува грчки, дека не сака да се вика Кољос Сурдос, ами само Кољо Шурдов. Полицискиот началник дури се вчудовиде поради ова, па сосем наивно го праша:

- Човеку, па што ти пречи тебе едно “с” на крајот од името и по едно “с” на почетокот и крајот од презимето?

Кољо упорно молчеше зашто знаеше дека, што и да одговори, кабаетот ќе му се зголеми. Зар еднаш му го правеа тоа? Зар прв пат тој се наоѓа во овој затвор и прв пат го бијат по муцка и го пцујат затоа што сака да е Кољо, а не Кољос? Парусис, така се вика истражниот судија, не сака да сфати дека за Кољо тоа едно несреќно “с” е неговото битие и достоинство. Ја отвора папката, чита некои стари хартии и вели:

- Тука, Кољос, пишува, дека цели шест години си бил во грчка униформа и дека и во Мала Азија си бил... Цели шест години во служба на Грција и толку години си одел во бој под сенката на светото грчко знаме...

Кољо молчи, одвреме навреме ги подига дебелите и густи веѓи и се држи за бочината зашто таму најмногу го боли од вчерашното тепање. Го боли него цел живот што го преживеа досега, ама има ли некој од сите што дојдоа во неговиот крај што ќе може да ги разбере неговата болка и чемерите, да почувствува каква топлина има неговата воздишка, да види каков сјај имаат неговите очи, да слушне каков му е гласот, а ако го слушне, тогаш да разбере зошто е толку рапав, зошто понекогаш е топол и мил, а понекогаш во него се слуша брмчење на стршен.

Парусис зеде уште една хартија од папката и читаше:

“Ги изнесуваме нашите жалби против разните побеснети органи на грчката држава...” Парусис прекина, си ја голтна плунката и, откако кратко рече: - “Глупости”, испушти неколку редови и продолжи: - “Во 1912 година од турско паднавме под грчко владеење. Во 1915 заедно со Грците отидовме да ја пролеваме нашата крв во Дојран и Беласица и останавме до 1918 година. Потоа не подбраа на исток во Мала Азија и таму гиневме. Гиневме и во албанските планини, бидејќи го Италијанецот во 1940 и така борејќи се за Грција, Грција ни забрануваше да си зборуваме македонски и не казнуваше. И сега пак не казнуваат затоа што си го зборуваме својот јазик. Дојде Италијанецот, не остави да си го зборуваме јазикот. Дојде и Германецот и тој не остави да си го зборуваме јазикот. Станаа Грците да ги бијат, станавме и ние. Си отидоа тие, дојде пак грчката власт и ни забрани да зборуваме македонски. Не ги казнува Маџирите кои не пљачкаат. А кога ние се браниме, со коси, со секири и стапови, жандармериски одреди не тепаат по цели денови и ноќи...”

- Нема да читам повеќе, туку ќе ти кажам нешто, бре Кољос. Тука има уште една белешка во која стои дека ти си го пишувал ова. А знаеш ли ти, Кољос, дека човек станува сомнителен само затоа што седнува да пишува, а камо ли да напише нешто вакво. И се чудиш што државата те товари со обвинение дека си и непријател. Е, море Кољос, Кољос, дебелоглавецу!

Полицискиот началник го притисна копчето на масата и во канцеларијата влезе млад полицаец.

- Води го старчево.

Откако излегоа, началникот рече:

- Преку глава ми дојдоа тие жалби. А што си мислат тие, славофоните?

- Мене ли ме прашувате, господин началнику? - праша Парусис.

- И вас и себеси! - викна со горчина во гласот. - Цела среќа - продолжи тој - што Грција ја загуби војната со Турција. На Ататурк Грците треба да му подигнат споменик во знак на благодарност за да го фрлат потоа во воздух во знак на омраза поради срамот што го доживеа грчкото племе од страна на тие дивјаци. Е, мој господине, кога не би биле тие аути што дојдоа од Мала Азија, поправо што ги протераа Турците, ете ваков – тој покажа на лактот, подигајќи ја тупаницата - ќе се справевме ние со овие селанчишта.... Тие, господине, аутите, обездомени и искоренети од своите огништа создаваат тука нови огништа и пуштаат нови корени. Да не беа тие, ќе си останевме ние во нашите голи карпи и ќе ги славевме разните Меласовци, Петропулаковци и други капетани, а бивши бекрии и недовршени студенти. И мислите дека јас со моите момчиња ќе тргнам да испитувам кој ограбил и кој како силувал по славофонските села? Мене лично, тоа што го прават аутите, ми одговара. Не, не, не. Немојте лошо да ме разберете. Со нив не сум имал никакви разговори и преговори. Убеден сум дека тие се свесни за она што го прават. Едноставна работа, господине: таму загубија, тука сакаат да добијат...

- Со благослов на грчките власти, а посебно на полицијата, - го прекина Парусис со саркастичен тон и, гласот.

- Нека е и така како што мислите вие. Но за нас, мислам за грчката држава и нејзините идели за велика Елада, покорисни се аутите отколку славофоните кои имаат добри имоти и бериќетна земја. Аутите...маџирите....

- Великогрците и ...

- Бидете љубезен, господине, и оставете ме да си ја завршам мислата. Велам, дека за нив е шанса да го надополнат загубеното...

- Со пљачкање? - пак се уфрли Парусис.

- Не ме интересираат начините и средствата. Јас и како Грк и како полициски службеник сум задолжен за постигнување на целта. Тоа е најважно за мене, па и за вас, господине...

На вратата се слушна чукање и само еден миг потоа влезе истиот млад полицаец.

- Господин началнику, дојде господинот капетан Питер Роџерс.

- Еве го пак него, мајката му. Како болва е. Скокни ваму, скокни таму, а секаде го има. Нека влезе...

Од врата, уште невлезен, англискиот капетан викна:

- Здраво, господин началнику.

Началникот сакаше да му одговори на англиски, но се воздржа, бидејќи според духот на своето воспитување не ги трпеше Англичаните, но службата и инструкциите што ги имаше добиено од своите претпоставени во Атина и Солун, му налагаа да биде учтив кон анлискиот сојузник и покровител.

- Моето длабоко почитување, господин капетане. Повелете, седнете. Нешто за пиење?

- Хоооу! - флегматично рече капетанот седнувајќи на фотељата. - Јас, ми се чини дека ве прекинав, господо? - праша на грчки јазик. - повелете, продолжете го разговорот доколку, се разбира, не претставува тајна. Интересно е да слушнам.

- Не, господине, - побрза началникот. – Воопшто не не прекинавте и не ни пречите. Ќе ми биде задоволство да ги слушнете моите размислувања, за кои, впрочем, еднаш само ви наспомнав.

Началникот му се извини на капетанот и, свртувајќи се кон Парусис, продолжи:

- Повторувам, господине, дека за мене е најважно да се оствари целта...

- И со пљачкање? - пак праша Парусис.

- И со пљачкање и со други средства. Се што може да се исели, да се исели, ама преку океаните, и да се искоени секое нивно чувство што нема врска со Грција. Да се избрише се што може да блесне, да струи и да влијае врз нивниот делничен и духовен живот што нема грчки бои. Чувства, струења, влијанија, се мора да е грчко... И мозокот треба да им го измиеме. Нашето чувство на величина и достоинство мораме да им го всадиме на нивните деца за да мислат и размислуваат, да зборуваат и да мечтаат и прижелкуваат онака како што правиме ние. Времето работи за нас...

- Не баш сега, драги господине, - се вмеша Англичанецот - не баш сега.

Началникот посегна во џебот од каде извади сребрена табакера и му се доближи на капетанот. Ја отвори и го понуди: - Цигара, капетане?

- Не, благодарам - рече развлечено капетанот и решително го погледна в очи. На крајот од неговите усни началникот му здогледа навредлива насмевка.

Пред бистрото око на Англичанецот не остана незабележан изгравираниот германски орел и кукастиот крст под капакот на табакерата и натписот “За одличниот успех” и не успеа да прочита кој беше потпишан. Началникот брзо ја затвори

табакерата пред носот на капетанот и ја врати во внатрешниот џеб од кусото палто.

- Чувствувам дека разговорот, господа, е многу интересен, ама јас поради зафатеност морам да ве напуштам. Ќе ми дозволите, нели? - рече со блага насмевка капетанот и излезе.

- Значи, јаничарење?! - викна Парусис откако се затвори вратата зад англискиот капетан.

- За големината на Грција се е прифатливо.

- Не е токму така, - се противстави Парусис. - Доволно е само една стара песна, неколку зборови изговорени на свој јазик, па дури и звук на збор, легенда или приказна еднаш слушната, едно тажно пеење за да се пробуди одново се... да биде вулкан, фурија, виор... А што е ова сега по планините? И што се не направи Метаксас со нивната младина? Многумина мислеа и веруваа дека ја грцизираа штом успеаја со закани и со што ли не друго да ја облечат во сините униформи на ЕОН и беа убелени дека е така кога таа гинеше по албанските планини, биејќи го накострешениот Мусолини. И сите се разуверија кога тие истите, некогаш во стројот на ЕОН, подоцна на капите си закачија други знаци...

- Можеби е и така, - се согласи началникот - но се правеле грешки, и тоа кобни. Еве, на пример, еден ваков податок за да видите колку грешеле Грците. Ако, место да се преселуваат, живееле од почетокот во своите области како што го прават тоа Германците, денеска ќе бевме една од најголемите нации во светот.

Парусис се насмевна, но не рече ни збор.

- Не смејте се, господине. Ќе ви го докажам тоа. Во петтиот век пред нашата ера бројот на Грците изнесувал околу дваесет милиони. Со еден пораст од еден и пол од сто денес нивниот број би изнесувал четиристотини и деведесет милиони. Каква бројка, а!

- Откако се замомчив, господин началнику, секаде и секогаш ме труеја, па и сега тоа некои го прават, со смрдеата на Велика Елада... Значи, вие сакате татковина против светот, а не свет со татковина...

- Доволно! - просаска началникот. - Да бевме таква нација, тогаш ќе бевме газди и на друго место, а не само тука, на оваа наша ракатка.

Парусис се сврте кон прозорецот и малку потоа виде како на вратата од дуќанот од спротивната страна на улицата се појави англиски наредник. Без да се сврти, му рече на началникот:

- Господине, погледнете таму. Гледате? Ете, тие сега се газди на оваа наша ракатка, како што рековте. Денес пред тој полупијан наредник според волјата на нашиот крал еден грчки генерал стои во став мирно.

Началникот долго гледаше во англискиот наредник и, кога се тргна од прозорецот, опцу на германски.

Вечерта, седејќи во кафеаната, Роџерс му велеше на Парусис:

- Ужасно не ги поднесувам таквите надуенковци како началникот. А дали знаете, господине, дека тој има завршено полициска академија во Берлин?

- Не, не знам, - тивко одговори Парусис.

- Не бидете наивен. Знаете! Како не знаете? Па пред малку јас ви кажав. Тој соработувал и со Гестапо...

А утредента Питер дојде порано во канцеларијата на началникот и праша:

- Ќе му судите ли на стариот?

- Прашајте го господин Парусис.

- Парусис, - потсмешливо повтори Питер. – Што знае тој? Па сите вие треба да сфатите една основна работа: сите нив треба да ги натерате да одат во планина... Размислете... Патем...

- И да водиме војна со два-три лошо вооружени баталјони?

- Денес баталјони, ама утре дивизии и корпуси. Оружјето е на пат. Бродовите веќе тргнаа.

- Како да не, господин капетане! Јас слушнав дека нашата влада веќе и се заблагодари на владата на нејзиното кралско величество и дека американските бродови со оружје наскоро ќе стигнат во Пиреја.

- Нашиот Монтгомери, господине, - рече Роџерс одејќи кон прозорецот - еднаш запрашан што мисли за личната карактеристика на старешините и нивните способности, истакнал четири типови. Во првиот ред ги ставил оние што се талентирани и трудољубиви; во вториот - умните и трудољубивите, во третиот умните и мрзливите и на крај оние што се глупави и трудољубиви... И кога пак го прашале која група или категорија е најопасна ако се најдат на одговорни места, тој рекол: - оние што се глупави и трудољубиви.

Роџерс се сврте. Од крајот на устата испушти густ чад, го откина лулето од усните и, чукајќи со него по работ на работната маса, продолжи во тактот на чукањето:

- Така вие, драги началнику, според мојата оцена, спаѓате во последнава категорија. Глупав сте, но трудољубив. Глупав затоа што - кога забележа лутина на лицето на началникот, Роџерс го подигна показалецот за да му покаже дека уште има да кажува и продолжи со истиот тон - воопшто не размислувате, се правите автоматски, како обичен војник што слуша само наредби и неговото е безусловно да ги извршува, а трудољубив затоа што сте глупав... Кој работи толку како вас?...

Началникот се подигна од столот и, потпирајќи се со обете раце на работната маса, просаска:

- Господине, вие ги пречекорувате границите на дозволеното...

- Што е дозволено, - Роџерс не дозволи началникот да продолжи - што е дозволено, јас најдобро знам, бидејќи и затоа сум тука. Ете, - тој покажа на весникот што го извади од џебот - во ова крпче пишува дека треба да ги протерате славофоните онаму од каде што дошле... Не е ли брзо? А зошто да не си одат сами?

Началникот ококори очи и замижа неколку пати. Праша:

- Како мислите, господин капетане, сами?

- Гледате, како се докажува моето тврдење за вас? Ви реков дека сте трудољубив, но не мислите. А зошто? Затоа што сте убеден дека други треба да мислат место вас. А вие не сакате да мислите. А тој што не мисли, тој е глупав. Логично, нели? Не трудете, се началнику, нема да барам одговор на моето прашање. Јас самиот доволно сум умен за да знам како ќе ми одговорите. А размислувате ли вие зошто е подобро сами да си одат? Не размислувате. Вие Грците тргнавте против нив како турски башибозук. Ги малтретирате, ги гоните, ги апсите, ги тепате... им браните дури в планина и в шума да одат. Зошто? Оставете ги да одат. И не брзајте што побрзо да ја завршите војната. Да, војната, ова треба да го сфатите. Војна е, господине, а не бандитско пушкарење како што вестат вашите весници и радиото. Нека трае војната, нека продолжи... И не бранете им да одат во планините и шумите...

- Да, но - го прекина началникот - планините и шумите се големи...

- Ако. Утре ќе им бидат тесни....

- Мислите дека ќе бидат победени?

- Сигурно. Немаат никакви шанси. Крајот на оваа војна го знаат оние што ја поведоа, а тие не се тука, туку се далеку. Се разбира дека Грција сама за таквите работи не може да мисли. За неа помислија и мислат други што се поголеми од неа... Е, мој

началнику, барем засега, тоа добро запомнете го, Грција не им припаѓа на Грците. Грција е на Западот и Западот ќе мисли и ќе одлучува што ќе биде со неа. Некој друг денес се кара, а Грција плаче... Туку, ете, јас навистина претерав... господине... Но не заборавајте зошто сум тука!

Ова беше горчлива пилула за капетанот. Остана ладнокрвен, иако во него нешто загргори, но остана мирен и рече:

- Погледнете ги планините, господине. Таму да ги натерате да одат, а не да ги терате по островите каде што ќе морате да ги храните. Натерајте ги таму. Година или две војна тоа е малку за постигнување на една голема цел. А стариот пуштете го. Нема да ви користи за ништо. Тој е неспособен за што и да е. Пуштете го. Прифатете го мојот совет.

Началникот запали цигара и, откако вовлече неколку дима, рече:

- Да.:. Ќе го пуштам не поради вашиот совет, туку затоа што јас така сакам. Ама пред тоа ќе го натерам да ми потпише изјава за лојалност. Така, ако остане жив, секогаш ќе го држам за гуша.

Ја изгаси цигарата и го притисна копчето. Кога влезе дежурниот, му нареди да го доведи стариот.

- Сакаш ли да си одиш дома? - му се обрати на Кољо кога влезе во канцеларијата. - Те прашувам дали сакаш да си одиш дома?

Кољо се држеше за брадата. Меѓу прстите му течеше крв.

- Не може, кутриот, да зборува, - изусти полека капетанот. - Многу ги тепате. Ова не го сакаат многу нашите, а уште повеќе американските новинари.

Началникот ја пополни изјавата. Погледна во Кољо и со рака му покажа каде да потпише. Кољо рече на лош грчки јазик:

- Нема ништо да потпишам. Јас со години и служев на грчката држава. Моите стари и служеа на Турција, ама Турција не

побара од нив таква срамота каква што бара од мене Грција. Не потпишувам.

Капетанот гласно се насмеа велејќи:

- Кога ние би имале вакви поданици, веројатно сите води на светов би биле се уште наши. Нели, господин началнику?

- Оди си, ѓубре едно! - му викна на Кољо и му врза шлаканица.

- Ви попуштија нервите, началнику, - подбивно му рече Питер. - Запалете си цигара. Смирува. Или подобро една чашка коњак. Кај нас е поголема почитта кон старите луѓе.

- И кон Ирците? - му врати началникот.

- Понекогаш и кон Ирците. Зошто да не, кога човек знае да постапува умно. А пропо, Парусис ќе се радува кога ќе дознае како постапувате со затворениците. Зар не сфативте од неговиот разговор што го водевте вчера тука дека тој малку им е наклонет на комунистите?

Питер од младини беше провокатор и кодош. Долги години ги кодошеше и ги насаскуваше на меѓусебно колење луѓето во Индија, во Авганистан, во Египет и за време на војната. Како англиски шпион и советник во Грција, ги насаскуваше и Грците. Тие се колеа и се убиваа меѓусебно, а тој, секогаш со добро исчистени и кратко потсечени нокти, глатко избричено лице и поткастрено мустаче, со насмевка што се појавуваше на крајчињата од неговите усни ги гледаше плодовите од своето клеветење. Беше Англичанец, роден во едно мало гратче во јужна Англија, имаше добри манири и византиски методи: клевета, лага, сеење неслога, Отров. Ќотекот и ножот не ги поднесуваше.

Глава 4

Кољо, изнатепан, како и многу пати досега, одеше по прашливото џаде. Одвреме навреме покрај него поминуваа камиони со војници што се движеа накај Грлени. Оттаму се слушаа долги митралески рафали, а откај Четирок едно подруго фрлаа топовите и го биеја ридот на Свети Илија. Најпрвин се гледаше облак сивкав џад, а потоа допираа до ушите тапи далечни грмежи.

Свиткан под тежината на распукнатото намнисување, со бавежен чекор газеше Кољо по прашливото џаде. Теглило и сега се влечеше кон своето битисување со кое беше пронижан целиот негов живот. Газеше полека и со мислите го газеше времето одминато во чемери и понижувања, но кое не сака да му го предаде на заборавот зашто, ако направи така, тогаш ќе престане да постои. Немо затреперува срцето кога споменот од мракот на доживеаното ја разголува неговата раскалчавена судбина што течеше заедно со пороите на очајот и разгонот. Му одзедоа се освен чувството на достоинство зашто тоа беше вкоренето длабоко во неговото битие и во несмирената жед да се опстане во сите бури и да не се дозволи во огништето да угасне огнот, да не остане земјата неизорана и неоплодена со зрна.

Пред неговите очи се раздиплуваа дните и во нив претепаните и одведените во логори, и четирите глави на незнајните орачи од Пополе што се изложени пред една костурска кафеана. Рекоа: “Бандити” и ги тераа луѓето да ги препознаат, да ги плукаат, да ги влечат за коси. Тепаа и убиваа жандармите, тепаа и убиваа казнените експедиции на кралската војска, убиваа полицајците, хитите. Сите секаде - од Крит до Македонија сееја страв, ноќта ја правеа ден и денот - ноќ. Многумина беа стемнети - неразденети. И никој, ни кралот ни владата не си го одржаа зборот. Затоа многумина, низ цела Грција, отидоа по угорнините и удолнините на своите соништа.

- Стој! - слушна и малку потоа пред него се исправија двајца мажи со цевките вперени во него. Кољо се загледа во мажите и

во едниот го позна Јонис, син на Аврам, дојденец од Мала Азија.

- Јас сум, Кољо. Се враќам од Костур.

- Чичко Кољо, - му рече Јанис - каде ли по ова време и токму ти? Зар не знаеш што станува? Каде си тргнал? Цела среќа што излезе пред мојата пушка. Знаеш дека на таквите, каков што си ти, денес не им се простува?

- Ама што зборуваш, бре Јанис, со тој славофон! - подвикна вториот вооружен.

- Не дроби и затвори си ја муцката! - рече злобно Јанис.

Веројатно среќата посака Кољо да наиде на Јанис кого го познава од детенце и до пред една година не еднаш навраќал во куќата на Аврам во која пред да се вгнезди тој во неа, кој знае колку колена се родиле од семето на торбешот Мемет што заедно со Турците го протерале во Мала Азија.

- Ти оди в село, а јас ќе го испратам стариот до полициската станица, - му рече Јанис на човекот што стоеше малку настрана.

Кога се најдоа понатаму, Јанис праша:

- А врсникот мој, мислам син ти, чичко Кољо, ја фати планината?

- Секој тргнува по патот по кој мисли дека најдобро ќе излезе. А ти, гледам, нарами пушка...

- Нарамив, - повтори Јанис со гласот на Кољо - море какво нарамување. Ми ја тутнаа в рака и ете ја. Имаше такви во селото наше кои рекоа не, ама едни не ги раздени зора, а други кршат камења. Татко се лутеше, викаше по мене, ама што ти вреди. Не насаскаа и сега ќе се гониме, ќе се колеме и убиваме, чичко Кољо. Туку, ајде да поминеме по дома. Татко одамна те чека и многупати прашува за тебе. И тој слушна за син ти. Не,

не рече ништо лошо. Рече само – “Ако истраат, и нам ќе ни биде полесно”.

Ноќта, некаде по полноft, АВрагI го испрати Кољо до под падината на Стените. Кога се врати во Света Недела, дома го чекаа двајца поличајчи. некој стигнал да јави во поличијата дека Аврам скришум одведе некој непознат од селото накај Стените и не требаше повеќе да се каже. Напладне го одведоа во Костур.

- Кој би помислил - се лутеше началникот – дека ќе му помогне еден аут. Кога решив да го пуштам да си оди, бев убеден дека некаде по пат ќе го истолчат аутите и ќе го фрлат во ендекот. Тфу! Какво безобразие! Јас одамна тврдев дека од тие Азијати земјата нема да види добро. Змии в пазува!

- И јас нешто слично си мислев, - како за утеха му се насмевна в лице Питер. - Туку, драги господине, да се вратиме на разговорот. Мошне интересни се вашите мисли. Мошне интересни!

- Ќе ви прочитам нешто од денешна “Елефтерија”, господа. Слушајте: “На северните граници на Грција се наоѓаат Судетите на третата светска војна. Тоа се Славомакедонците. Ако Грција не се ослободи од нив, третата светска војна ќе почне на грчките граници. Сите нека си одат!...” - ете, - чукна тој со прстот по весникот - таму, во редакцијата, не седат некои глупаци па да пишуваат што ќе им текне. За мене тие се умни луѓе, бидејќи тие далеку гледаат и веднаш даваат чисти решенија.

Парусис се сврте и тивко рече:

- А за мене тие се сејачи на омраза, на страв... Туку, да претпоставиме дека е така. Меѓутоа, постои целата земја, не само Славомакедонците. Јас само би ве прашал, господине, а и вас, почитуван Питер, како наш сојузник: зошто во јули годинава само во текот на една ноќ ширум државава се уапсени и пратени по сувите острови десет илјади луѓе? Господа, никогаш оваа земја немала поцрна ноќ. Веќе насекаде се

зборува за осакатени, полудени, заклани... Не мислите ли, господа, дека работата е во нешто друго, а не во Славомакедонците? – Парусис долго ги гледаше присутните. Во него нешто како да се прекрши. - Се повампири Грција, господа, ја фати удолнината...

- Господине, - му се обрати началникот – одамна ве имам на око. Ми зборувате како непријател на татковината и на нашата раса. Не мислете дека моите овластувања на можат да ве одведат по удолнината што ја споменавте. Убеден сум дека и за вас ќе се најде едно одлично местенце, да речеме во Ѓура, Аи Страти, Трикери, Макронисос... Гледате, доста ги имаме, нели?

Англискиот офицер стана, прошета по канцеларијата и, откако запали цигара, ја прекина тишината:

Господа, во овие тешки моменти за вашата земја, вие треба да сте сложни. Заемните префрлувања не водат кон ништо. Јас верувам дека во вашите докажувања има една длабока грижа за судбината на земјата. Морам да признаам дека разговорот доби сосем други форми на изразување и многу скршна од претходниот тек. А штета. Обајцата изнесувавте мошне интересии аргументи и со задоволство се слушав. Верувам дека ќе најдете излез од оваа непријатна положба. А пропо, господин началнику, што е со оној што го доведоа денес? Мислам на оној што му помогна на стариот да се извлече.

- Сакате да го видите? - праша началникот.

- Повеќе ме интересираат мотивите.

Началникот го притисна копчето. На младиот водник што се појави му нареди да го доведе Аврам. Потоа му се обрати на Парусис.

- Вие, господиие, сте му напишале писмо на господинот министер во кое сте изнеле многу лаги. Да, само лаги. Дали добивте одговор?

Парусис запали цигара и низ вовлечениот чад одговори:

- За жал, се уште не.

- И нема да добиете. - Од фиоката на своето биро извади плик. - Ова е, нели? Ете, гледате дека ние сме секаде. Препис од писмово со соодветно мислење за вас е пратен до министерот за државна безбедност. Ама јас нема да го чекам неговото мислење.

Вратата се отвори и влезе Аврам, претепан, со модро лице и отечено лево око. Без чувство на раболепност тој погледна на началникот и, без да чека, седна на фотељата покрај Англичанецот.

“Ако може туѓинецот, зошто да не можам и јас”, - си помисли тој и се намести уште подобро. Од џебот извади ќесе тутун и во мигот кога почна да завиткува цигара, началникот го предупреди:

- Не се наоѓаш дома, туку во полициска станица. Барем би можел да побараш дозвола, - му се разврeска началникот. - Кога ќе ги научиме нашиве селанчишта да се однесуваат пристојно? - гласно рече тој и го сврте погледот кон Питер. Англичанецот, загледан во сликата на кралот Георгиос, се преправи дека не ја слушна забелешката. - Го прочитав твоето признание и морам да ти кажам дека воопшто не сум задоволен, - му рече началникот на Аврам. - Така ли и се враќа на татковината за се што сторила за вас што дојдовте од Мала Азија?...

- Ние не дојдовме, туку не доведоа. И не знаевме каде не водат, господине. А што лошо ми направи Кољо за да дозволам да биде убиен? Или вам ви требаше, и неговата глава да виси пред некој од костурските дуќани? Зар еден орач, еден овчар или говедар биле заклани и во Костур биле донесени нивните глави што ги прикажувате како глави на бандити? Реки прегазивме, планини и пустелии преминавме, покрај патишта и друмови незнајни нашите најмили ги закопавме и кога стигнавме тука, најпрвин тие ни подадоа рака. Топол беше нивниот стисок. Вкусен беше нивниот леб. Мека беше нивната черга, тој нивен партал. Подобро партал од нивната рака, отколку нешто ново

подарено со презир и пцост од државата. Ние, раздомените, дојдовме овде во нивната земја и тие не развреднија под ова поднебје што мирисаше мед. Од нашето раздомување направивте раздор, разделница ископавте меѓу нас, не раздробивте, не скаравте така за да не се поздравуваме ни на раздрум. Тие први не разжалија, а вие, власта велам, разлавачка и разљуба посеавте меѓу нас и ги разлока таа и друмовите и патеките, ги затвори домаќинските врати; ги разлошивте луѓето, ги размеѓивте, размирница и разнебитување, ете тоа направивте. Се разграничи и се разгреба човек од човек. Не разоглавивте и се развражавме затоа што сме разноимени, ама луѓе сме сепак и поради некој ваш ќеф разоспавме во омраза. Ние, дојденци во нивната земја, најдовме мир и леб и вода. Го разучивме нивниот јазик зашто така полесна и послатка ни беше најаската. А сега не викате на расплата. Многу села и куќи растарашивме, им го расткајавме редот. На растока не доведовте. Ние ли овде да сме растурници? Да ги распадиме не повикувате. Ами каде? О, господ нека ве вразуми и вас и тие што се повисоко од вас! Толку од мене. Немам друго освен главата за пред некој дуќан или за на бандера...

Четиринаесеттиот ден Аврам и Парусис заедно со триесет други мажи стигнаа со воен камион во Солун. Тука ги товарија на брод. Пред свечерување отпловија на југ. Утредента, на пладне, газеа по жешките камења на Егина.

Глава 5

По долгото ѓупско лето, есента 1947 надојде магловита и дожделива. Луѓето, кои во текот на септември и октомври се растурија по шумите, каде имаа ископано земјанки, и таму се криеја од честите напади на владините војници и од речиси секојдневните бомбардирања, почнаа да се прибираат во своите куќи. Двете завојувани страни со првите силни есенски дождови некако се прибраа и во првите денови на ноември се помалку се слушаа митралески рафали. Единиците на ДАГ ноќе се спуштаа во ослободените села, а рано наутро, пред да пукне муграта ги запоседнуваа ридиштата. Кралската војска се прибра во гарнизоните. Во магливите и дожделиви денови ги биеше позициите на ДАГ со топови или на јуриш ги заземаше ридиштата и тумбите што се наоѓаа поблизу до важните патишта и мостови. И кога се дознаваше дека поголеми единици на ДАГ ќе преминуваат од реонот на Вичо за Грамос, тогаш задолжително кралската војска со камиони се префрлуваше до Бej-бунар, и, додека топовите од Четирок и Нестрам ги биеја Стените, војската со бавен чекор, а потоа на јуриш, го заземаше ридот. Оттука како на дланка го имаше Косинцко и Карчицко Поле се до Телок. А бидејќи единиците на ДАГ најчесто се движеа по трапот што беше и граничен, тука беше концентриран минофрлачкиот оган. По ден или два, додека престануваше движењето, војската се враќаше во касарните. Одгласи на бој доаѓаа откај Горуша и Одрето. Најмногу откај Копанче. Тоа дење. А ноќе откај Пополе. И тогаш, во мугрите, стигнуваа ранетите товарени на маски, коњи и магарења, на запрежни коли или пак на носилки и ќебиња. Тешко ранетите ги префрлаа во Албанија. Ги оставаа на една лединка отаде границата и ноќе со згаснати фарови пристигаа камиони од Корча. Лесно ранетите ги носеа во В'мбел. Оние што умираа пред да стигнат до рамнинката отаде границата - ги закопуваа скраја од врвиците. Граѓанската војна влезе во својата втора година и настана време на плачење, редење и небиднина. Луѓето се разбираа со погледите, со очите. Зборовите болеа - тешко и мачно поминуваа низ грло, при секој изговор - се стегнуваа, стежнуваа, замруваа и се залепуваа за усните. Ниту еден ден зад себе не оставаше радост. Чемерен денот, а ноќта зазоруваше во исчекување на најлоши вести од

боиштата. Добрата вест беше единствената надеж и молитва. Се повеќе млади вдовици, со по едно, две или три деца, облечени во црно, молчаливо се движеа, носејќи ја во себе темнината на денот. Од никаде да се чуе песна. Се повеќе во ноќите се собираа на намнисување и на разбуд. Во овие чемерни денови нови настани ги натераа луѓето да живнат.

- Пушти го телалот - му рече Лазо на Кузе - да ги повика мажите сред село. Да им кажеме што бараат од горе.

- Некни телалот го мобилизираа, - рече Кузе. – Ти не беше тука и не слушна како колнеа жените и стариците. Не е право...

- Што не е право? - праша Лазо.

- Не е право што ги собраа момчињата и чупите... А знаеш што велеше одговорниот за мобилизација кога му викаа дека децата се мали? Велеше: што ако се мали. Ќе пораснат... Така велеше, ќератајата.

- Кузе, ти да пазиш што зборуваш, - го искара Лазо. - Што значи, бре Кузе, ќератајата? Па ти ја пцуеш борбата, бре. Па ти го знаеш тоа или не? Добро рекол одговорниот. Ќе пораснат, сигурно ќе пораснат...

- Е, да знаеш дека јас не им го дадов Николче мој. Дојде дома еден од другарите, го погледна Николче мој и му рече: “Ја застани таму, до вратата?”. Го гледаше, го меркаше и рече: “Тргни со мене”. А јас викнав: “Не! Па ти, другар, не гледаш дека е дете?” И цап јас за крштелното. “Гледај”, му велам, “нема дури ни четиринаесет години”. А тој: “Ако де, доволно е висок”. За малку што на колена не клекнав пред него... А Николче мој во тоа време истрча надвор. Се врати дома кога си отидоа... Така, море Лазо, ќе ја прајме борбата, а? Многу се израдуваа луѓето кога слушнаа дека децата ќе им пораснат. Ќе пораснат, ама покрај мајка и татко, а не под пушка и во планињето, море Лазо... И да престанеш, барем мене да ми велиш како и што да зборувам.

Лазо не очекуваше дека Кузе така ќе зборува со него. Се чувствуваше навреден и со таков тон повтори:

- Викај ги луѓето средсело како знаеш. Ако треба удри ја и камбаната.! Разбра?

Кузе се врати уште неизлезен од дворот.

- Надвор врне, Лазо.

- Нека се соберат во сколиото. (Сколиото (сколио) – (грчки) – училиште.)

- Во сколиото, ама таму сигурно турва преку покривот.

- Па тогаш во црквата! - извика Лазо.

- Ако дојдат, - дофрли тивко Кузе.

- Што значи, ако дојдат. Еден по еден од дома да ми ги доведеш. Разбра?

- Јас разбрав, ама дали тие ќе сакаат да разберат, - рече Кузе и излезе подигајќи си ја јаката.

Кузе ја удри камбаната како за тревога. Дедо Митре, чија куќа беше најблиску до црквата, оставајќи ја лажицата на софра, стана и погледна низ прозорецот. Викна:

- Митровице, о Митровице. Оди види што е тоа чудно биење на камбаната?

- Викаат на собрание, - рече Митровица откако се врати дома. - На собрание, велам, викаат. Кузе Гуштерот ја удри и рече ајде сите мажи на собрание.

- Зар во црквата? - се изненади Митре. - Стана и тргна накај вратата.

- Ама ти, стопану, каде со добро?

Митре покажа со главата кон портата и си ја зеде патерицата од ќошот.

- Мислиш без тебе не можат? - праша Митровица.

- Не е твое да судиш дали можат? или не можат без мене, - навреден врати Митре. - Ако задоцнам, значи ќе навратам докај Киро на разговор.

- Ајде, ајде, луѓе, - викаше Лазо - побрзајте... Добровечер, Митре. Влегувај, влегувај, ќе накиснеш!

- Што е, Лазо? - праша Митре.

- Влегувај, влегувај. Нека се соберат сите, па ќе ви кажам.

Луѓето беа навикнати веќе на повик да се собираат, па затоа и овојпат се собраа побрзо отколку што очекуваше Лазо.

Кузе, одејќи од куќа в куќа да ги повикува луѓето, стигна меѓу последните.

Лазо појде накај царските двери, но не застана на плочата. Поп Васил седеше настрана. Во неговите очи не се гледаше ниту лична навреда, ниту оставаше впечаток дека храмот е осквернет. Лазо подигна рака и, откако гласовите се смирија, рече:

- Се собравме овде за да ви кажам дека нашата борба се повеќе се шири. Создадена е веќе слободна територија, имаме демократска влада...

- Привремена, - се слушна глас.

Лазо прекина, се подигна на прсти за да види кој го потсети и продолжи:

- Така е, другари, привремена демократска влада и наши организации. Си имаме и народен одбор и наскоро ќе си имаме

и народен суд. Вие сами, пред два месеца, го избравте за претседател на народниот одбор другарот Кузе, нели?

- Знаеме, Лазо, ама кажи, само за тоа ли не викна по ова време?

- Не ве викнав јас, ами борбата вика. Таа, другари, вика и ќе вика се додека не дојде слободата... Така... Е, сега... Борбата сака жртви и помош. Од каде? Од нас, само од нас, другари? Треба да знаете дека сега се водат насекаде тешки борби и под многу тешки услови. На нашите борци им треба топла облека, топли волнени чорапи и... храна. И, одејќи по повикот - сите на оружје, се за победата, значи ние, ете, треба да смогнеме уште сили и да ја помогнеме борбата... Сега, како што реков, е потребна храна. Затоа, оние што имаат повеќе глави добиток, треба да дадат барем по едно.

- Аман, бре, Лазо! - викна некој што стоеше во средината. - Пред месец и пол на десет овци дадовме по две, потоа на пет пак по една... Сега и воловите ќе ни ги соберат?

- Што значи тоа, ќе ни ги соберат - викна Лазо. - Зар ќе бидеме контра, другари? Кој не сака да даде, нека не дава, но ќе го запомни народната власт и долго ќе го памети...

- Добро, Лазо, не викај, не јадосувај се, - мирно му се обрати Митре. - Ќе дадеме кој теле, кој крава-јаловица, кој вол...

- Така, токму така, Митре, - го прекина Лазо со задоволен глас.

- Сега веќе е изорано, посеано... А со што ќе ораме напролет?

Лазо истото прашање им го имаше поставено на другари од раководството и затоа сега му беше лесно да го повтори одговорот што го слушна таму:

- Утре, кога ќе дојде слободата, другари, нема да се мачиме да ораме со волови...

Некој одненадеж офна, друг се искашла и малку потоа Лазо мораше да го смирува собирот.

- Тишина, другари, и доста мрморење. Се разбира дека нема да ораме со волови...

- Ами со што, бре, Лазо? - праша Митре.

- Со трактори, Митре, со трактори! – свечено викна Лазо.

Митре си го начули со раката увото и праша:

- Како рече?

- Трактори... трактори, Митре...

- А што е тоа?

Лазо не ги распраша другарите од раководството што е тоа трактор и, надевајќи се дека прашањето на Митре ќе се загуби во џагорот, сакаше да продолжи со убедувањето, но Митре пак праша:

- Лазо, не кажа што е тоа трактор?

Лазо беше човек кој размислуваше со онаа логика што им е својствена на луѓето кои непознатото брзо умеат да го поврзат со најпознатото и блиското.

- Па, јасно е, бре, Митре дека тоа е нешто со што се ора... Разбра?

- Ц'к, - цукна Митре со јазикот. - Јасно е дека не е вол - гласно размислуваше дедо Митре - зашто, ако е вол, тогаш таа привремена влада нема да ни ги зема нашите волови.

Кузе, кој имал видено трактори кога пред војната аргатувал во Тесалија, објасни:

- Трактор, луѓе, е макина со две големи и две мали тркала и зад себе влече две или повеќе рала и за два или пет дена може да ги изора половина нивје од нашево село... Така.

Лазо, сега задоволен, му се обрати на Митре:

- Дедо Митре, сега е јасно, нели?

- А ги има ли нашата народна влада тие макини?

- Засега ги нема, но ќе ги има...

- А од каде, Лазо? - праша Фидан, низок збиен маж кој секогаш прашуваше, ама никогаш не сакаше да одговара. - Од каде, Лазо, да те опитам?

- Од Русија, од Русија, Фидан, - рече Лазо и во тој миг почнаа да му текнуваат одговорите што му беа дадени од луѓето од раководството.

Кузе се сврте кон оние што стоеја зад него и, за да се пофали уште еднаш дека имал видено трактор како ора, рече:

- Тие што беа во Тесалија, беа ангелиски или френски, така ми се чини...

- Ами таа Русија, ако има толку за давање, зошто не даде досега? - праша Митре.

- Русија, дедо Митре, е далеку - рече Лазо. – Кој знае, можеби и се пуштени, можеби се на пат, ама, како што реков, Русија е многу далеку и додека да стигне тука тракторот.

Митре се сврте кон Ѓорѓи и тивко му рече;

- Ќе ни ги изедат сите волови...

Собирот се претвори во расправија. Малкумина беа оние што не сакаа да се дадат волови, но никој од нив не рече дали сам ќе даде.

Селаните потоа се растурија по дома. Дедо Митре и Ѓорѓи навратија кај Киро, кој тие дни беше снеможен. Митре, откако му раскажа на Киро што беше соопштено на собирот, рече:

- Море, сакам да го видам јаска Лазо како ќе ора со трактоpo...

- Кој, бре Митре, Лазо? Ами кога си го видел ти него да ора? Ете, жими очи, како да го пуљам како лежи под сенка и чека листот да пожолти за да рече дека одвај го извадил летото... Па ти, Митре знаеш дека, штом зазелени листот, Лазо почнува да се држи ем за бочината ем за крстот... Лазо ќе ора со трактор?... Да видам, нема да верувам...

Кировица, која обично не се мешаше во разговорот на мажите, не издржа и рече:

- Лазо, вошло, ќе ора... шо ве пуља... Тој годинава дрва не собра. О дворот ниту половина цепеница не донесе, ниту рошка, на, жими кресто златен, аку мама, о земата да гл'нгосам... Некни, кога си греде од чезма, ја пуља Лазовица - крши од плето на Митрашковци, крши и пика о торбата.

- Зошчо? - праша Митре.

- Како зошчо? - се зачуди Киревица. - Пита за да му испече на Лазо, затоа... И цел вандак прачки од вртогленец (Вртогленец – во некои села во Костурско така се вика сончогледот) крена од нивата на Мелашките...

Глава 6

- Ѓорѓи, о Ѓорѓи, - викаше Кузе и со ногата удираше по портата. - Спие ѓаволестиот старец штом досега не мрдна, - му се обрати на човекот што стоеше до него. Се тргна од пред портата, застана под прозорецот и викна посилно: - Ѓорѓи бре, о Ѓорѓи!...

- Е, кој е? - се слушна однатре тивкиот глас на Ѓорѓевица. Члапајќи по калдрмата на дворот, таа стигна до портата и пак праша: - Кој е?

- Јаска, мори, Ѓорѓевице, јаска, Кузе, ами кој друг, а? - налутено се осви Кузе и со ногата удри пак по портата.

Ѓорѓевица одлости и си ја провре главата низ отворот.

- Живи или умрени сте, Ѓорѓевице? Човек треба портата да ви ја скрши за да ве разбуди. Отвори да влеземе, отвори штом ти велам! - заповеднички рече Кузе и со рамото ја турна вратата. - Влегувај, даскале - му се обрати Кузе на човекот што стоеше малку настрана.

Ѓорѓевица одеше напред и светеше со ламбата. Кузе праша:

- Газја си горите, а? А некни, кога на маж ти му реков дека нему му е редот да донеси газја, рече дека нема. А сега, пуља и по дворо шеташ со запалена ламба, нели?

- Газјата ни е за по дома, а не за по брања и празни дрдорења, Кузе,- го пресече Ѓорѓевица и тукушто пушти рака да ја отвори вратата (во одаите се влегуваше откај чардакот), Кузе дофрли:

- А твојо, спие или се преправа?

- Не спие...

- И не треба - мрдна со прстот Кузе пред нејзините очи. - Овие времиња не се за спиење, нели, даскале? - му се обрати на човекот што одеше зад него. – Кузе чукна со ногата на вратата и викна: - Ѓорѓи, домаќине, о Ѓорѓи! Дома ли си или не, а?

Од одајата излезе Ѓорѓи и во полумракот се ракува со Кузе.

- Човеков, Ѓорѓи - покажа Кузе - е нашиот даскал. Дојде денес попладне и досега беше у мене, а пред тоа у Лазо. Обедуваше у Лазо. И така во одборо ние рековме дека треба да вечера и да спие у тебе....

- Добро дојде, даскале, - рече Ѓорѓи и го пушти пред себе. - Помини и седни.

Седнаа околу распаленото огниште. Ѓорѓевица ја стави ламбата на рафчето над оџакот и излезе.

Ѓорѓи се поднамести, го отвори ќесето со тутун и, подавајќи му на даскалот, рече:

- Пуља, ти зборуваш наши или само разбираш?

- А бре, Ѓорѓи, тој е наш, не е Грк...

Ѓорѓевица, која во тој миг влезе во одајата и слушна што рече Кузе, гласно одврати:

- Уф, море Кузе, даскал па не е Грк...

- Жими очи, Ѓорѓевице, не е. Опитај го, па ќе видиш.

- Не, не сум. Коле ме викаат. Јас сум од леринските села и тука ме пратија да ги учам децата.

- А, ти си, демек, даскал! - се изначуди Ѓорѓи.

Кузе се насмевна.

- Е море, Ѓорѓи, Ѓорѓи... Колку работи и ти од денес ќе научиш. Ете, јас и Лазо три-четири саати лафеме со него и многу лафои наукоме. И ти, Ѓорѓи, ќе научиш. Та затоа ние со Лазо, демек, ние од одборот, рекоме дека у тебе е најдобро да остани учително - Кузе подигна прст - учително, Ѓорѓи, а не даскало, да

си остане у тебе. Тука и да спие и да јади. Да не оди од една во друга фамилија. Ти имаш доста одаи, нели?

- За место, има... - развлечено рече Ѓорѓи - ама...

- Шо, ама, - го прекина Кузе. - Шо, ама... Шо има за двамина, ќе има и за тримина. Не го пулиш момчето дека е слабичко... Аj да беше некое мажиште, ќе речеш со што ќе го раниш, а тој бре, пули го, бре, ниту колку еден петел нема да ти изеди, ха - ха - ха! Хе-хе!

Коле се почувствува несигурно. Ги погледна двајцата в лице и срамежливо рече:

- Јас сум учител, ама сум и војник, другари. Треба да знаете дека по наредба на Штабот, селото треба да ги издржува, значи да ги храни учителите. Јас плата не земам. Плата ми е тоа што ќе ме рани селото. Јас, другар, Кузе, нели ти дадов писмо од Штабот и од Главниот одбор на НОФ?

Кузе брзо пикна рака во џебот и извади оттаму хартија свиткана на четири. Ја отвори. Се доближа до ламбата. Читаше.

- Да, така пишува, и тоа на грчки... А, шо, Коле, тие од горе од раководството, де, не научиле такво писмо какво шо знаеш ти ?

- Остави го човекот, - го прекина Ѓорѓи. - Шо научиле тие од раководството, тоа и ти пишуваат. Ако јас реков “ама”, не реков дека нема со што да го рана даскалот. По оваа куќа не помина само еден. Коле, - му се обрати на учителот - остани си ти кај мене и подалеку од Кузе зашто тој е премногу зафатен со работа...

- Така е, така е... - се пофали Кузе. - Ете, од утре, море какво утре - се поправи - уште вечерва треба да мислам чија куќа ќе ја прајме схолие... зашто во старото не може... Покривот е дупнат, капи...

- Училиште, другар Кузе, - дофрли Коле.

- Тоа, де, уличиште, нели?

- Училиште, - повтори учителот.

- Токму така, како шо рече... Е, Ѓорѓи, море Ѓорѓи. Ти си мислиш така е да си во власта... Ќе излезиш, си мислиш, пред луѓето, ќе им одржиш говор и све. Е, не е све, море Ѓорѓи. За да си на власт, треба да имаш тука, - Кузе се чукна со прстот по челото - пулиш? Тука, ами како. Е, ако си умен, кажи, те прашувам јаска тебе чија к'шча да ја прајме сх... како рече, даскале?

- Училиште...

- Училиште да ја прајме, Ѓорѓи, а?

- Па, земете ја на Митрашковци. Празна е. Тина Митрашкова е сама...

- На Митрашковци? Ама, ајде, бре Ѓорѓи... Па ти не знаеш дека таму грендите се гнили? Ојду јас денес и виду... Гнили се грендите... Ами, шо велиш да ја земеме к'шчата на Киро... Шо велиш ти?

- Па... Кузе... опитај го Киро...

- Ами добро шо ти текна, бре Ѓорѓи. Да го опитам Киро. - Кузе посегна по цигарите на Коле, зеде гламниче од огништето, запали и викна: - Ѓорѓевице, мори, о, Ѓорѓевице!...

Ѓорѓевица влезе во одајата и му даде знак на Ѓорѓи, а потоа праша:

- Шо, бре, Кузе, шо е?

- Ај, жити здравје, оди и викни го Киро... Ама кажи дека за многу важни работи го сакаме. Оди и немој да заборавиш како ти реков да му кажеш.

- А зошто не ја земате куќата на Лазо? – повеќе предложи Ѓорѓи отколку што праша.

- На Лазо? На кој Лазо, бре?

- На Лазо, комшијата твој.

- На Лазо, секретаро партицки? На Лазо да му ја катасхесаме (Катасхеси – (грчки) конфискација) к'шчата за схолие?! Ич да не мислиш за тоа, а каму ли да зборуваш... Знаеш ли ти шо значи тоа? Не! Схолие ќе ја прајме к'шчата на Киро. Тој нема никого во борбата...

- Ами и Лазо нема, - отсечно рече Ѓорѓи.

- Лазо нема, ама Лазо е цел во борбата... Тој е и во политикито катодигиси (Политики катодигиси (грчки) – политичко раководство) на околицкио, знаеш или не?! Ич, ич, Ѓорѓи, не зборувај ми и не мати ми го умот зашчо ако ја згрешам работата, полошо ќе ја поминам и од ... - Кузе не докажа кога многу лошо помина, но луѓето во селото добро памтеа како беше тепан и зошто го нарекоа Кузе Гуштерот.

Киро влезе бучно и, откако добро му ја затресе раката на Ѓорѓи се сврте кон Кузе.

- Аман, бре, Кузе, кај што не те сади човек, таму никнуваш. Секаде те има. Влези ваму, ете го Кузе, влези таму, пак Кузе... А, човеков не ми е познат...

Кузе стана, се тргна малку настрана и со широк замав, покажувајќи кон учителот, рече со свечен глас:

- Од туа да ти го систисам (Систисам (грчки) – претставам) даскало. Коле се вика... а овој, даскале, е Киро у чија к'шча ќе о напрајме схолието...

Ѓорѓи почна да се смее, гледајќи го Киро, па рече:

- Кузе веќе реши и изгледа ти, Киро, од утре...

- Од утре не, ама по неколку дена sвончето в рака и sин-sин-sин... Киро, така, ами шо!

- Токму ли си? Што си мислиш, бре, бре... – Киро од лутина веќе не знаеше каква пцост да избере.

- Немам, тоа е вистина, - смирено рече Киро – ама затоа кој од тие што одат од село в село, како што ги викаат во Преспа, тие, јајчарите, де, не преспа и не јаде кај мене? А бре, ан да ми беше куќата, толку намерници немаше да имам. А што јадење изедоа, што ракија и вино ми испија... И знаете што ми рече некни еден од нив? Вака ми pene: “Вие, слушате? Со вие ми се обрати другарот, како да сме појќе. “Вие, вели, многу дадовте за борбата. Слушнавме ние за вас таму горе. Еден ден, вели, народната власт се ќе ви врати”. И извади од чантата молив, скина еден лист од тефтерот и ми напиша нешто, па ми го даде листот. “Ова е, вели, аподиски (Аподиски - потврда) за тоа што го правиш ти за борбата...” - Го испулив добро в очи и му реков: “На сите ли им давате такви работи?” А тој ми вели: “На сите...”, а јас го фрлив листот во огнот и му реков: “Другар, ако така јадете додека ја донесете таа народна власт, ништо нема да остане, па и нема да има од што да врати. Подобро не давајте такви работи, зашто луѓето случајно можат да повеpуваат”. И знаете, тој, неранимајката и вошливиот, што ми рече? Ми рече: “Контра?” Ете, Кузе каква чест имав јас...

Кузе запали од цигарите на учителот и, испуштајќи го чадот накај таванот, малку налутено му рече на Киро:

- Сите ние знаеме дека устата многу ти зборува, Киро. Така ли се зборува со власта? Си им рекол ли некогаш збор повеќе на тие од старата власт? Не си им рекол. А на оваа нашата, на народната, на-а-а ти е устата. Ја најде народна, па ајде се што ти е на јазик... Ја да беше ненародна, па ќе те видев јаска дали ќе измемолеше нешчо. Ренката и рицинусот си ги пробал, а? Не си ги пробал. А јас не само што сум ги пробал, туку...

- И панталоните си ги наполнил, ха-ха-ха! Уф, бре Кузе, што си ме насмеал. - Киро го испрчи показалецот и неколку пати го

удри Кузета по чело: - Ами ти требаше воловите грчки да ги учиш. А бре, ти си им го испоганил јазикот, бре, ej! - викна Киро, но веднаш со посмирен тон се обиде да го орасположи Кузета. - Што е вистина, вистина е, Кузе. Те натепале и те посрамотиле, ама ти не си единствениот што тогаш проговори македонцки... Така е... Туку се фативме со лаф-муабет и го заборавивме гостинот. Рече дека е...

Кузе побрза да објасни:

- Даскал, даскал, Киро. Од горе го пратија за да ги учи дечките.

- Значи учител, а? Како тие во Лабаница, во Смрдеш, во Брезница, нели?

- Така, - потврди Кузе.

Киро намрштено го погледна Кузе и му се обрати на учителот.

- Значи, вистинска работа, демек. Бравос и нека ни е со к'смет и за векови... Сврти се да те видам, учителе. Така... Јаска пред недела или две бев оден во Брезница по сол...

Од другата одаја праша Ѓорѓевица:

- Ти ли, Киро, ја донесе солта што ја делеа некни?

- Јас, Ѓорѓевице, јас.

Ѓорѓевица стоеше на вратата и со потсмешлив глас рече:

- Ами, бре Киро, тоа е повеќе кал и камички, отколку сол!

- Каква е таква е таква е. Народна е, нели, Кузе? Така ми рекоа и во Брезница: народната власт, рече еден висок и ќелав, ти дава, народе, сол, а кога ќе победиме...

- Тогаш ќе ни даваат и млеко од пиле, - дофрли Ѓорѓевица.

-Млеко од пиле не, ама ќе имаме све – потврдно дофрли Кузе - како шо имаат тие таму, во народните републики, ако сакаш да знаеш, Ѓорѓевице.

- А ти, Кузе, си бил таму, си јал и пиел, и затоа многу знаеш, нели?

Киро подигна рака и така даде знак дека сака да каже нешто.

- Коле, рече се викаш, - му се обрати на учителот. - Да си ми жив, синко и добре дојде. Демек, Коле, ќе ни бидеш учител, а? Добро, така... - Го одврза ќесето и му понуди хартија и тутун. Коле ја отвори кутијата со цигари.

- Стрико Киро, бујрум од цигарите...

- О, цигари, синко... Таму ли ви ги дадоа?

Кузе подаде рака, но Киро ја затвори кутијата и му ја стави в џеб на учителот.

- Не оставај ја надвор, - му рече Киро на Коле. -Кузе додека не ти ги испие, како крлеж ќе остане со тебе. Таков ни е Кузе наш. Де, де, - го удри Кузета по рамо - ти барем за шега знаеш и немој да му се муртиш на стариот Киро. Еве, запали од моето ќесе. Не е од мојот тутун. Ми го дадоа едни нашинци кога некни по тука поминаа за Грамос. Рекоа: “Дедо, жити бабичката, дојси троа лепче и сиренце, а ние тебе тутун ќе ти дајме”. И така си разменивме...

- А знаеш ли, Киро, - се вмеша Кузе - дека такви работи строго се забранети? Некни Лазо...

-Кој Лазо, бре? - праша Киро.

- Лазо, секретаро партицки, тој, ами кој друг...

- Е, шо рече Лазо?

- Рече такви работи да не се прават и кој ќе биде фатен, ќе му суди народниот суд. Е, сега, ти ако сакаш, прави го тоа...

Во одајата влезе Ѓорѓевица, на послужавник донесе по чашка ракија и, откако ги почести, му даде знак на Ѓорѓи. Тој излезе по неа.

- Што е?

- Ами, кажи му на Кузе да си оди, за да вечера учителот... Гладен нема да легне, нели? Јас му послав во малечкото одајче.

- Ако. Фрли некое веленце повеќе за да не му студи. И остави му леб и сирење. Младо е учителчето...

- Младо е, - повтори Ѓорѓевица - младо и како да ги има годините на Васил наш... Богородице мила, - се сврте Ѓорѓевица кон иконата и, крстејќи се, рече: - Чувај ми го чендото, Богородице...

Ѓорѓи, враќајќи се во одајата, го слушна смиреniот глас на Киро кој му објаснуваше на Кузе:

- Мојата куќа не е за училиште. Јас ти велам дека, ако се собереме сите, по една недела ќе го покриеме старото училиште, разбираш? Таму некогаш се учело грчки, а сега ќе се учи македонцки. Разбра?

- Како мислиш, Киро, македонцки? А, што, нема да учат дечките, грцки? Лазо рече дека и грцки ќе учат... Ти шо велиш, даскале?

- Јас, другари, не сум само учител. Јас сум и војник на ДАГ. Мене пред еден месец Пандо Шиперков ми рече: - Ти, Коле, остави го автоматот и ќе одиш во Желево да учиш за да бидеш македонцки учител...

- А какво школо имаш, синко? - праша Киро.

- Основно грчко. Повеќе не учев... И Пандо Шиперков ми рече уште: “Отвори очи добро да учиш македонцки зашто ти и сите други што ќе бидете назначени како учители ќе бидете во првите редови на нашата борба. Кога ќе затреба, јас ќе те викнам во строј. Оди, рече Шиперков, и во стројот што ќе застанеш е како да се бориш од првиот бункер... Така ми рече Шиперков...

Киро го наполни чибукот и, играјќи си со гламничето, полека го запали. Пиеше од чибукот со замижени очи и се лулаше де напред, де назад. Пред неговото лице сивикавиот чад со остар мирис на дебело дробен тутун правеше мали крукчиња и се издигаше над неговата глава.

- Такааа, - развлечено промрморе Киро. – Пред десетина дена, кога помина по тука Шиперков, остана на спиење кај мене... И ми рече: - “Зошто дечките си играат само партизани? Да го отворите училиштето и да учат. И да знаеш дека наскоро ќе почнат да учат”. Тогаш јас не му поверував многу, ама нешто како да ме тераше да мислам дека тој сигурно нешто знае штом вели така. Велиш, така ти рекол Шиперков? Тој сега треба да е таму, на Горуша... Овие денови најмногу пукотници оттаму се слушаат. Е, сега би сакал да го видам и да му речам: “Ајде, бре Пандо, заедно со твоите орли и со овие наши пастрми што побрзо да го дотераме училиштето, па да ги собереме дечките да учат ука, а не партизани? И да му речам: “Пандо, сполај ти за учителот...”

Киро го истресе чибукот и стана. Стегајќи му ја раката на учителот, рече:

- Утре дојди кај мене... Кај Ѓорѓи добро ќе ти биде, ама наминувај и кај мене. И мене малку да ме подучиш. Јас таму, во Америка, учев малку словенско писмо и читав газети и книги... Да дојдиш, синко. И со добро да тргни работата. Таквите времиња кога доаѓаат учители се големи времиња. Книги носиш?

Носам три, ама другите, за децата, заедно со тетратките и со моливите ќе ги донесат по некоја недела. Да го отвориме

училиштето, да ги изброиме учениците и потоа ќе донесеме и книги.

- А за тоа што рече Кузе, - полека зборуваше Киро – за тоа дека и грчки да учат нашите дечки, да ги опиташ родителите дали ќе сакаат дечките грчки да им учат, а не што ќе рече Лазо и ќе пренесе Кузе... - Тргна накај вратата и, небаре нешто заборави, му се обрати на Кузе: - А ти, Кузе, не туку чекај, ами прибери се дома. Остави го учителот да си почини. Него работа, голема работа го чека, ej, Кузе, слушаш? Ајде по мене, да си се приберемe дома... Ѓорѓевице, остани со здравје и добра нош...

- Ојми со здравје и твојата подобра, - врати Ѓорѓевица.

- Со здравје, со здравје, - ги испраќаше Ѓорѓи.

- Остани со здравје, синко, - му рече Киро на учителот - и намини и кај мене... Ќе те чекам, дојди.

- Со здравје, стрико Киро, и сполај ти. Ќе дојдам. Носи многу здраво-живо дома...

Кузе не отиде право дома, ами кај Лазо. Од збор до збор му пренесе се за што се зборуваше кај Ѓорѓи.

- Тој Киро, - рече замислено Лазо - најдобро е да си молчи. Да не мисли тој дека партијата и народната власт ќе затворат очи и уши пред некоја непријателска пропаганда... Тоа, другар Кузе, е пропаганда и отвори добро и очи и уши. Ќе го викнам јас него на разговор...

- Ти ќе го викниш, ама потоа се врз мојот грб ќе се товари, - се пожали Кузе. - Прави што ќе правиш, зборувај како ќе зборуваш, ама да не се разбере дека јас сум тој што кажа. Така да знаеш, Лазо.

Лазо шрмкна и плукна настрана. Се загледа во лицето на Кузе и рече:

Јас те поставив за претседател на народниот совет или не?

- Така е, Лазо, ти прв рече...

- Ако те поставив јас, јас и ќе те сменам и потоа ќе те пратам на Мали Мади бункери да градиш или на Грамос оружје да носиш. Тоа ли го сакаш? Речи, де, тоа ли го сакаш? И учителот да го имаш на око. Не знаеме кој е. Јас уште утре ќе пратам горе, во Второто биро, да проверат што човек е... Велиш, со Шиперков бил... А Шиперков дошол од Југославија, така, нели? Да... Некни зборував со Статис и знаеш што ми рече Статис? Вака ми рече: "Лазо, тие кои беа со бригадата во Битола, сакаат некаква Македонија и кога лани во Бапчор се собраа командантите за да изберат штаб за Вичо, тие што дојдоа од Битола кога слушнаа дека командант ќе биде Грк, станаа и сите си отидоа. Ич не сакаа да слушнат за Грк командант". Статис рече дека тие рекоа ако командантот не биде Македонец, тие ќе си ги приберат одредите и ќе направат македонцка војска, како Гоче четириесет и четвртата. Борбата ќе ја водиме заедно со Грците, така вели партијата, а партијата денес е закон. Што ќе рече, тоа ќе правиме. Ете, тој Шиперков е командант за Вичо и кој знае дали нема да ја оддели Македонија од Грција? И што ќе прави тогаш Грција без Македонија, а? Некни така си фативме муабет со Киро и го прашав: "Што ќе прави, бре, Киро, Грција без Македонија?" И знаеш што ми одговори тој, тој, како да го наречам, тој, ајде да не му залепам некое име... Знаеш што ми рече? "Па нека пцовиса", вели. Па тој не знае дека, ако ова го слушни партијата, сигурен му е нашиот затвор во Нивици? Што луѓе сме, бре, Кузе, и јас не знам. А тој Киро, па и Ѓорѓи, што си мислат? Илинденци ќе се прават? Комити? Море ако им удрам по една миниси (Миниси (грчки)-тужба.) ќе им го соберам умот в глава... Лазовице, о Лазовице, - викна Лазо. - Слушаш, мори?

Лазовица влезе во одајата.

- Направи нешто да вечераме со Кузе.

- Што да направам?

- Па земи нешто од тоа што е собрано, ами што друго.

Во куќата на Лазо се магазинираше се што од ова и околните неколку села се собираше за ДАГ. Во ќералите на Лазо имаше и брашно и пченица, пастрма од овци и кози, сирење и маст, месо во солило, тарана, бонгур, луканче.

Лазовица донесе еден колак луканче, го одврза и го подигна. Праша:

- Лазо, од де да посеча? Од туа - покажа со ножот долу, една педа над подот - али од туа? - и покажа горе.

Лазо кога виде дека ножот се задржа горе одобри мрдајќи со глава и го чепна оганот за да се распали.

- Донеси и едно-две парчиња да ги потпечам на жар. И пули во тиганот да има повеќе лигда... Слушна, Лазовице?

Лазо чепкаше во оганот со прачката и размислуваше. Гледајќи во разгорената жар, рече:

- Сепак, Кузе, јас мислам да не му ја земаме куќата на Киро...

- Зошто?-праша Кузе.

- Зошто... затоа што ќе ни треба... Каде, бре, Кузе, те прашувам јас тебе, ќе ги водиш луѓето од раководството на спиење? Имаш ли поубава од неговата? Немаш! Е, затоа молчи, подобро е така...

Глава 7

Свеченото отворање на училиштето го оставија за в понеделник. За ова најмногу настојуваше Лазо.

- Не е ова, луѓе, обична работа. Училиште се отвора, разбирате ли? - тој повеќе поучуваше отколку што бараше да се постапи според неговиот збор. - Зар не паметите дека за отворањето на училиштето од Костур доаѓаше епитеоритијата (Епитеоритија (на грчки) - инспектор.). Да не речам дека еднаш беше дојден дури и номархинот... (номархис - началник на околијата.) Училиште - тоа е голема работа. Треба некој да каже збор-два. Така се прави тоа... И етникото имно, (Етникото имно (на грчки) - национална химна) нели, секогаш се пееше? - Лазо одеднаш замолча и погледна наоколу. Само Кузе ја си покри устата со дланката и некои забележаа како му се тресат рамената од придушено смеење.

А бре, Лазо, - се слушна гласот на Митре. – Шо зборваш, бре, Лазо? Токму ли си ти о умо, или не? Какво етнико имно ќе пееш? Шо, па сакаш Грко да го вратиш? Зошчо ојдоа по планинјето нашче деци, да те опита јаска тебе, а? За да пееш ти... како е Кузе, - му се обрати Митре – како е?...

- Е, де Митре, шо си се врзал за мене? Има и други тука, па прашај ги нив.Како е, та како е. Не сакаш, не пеј, со зор и на свадба не канат... Ама, де...

-Е, јаска вељa да не се пее имното...

- А што,- викна Лазо, - да не сакаш некоја комитска да запееше, а?

- А зошчо да не? - викна Митре - да не е срамота, случајно? Ако тебе не ти е по ќеф, ти не пеј... Ама остави ги људјето да запеат од срце, а не од принуда. Доста, жити господ... Ќе сме пееле пак по старо... Ако е за старо, за овие краишта нема постари од илинденските... Е... - му се стресе гласот на Митре - заборавивте луџе како се пеело...

- Се пеело, - дофрли Кузе – ама и се добивало ќотек и се одело затвор за пеење, нели е така, луѓе?

- Така, ама и не е така, - удри Митре со патерицата - зашто и училиштето не е грцко, ами македонцко. Така ли е, учителе?

- Не мешај го учителот, - му се сврте Лазо на Митре - тој си има задача да учи...

- Да учи, ама и да пее со децата... да ги научи да пеат, - не отстапуваше Митре.

Киро излезе од кругот и, откако ги погледна сите, рече цедејќи го секој збор:

- Јас, луѓе, како што знаете, немам мои деца за да ги пратам на училиште. Имам внуци и се радувам што ќе учат наше писмо и наш збор. Добро рече Лазо дека училиштето е голема работа. Ама згреши кога рече дека порано доаѓале важни личности... Така беше... па зар и сега не можат да дојдат?

- Ајде, бре, Киро, - смеејќи се дофрли Кузе. - Да не сакаш и владиката од Костур да дојде?

- Не, така не сакам. Вчера Лазо дојде кај мене и ми рече: “Киро утре ќе дојдат важни луѓе од горе и добро е да преспијат кај тебе”. “Добро”, реков. “А по која работа ќе дојдат?” Ете, сега јас да го прашам Лазо. Кажи, Лазо?

Речено е за отворањето на училиштето. Тие ќе одржат говор...

- Ете, - викна Киро - и говор тие ќе одржат, како да немаме ние човек што знае да рече еден-два збора. Ајде, нека биде и така. Ете... - од почеток Киро ја зафати мислата - ќе дојдат, значи, важни луѓе, како што доаѓале порано. А владиката, Кузе, нам не ни треба да доаѓа... Место него си го имаме ние поп Васил, кој ќе го освети училиштето... Нели, народе?

Лазо и Кузе се погледнаа в очи, погледнаа и наоколу. Митре подигна рака и викна:

- Така е! Поп Васил да го освети училиштето!

- Не, - рече Лазо - не е така. Поп Васил нека си ја гледа црквата, а учителот училиштето. Така е подобро. Добро велам, луѓе или не?

- И добро и не, - рече Киро. - Туку, ајде ние многу да не умиме, зашто можеме и да се скараме, а тоа бргу ни оди од рака. Штом доаѓаат луѓе од раководството, нека го отворат тие училиштето. Па тие и така ќе држат говор. Па нели, Лазо, за тоа ќе дојдат?...

Собирот траеше до доцна во ноќта и на крајот се растурија без да постигнат согласност што ќе се пее на отворањето. Само Митре се врати дома навреден зашто Лазо му рече пред сите дека треба да го заборави тоа што некогаш комитувал со Чакаларов и со Митре Влао и дека поминаа тие времиња...

- Тој мене ќе ми рече - фрчеше дома Митре - поминаа тие времиња... Е, бре, Лазо, воле ниедно, тие времиња токму доаѓаат... Само ти си слеп и нишчо не гледаш, тфу! Поминале времињата... Да, се разбира, ама зависи за кого и како поминале... Па тој, Митревице – и се обраќаше тој на баба Митревица - ќератајата и пезевенкот, па тој е и глув!... Глув е, жими вера, штом не слуша како се пее: Во борба, во борба македонцки народе...

Митревица го праша:

- Митре, да пушча софра?

- Тргни ми се од пред очи со таа софра! – викна Митре како да му беше крива токму таа што Лазо е слеп и глув и ништо не сака и не може да разбере од тоа што го разбира Митре.

Седна Митревица во ќошот до огништето, го зеде плетилото и како да не беше ништо, почна да плете. Митре испи еден чубук, ја испразни пепелта и кога го запали вториот, тивко праша:

- Што е со вечерата? Ќе вечераме?

- Да вечераме, стопане, - рече Митревица. Ја стави софрата пред Митре и му ја наполни чинијата со грав. Митре лакомо сркна и ококори очи, плукна во оганот и викна:

- Толку пати имам речено не сакам жешко, а ти право од огнот в уста! Ова не е грав, туку жар!..,

Митревица, без да обрне внимание на викотниците на својот стопан, отсече од лебот големо парче и, подавајќи му го, рече:

- Ами, така, бре, Митре, се јаде... топло, а не студено. Шо јадење е тоа ако не е топло...

Митре направи попара и набрзина ја исрка. Ја турна софрата од себе и, станувајќи, рече:

- Јас ќе одам докај Киро. Легни си. Не чекај ме...

Кај Киро светеше откај јужниот чардак.

- Имаат гости, - изусти тивко Митре. Стоеше малку пред ниската железна ограда и сврте накај Ѓорѓи. Удирајќи со патерицата по кал'дрмата, Митре мрмореше:

- Баго мајте... бре расипан човек... Тој мене нишан да ми стави... Ами добро му велев на Чакаларов - ајде, бре, војводо, да ги истребиме тие шипје, тие... Море и тие војводите - подвикна Митре - се криви шо го кренаа народо и ја оплескаа... не бил, демек, народо подготвен... а тие беа, а? На, шо беа... Врховистите порано го кренаа... а каде беа војводите да им ги скинат главите како на јаричиња, а? Каде беа? И овие го кренаа народо, па ај да видиме до каде ќе стигнат. Добро, барем шо им текна училишта да отворат... така... да им ги отворат очите на децата, а не на такви како Лазо и Кузе... Лазо, лечпер ниеден, шо сам попара не знае да си здроби, ќе му кажва на народо шо е право и шо е криво... и ќе ми се фали со таа негоа партија.., бре.., бре.., голема работа...

Така мрморејќи, Митре стигна пред портата на Ѓорѓи и удри со патерицата викајќи:

- Ѓорѓи, о, Ѓорѓи, дома си?!

- Дома, ами каде во чрното ќе ој, - се слушна гласот на Ѓорѓевица. - Таа го тргна лостот, ја отвори вратата и праша вчудовидена:

- Ој, бре, Митре, ти си?

- Јас, Ѓорѓевице... Дома е стопанот?

- Влези, влези, дома е.

- Сами сте?

- Сами, ами со кого? Зошто прашуваш?

- Шо знаеш... Поминав откај Киро, а таму на цел чардак светлина до немојкаде... Гости си имаат изгледа, па, си реков ај да одам докај Ѓорѓи на едно видување...

- Уф, море Митре, гости кај Киро... сигурно се оние од горе. Ѓорѓи мој рече дека некои важни... дојдени се за утре... Ами шо не дојдоа утре, туку денес?

Ѓорѓи го пречека и влегоа во одајата.

- Уште еднаш добро дојде, Митре, - рече Ѓорѓи подавајќи му рака на Митре. - Шо слушам, си се поткарал со Лазо?

- Јас да се карам со Лазо? Зошто? Кој е Лазо за да се карам? Глув и слеп, ете, тој е Лазо. Буф! Море и ум нема... Тука, ај да не велам. Се знае... и се пули...

Ѓорѓевица донесе на послужавник слатко од тиква.

- Повели, Митре, и водица напиј се..,

- Сполај ти, Ѓорѓевице, - Митре полека го јадеше слаткото. Со јазикот си ги навлажнуваше усните и офкаше: - Уф'уф'уф што ми олесна, Ѓорѓевице... Бузите ми се изгорени. Митревица право од огнот на софра гравот. А јаска без да дувнам - о уста... Цела уста ми е плускавици... Пули да видиш - тој зина и Ѓорѓи виде цела редица бели и здрави заби.

- Аман, бре, Митре, па ти сите з'мби си ги имаш?

- Ниту еден досега не ме болел... Таков ми е сојот, шо да правам, - се насмеа Митре. - Туку, да те опитам, Ѓорѓи... Уште ли е кај тебе онаа стара книга?

- Која?

- Таа шо ја скри дедо ти кога ја прибра од црквата. Не ти текнува? Таа со словенските писма... Ѓорѓи намршти веѓа и праша:

- А зошто?

- Си реков: оди кај Ѓорѓи, земи ја црковната книга на нашето слово и сега, кога астиномите (Астиномос (грчки) - полициски чиновник) се далеку и судиите и законите, па чати си малку, а и со учителот муабетот подобро ќе оди и подолго ќе трае... Разбра сега?

- Книгата ја имам скриено во црквата Свети Врач. Утре или некој друг ден ќе ти ја донесам.

- А каде, Ѓорѓи, ја имаш, мислам на кое место ја имаш скриено?

- Ти, да не мислиш сега да одиш да ја бараш?

- Господ да чува и да брани! Зар би отишол јаска без тебе?

- Кој, ти? - праша Ѓорѓевица. - Ти, Митре, кога ќе наумиш, и на ѓаволот готов си в уста да му погледнеш... Таков си ти...

- Ајде, де... - задоволно рече Митре.

Ѓорѓи сврте глава кон Митре и го праша:

- А што си запнал толку за таа книга?

- Па, како да ти кажам... Нешто ме држи за тука, - Митре покажа на градите - тука, ете, тука, под лажичката... Се си велам дали учителот ќе ги учи децата по словенското писмо или.... Велиш книгата ја имаш скриено во Свети Врач. Добро... Таму не им текна да копаат. Белки глувците не ја изеле, шо велиш, Ѓорѓи?

- Во кутија од ламарина е кладена, Митре, и ич не бери гајле.

- Е, ако е така, - стана Митре - тогаш да си одам дома. А ти да не заборавиш да ме викнеш. Сакам заедно да одиме по книгата... И на поп Васил да му ја дајме, шо велиш? Нека пее...

И додека Митре се враќаше дома, Кузе, потстрижувајќи го синот Николче, му велеше:

- Слушај ме добро, синко Николче, и запамти: на даскалот утре коа ќе влезиш о сколиото ќе му речиш: калимера, кир даскале. (Калимера, кир даскале (грчки) – добар ден, господине учителе.) На одење: јасас, кир даскале (Јасас, кир даскале (грчки) - здраво, господине дакале.)... Кога ќе ти го прочита името, ти да речиш: парон (Парон (грчки) - јас, тука присутен.). И немој да слушнам лошо за тебе. Немој да велат луѓето: пули го син му на Кузе, каков е... Ти да си првиот во се... Така, синко Николче... А ти, - и се обрати на ќеркичката - ти треба да растеш, Цоце, да растеш и кога ќе порастеш, тате во Стамбол ќе ми те прати... Така, чендо, така да знаеш...

Глава 8

Поп Васил му рече на Стефо:

- Удри ја камбаната... а потоа види дали учителот е во училиштето.

- Треба да му речам нешто, попе?

- Не, не вели му ништо посебно. Сакам подоцна да го видам, само тоа, ништо друго.

По утринската молитва, на која најмногу се собраа жени, луѓето појдоа накај училиштето. Облечени беа во најновото што го имаа. Се собраа во дворот. Меѓу мажите, што стоеја во круг, трчаа помалите деца, а оние, поголемите, се држеа настрана.

- Ама зошто се уште ги нема другарите? – праша Лазо.

- Е, зошто ги нема... - дофрли Митре. – Или се уште не станале или допрва Киревица им го вари кафето...

Мажите се насмеаја гласно. Лазо му се обрати на Кузе:

- Оди, Кузе, и види што прават. И речи им да побрзаат.

Кузе набрзо се врати, а зад него полека се доближуваше Киро.

- Што е, Кузе? - праша Лазо.

- Чекајте нека каже Киро, - рече Кузе задишан.

- Ајде, Киро, о, Киро, побрзај - подвикна Лазо. - Што е? Каде се другарите?

Киро се поздрави со Ѓорѓи, му подаде рака на Митре. Ги погледна присутните и рече:

- Другарите, другар Лазо, си отидоа, а каде, не кажаа. Ноќе дојде некој, го извика надвор оној повисокиот, нешто му рече и

потоа си ги собраа парталите и ги снема во мракот. Жената што беше со нив само рече: “Поздрави го Лазо. Ние мораме бргу да се вратиме горе”. Така рече. А каде е тоа горе, не кажа. Ти, Лазо, можеби знаеш?

Митре се доближи до Лазо, го фати за ракавот и, тресејќи го, зборуваше зарипнато:

- Јаска да бев на твое место, Лазо, немаше да ги пуштам. Ами сега што ќе прајме? Нема да го отвориме училиштето?

Учителот влезе во кругот. Подигна рака, давајќи со тоа знак дека нешто сака да каже:

- Луѓе! Сега не се најважни другарите што си отидоа. Најважно е да го отвориме училиштето и да почне тоа да работи. Така ли е? Другар, Лазо, ајде ти или Кузе, речете некој збор за почетокот и да ги пуштиме децата внатре... Повелете.

Лазо погледна кон Кузе, а Кузе кон Лазо.

- Ајде, ајде, - ги потурна Митре - еден по еден, не срамете се...

Лазо појде накај скалите и застана на највисокото скалило. Оттаму погледна во дворот начичкан со луѓе.

- Мили луѓе! - викна тој. - Многумина од вас се прашуваа зошто го поправавме покривот на училиштето? Сега знаат, а дознаа и кога работеа. - Грлото му се стегна, се исуши. Никогаш досега не застанал пред толку народ и првпат му беше јавно да зборува. Гледаше наоколу, замавнуваше со рацете. - Јас, луѓе, не знам убаво и многу да зборувам. Тоа требаше да го направат другарите што дојдоа сношти, ама некоја итна работа ги натера да си одат. Ете, сега, штом ние се собравме тука, јас да го кажам само ова: и нам и на нашите деца нека ни е со добро првото училишно ѕвонче... а ти, даскале, наш учителе, повели, влези прв и поведи ги по себе децата. Повели ! - викна Лазо и со широк замав на раката покажа кон вратата.

Учителот застана покрај Лазо. Се ракува и потоа проговори:

- Деца, прво вам сакам да ви кажам неколку збора. Сакам да знаете и да запаметете дека овој ден е ваш ден. Денес вие ќе го пречекорите прагот на училиштето, а тоа е исто како да зачекорувате во нов живот. Ќе зачекорите во животот на буквите, на книгите што ќе ве пренесат во нови простори, во нов свет, но никогаш не заборавајте го овој ваш свет што е составен од вашите најблиски и вашето село со нивите, и ливадите, и кориите, и ова небо што синее над нас... И да знаете и да запаметете дека овој ден е и ден на вашите татковци, постари сестри и браќа кои сега на боиштата со оружје в рака се борат и се изборија вие да имате свое, наше, македонско училиште... во кое ќе го учите јазикот на вашите баби и дедовци, на вашите мајки и татковци и никој нема да ве кара и да ве тепа, да ве срамоти и омаловажува затоа што ќе зборувате на тој јазик. И да ви кажам... денес, ете, пред два часа, во цела Македонија удри училишното ѕвонче и сите македонски деца веќе седат на училишните клупи... Само ние малку задоцнивме... И кога велам сите македонски деца, мислам на оние во вардарскиот и во пиринскиот дел на Македонија... И да ви кажам уште на сите што се собравте тука дека ова е првата училишна година кога во цела Македонија, иако таа е поделена, Македончињата учат свој, наш, македонски јазик. Вие, мили деца, бидете добри ученици, умни и смели зашто од вас многу чекаат и вашите родители и Македонија зашто вие сте нејзината иднина. А таа ќе биде таква, каква што ќе ја измечтаете, каква што ќе ја иссонувате и ќе ја сакате... А јас ќе ве научам да читате и да пишувате... Потоа ќе дојде некој што знае повеќе од мене и по него друг и потоа вие ќе знаете повеќе дури и од вашите учители... А сега јас на секои три деца ќе ви поделам по еден буквар... Толку има... Еден ден секое од вас ќе има свој буквар, многу тетратки и моливи...

Учителот со раце ги покани децата да поминат покрај него и, откако им ги подели буквариte, влезе во училиштето и само миг потоа излезе држејќи в рака ѕвонче. Го подигна високо над главата и заѕвони.

Децата влегоа во училиштето, а луѓето полека-полека се разотидоа дома, возбудени од биењето на ѕвончето. Во дворот

останаа неколку старци. Ги мускаа чибуците, испуштаа облачиња чад, тапкаа и тропаа со патериците. Прв се оддели Митре и си ги залепи носот и мустаќите до прозорското стакло. Зад него застанаа и другите и слушаа што зборуваше учителот. Киро, низок и најпослежен, ништо не можеше да види. Се подигаше на прсти и потскокуваше. Пандето на Ленка - така го викаа старчето што стоеше пред него, се сврте и налутено му рече на Киро:

- Што се туркаш, бре, Киро, да не мислиш алва продаваат, та за тебе нема да втаса?

- Мрдни, мрдни, поганецу... И јас да видам и да слушнам, - прошепоти Киро плашејќи се да не го искара учителот. - Мрдни де, мрдни, реков - Киро ја протури главата под мишката на Пандето на Ленка и остана со широко отворена уста и насолзени очи. Учителот, одејќи меѓу клупите, ги погалуваше децата по избушавените глави и, кога се доближи до таблата, рече:

- За денес, деца, толку...

- Их, мајката! - викна Киро и возбудено го бувна по грб Пандето на Ленка. Тој потскокна и опцу, но чувствуваше безмерна среќа.

- Диии!!! - викна Киро како да скротуваше ајгар. - Што пцуеш, па нели ти реков да се помрднеш...

Николче се врати дома, ја фрли торбата во која имаше неколку грчки книги и навредено му рече на татка си:

- Тате, ништо од тоа твое калимера, јасас, парон, кир даскале. Учителот ни рече да се поздравуваме сабајле вака: добро утро. Цел ден - добар ден, а навечер - добровечер. На разделување да велиме - до видување или до гледање, а кога се среќаваме да си велиме - здраво.

Една недела подоцна старци седеа во тремот на црквата и си прикажуваа. Кажуваа за учителот. Еден од нив, удирајќи со патерицата по плочите, велеше:

- Море, каков даскал е тој, бре? Ниту зарзала, ниту паларија, ниту чевли болскливи, ниту патец на средина или настрана и коса без брилантин? А види го, бре, како е облечен? Цокули, војнички панталони и капа и појас војнички. Не! Велам дека тој не е никаков учител. Старец ќе види, добар ден, дедо, стара ќе види, добар ден, бабо... со сите е со добро утро, со добар ден, со добра вечер, што правиш, што чиниш, како си? - ќе те опита, тутун или цигара ќе те почести. И грчки не зборува и никого не кара кога слуша како си зборува наши. И децата не ги кара. А и тие, пезевенци, го слушаат, го фалат. Не ги тепа како грчките даскали што ги тепаа затоа што зборуваа македонцки... И место ние први да го поздравиме, да му се поклониме како порано - калимера, кирје... зито Елас...

Потоа влезе во црквата, запали свеќа пред иконата и, крстејќи се, рече: “Сполај ти, сполај ти, Богородице.”

За Киро велеа дека младоста и здравјето ги истрошил далеку од меѓите на родното село. Веднаш по Ypjетот, преку Србија, Австрија и Италија, тој заминал во Америка. Дома останале петмина: таткому Наќе, мајка му Дина, братот Никола, снаата Софа и пред две години доведената невеста, Мара. Пред Балканските војни таму го повлекол и братот, а тој си ја зел и Софа. По големата војна се вратил Киро, ама властите не сакале да го примат зашто носел турски пасош, а местото негово си го прибра Грција и од него побарале да се откаже од турското поданство и да бара грчко. Го викале и го шетале од канцеларија до канцеларија и се нашол некој, та го посоветувал:

- Ако не примиш грчко поданство, ќе те истераат во Бугарија како Бугарин...- И не само тебе, ами целата фамилија.

Киро се повинил и така станал грчки поданик. Му останаа дома многу кадра на кои тој на главата има фес, а на други пак, паларија - личи на Американец.

Во времето кога македонските имиња на селата и градовите со закон ги менуваа со грчки, Киро заедно со Ѓорѓи пак замина за Америка. Овојпат како грчки поданик. Три години поработи и, пред да почне биг крајзисот, како што често го оправдуваше своето враќање по големата криза, се врати дома. Ја најде само Мара и мајката Дина. Таткото Наќе веќе една година лежеше в гроб. И кога дозна дека пак се отворија вратите на фабриките во Америка, тој пак посака да оди таму, ама тогаш донесоа некои нови прописи и Киро меѓу првите ги почувствува. Грчкиот допрва го учеше, а ниту турски ниту англиски никој од надлежните не знаеше, па им прозбори македонски и за малку што не го натераа да пие рицинус и да јаде ренка. Не го натепаа, иако му се заканија, зашто Киро беше шетан човек и знаеше добро да отвори уста. Што им рече на англиски, никој не го разбра, но оттогаш кон него се однесуваа со некакво страхопочитување и се држеа настрана. Киро кога одеше во Костур или во Рупишта, а и во други градови, со себе го земаше Ѓорѓи, најблискиот сосед и пријател, кој толку зборуваше грчки, колку да не се загубат во градот и во ходниците на околиската управа.

Киро пари донесе и пари праќаше, ама остана без челад. И ако некој најмногу боледуваше поради тоа, тоа беше Мара. Но затоа градските жени, најмногу оние од Костур, и се восхитуваа и и завидуваа кога таа “американски”облечена, вртеше еден два круга по пазарот, а потоа - право на пошта да подигне нов пакет или чек. Ама Киревица, пред да стигне во Костур, штом зад неа остануваше Мањак, подзастануваше и скраја од патот ги собуваше опинците и валканите чорапи и обуваше тенки чорапи и чевли со високи потпетици и копчани со ремиче. Вистина, и студеше, ама на женската љубомора таа удираше со женски инает. Така таа еднаш неделно шеташе до Костур и кога попладне тргнуваше за дома, штом излегуваше од градот, чорапите и чевлите ги фрлаше в торба и исправена, со лесен еребичен чекор, боса стигнуваше дома. И го блазосуваше времето кога Киро рече дека повеќе во Америка нема да оди. По една година почина и свекрвата. Киро ја прежали и неа како и својата младост и младоста на Мара. За парите што му беа останати во една американска банка, му порача на братот Никола да му прати проект за куќа каква што “нема во нашето и

во околните села", најде фирма во Солун преку која купи материјал и со благослов на поп Васил и со рацете на мајсторите од Нестрам, Киро изгради куќа од делкан камен и ја покри со френски ќерамиди. Авлии не подигна. Врз низок темел постави железна ограда и ниска врата на која по настојување на Мара, го стави дрвениот лост од старата куќа. Тоа што оставаше најголем впечаток беа високите и широки чардаци од резбано дабово дрво, наместа опковано со железо. И, ете, сега, на стари години, Киро ту седнува на едниот, ту на другиот чардак кои се делат од горната влезна врата, над која е иконата на Свети Никола, и се среќаваат кај што зајдува сонцето.

Оттука, од чардаците, Киро ги гледа сите страни на светот. Наспроти сонцето - Стените - сив каменест рид, изложени од југ спрема север. Отаде е Костурско Поле, а натаму езерото. Лево Претсело - така се вика местото со сите ниви и шумата отаде нив. Натаму - Лобаницко, голема борова корија и преку неа високиот гол и карпест Мали Мади. Под него Косинец, поназапад - Лабаница. Села горени во Илинденското востание, потоа обновени. Блеска под јужното сонце белината на ѕидовите на куќите што се распоредени под ридјето и каменот на планината белее измиен од дождовите и испечен од сонцето. Уште поналево од Лобаницко - Трстеник, Капешчица и натаму - Билишча. Тие се отаде реката што тече под Телок и таа е меѓник - ги подели луѓето што зборуваат македонски и турски. Сега и албански. На запад - Крлевица или Кралевица - кога тука ораа подлабоко, наоѓаа скршени дебели тули и ќерамици, грнци и распарчени цевки од глина. Натаму црквата Свети Ѓорѓи и долу, во трапот, тече реката што до Турска Нива е гранична, а оттаму до Долно Папратско ја викаат Карчицка Река. Отаде неа е Новоселени, на самоти рид, а натаму Шак и Ревани, населени со Маџири. А видикот го затвора Аљавица. На југ - Горуша. Под неа Грлени, Горно Папратско и преку нив Одрето и Орлето. Под нив Езерец и шумите со костени. Оттука сите околни села сосе шуми и ливади и лозја, се викаат Костенарија. Името им дошло од многуте костени.

Од чардаците на Киро најдобро се слушаа камбаните на околните села. Сега ретко бијат како порано. А замолкнаа во

Грлени и Горно Папратско. Бијат во Косинец и Лабаница. Но сега поинаку бијат. Брзо - кратко - испомешано. Викаат-повикуваат. Де на тревога, де на собири. Се до лани, до пред гроздоберот во Крчишта се одзиваа одеднаш и тие беа повик дека наближуваат Маџири да пљачкосуваат. Се стрчуваа селаните, оставајќи надворешна работа, но со себе ги носеа вилите, лопатите, копачите, секирите, срповите, косите... И се бранеа. Во ушите на младите, што сега се по шумите и планињето, останаа камбаните како повик. И тогаш, кога ги мобилизираа во ДАГ, ги повикаа со гласот на камбаните. Само кај постарите и најмногу кај старците тие и сега имаат други звуци. Ги паметат по тие три тажни ѕвонења - за умрено и веселите ѕвонења - за раѓање, крштевка, венчавка... и за празници...

Кога одреди партизани поминуваат денски по ливадите кај Нова Чешма, се гледаат од чардаците на Киро. Понекогаш тој ја повикува Мара. Таа погледнува и им јавува на сосетките. Тие на други. И жените со сепетки под мишка тргнуваа накај Свети Ѓорѓи. Знаат дека таму ќе ја стигнат колоната. Во сепетките носеа варена пченица украсена со трнинки, јаболчиња-дивјачки, пупчиња, парчиња погача и отстрана - бокалче вино или ракија. И на оние што им личеа на нивните им даваа лепче, јаболко, круша, топли волнени чорапи, фанела, а леб и пченица им раздаваа на сите. Раздаваа за покојот на душите на загинатите и за здравје и бог да ги чува живите.

До чардаците на Киро сега не допираат ѕвонења на камбаните само од Горно Папратско и од Грлени. Маџирите беа избегани во Рупишта, во Мањак или во Дупјак и тука го влечеа животот што поблиску до касарните каде беа сместени и магазините пред кои секојдневно ја добиваа државната порција леб и сол. И конзервите од УНРА. Нивните камбани молчеа. Гледа Киро десно од чардаците и таму, под Горуша, ги гледа Горно Папратско, Грлени и отаде, во сивата магла, - Езерец а, високо над него Одрето и Орлето и под нив Ловраде и Сничени. Чисти - без Маџири. А околу нив - мешани. Го памти Киро времето кога замолкнаа и кога одново заѕвонија камбаните во Горно Папратско и во Грлени. Тоа беше по војната на Грција со Турција. Тогаш дојдоа боси и речиси голи од отаде Белото

Море, од пустињето Маџирите. Тогаш потурчените Македонци ги истераа во Турција. Тогаш човек на државата го повлече јажето за да извести дека испразнетите села пак се наполнија со нови, ама за Грција туѓи, зашто уште тогаш, уште не влезени во куќите на тие што ги протераа во Турција, почнаа да ги викаат Туркофони; ги исмејуваа и ги срамотеа. Но бргу им изградија училишта, ги обновија старите цркви и ги урнаа џамиите. Жените на дојденците - Маџирите - и во Горно Папратско и во Грлени, во Ревани, во Шак, а и во селата од Пополе - Ошени, Света Недела, Галишча, Добролишта, Четирок и некои други, носеа шалвари, шарени прегачи, беа забрадени со бели шамии, пред мажите се криеја. Грчки ниту збор. Си зборуваа турски, арменски и други јазици на кои само тие им го знаеја името и коренот. За државата беа гнасни, нечисти, валкани и диви туркофони. Садеа тутун, пченка и тивки и ништо друго. Зрната на житата - велеа - не им беа познати. А есента со торби и вреќи се растураа по нивјето и ридиштата и береа горници. Правеа пекмез, најдобриот пекмез што се јадеше во Костурско. А бидејќи веќе живееја и се среќаваа и на воденица и на пазар најмногу со Македонци, брзо почнаа да го зборуваат нивниот јазик, а не јазикот на државата. Киро го памти и разговорот што го водеше со попот од Галишча. Се најдоа на пазар во Рупишта. Киро на македонски, ама попот го гледаше в очи и му рече на турски:

- Не те разбирам, Рисјанине...

- Зар не знаеш наши?

Попот пак на турски:

- Јок...

Ѓорѓи, кој беше со Киро, му се обрати на грчки:

- Мојот пријател те прашува, како тоа ти, поп, а да не знаеш македонски?

- А прашај го дали знае грчки? - подрече Киро.

- Грчки знам, - рече попот - повеќе разбирам отколку што можам да зборувам.

Киро преку Ѓорѓи го праша:

- А како зборуваш со твоите?

- Турски, - одговори попот.

- Турски? - зачудено праша Киро. - Како, бре, попе, турски? - последните зборови Киро ги изрече на турски.

- Ти знаеш турски? - праша попот.

Дали знам турски? Како вистински Турчин - одговори Киро. - Ами, попе, ај да влеземе во кафето на по едно кафе, па ќе си поприкажеме турски. Повели, јас ќе платам.

Така Киро се запозна со поп Панајоти кој дојде од Мала Азија и кој со својата паства си зборуваше турски.

- Попе Панајоти, - прашуваше Киро - а твоите да те опитам, те разбираат ли кога им читаш в црква од црковните книги?

- Јок, бре, пријателе... Јас не разбирам, а камо ли тие.

- Како тоа не разбираш? Грчки поп, па не разбира? Па нели им читаш?

- Им читам...

- И тоа што го читаш, велиш, не го разбираш?

- Да читам знам, ама да разбирам не знам... Научив неколку страници напамет и си псалвам, се крстам и луѓето се крстат...

- Аман, бре попе Панајоти, па ти расо попско носиш и капа и да разбираш не знаеш...

Поп Панајоти се насмевна одвај забележливо и удирајќи го Киро по рамо, рече:

- Киро, ако е до расото и капата, тогаш еве ти ги, облечи ги, па да видиме дали ти ќе разбираш, а?

Киро не очекуваше таков пресврт, ама најгласно се смееше од шегата на поп Панајоти.

На одење, поп Панајоти му рече:

- А бре, Киро, шејтан ниеден, да те опитам. Поп Васил кај вас е поп, нели?

- Да!

- Па прашај го него дали тој тоа што го чита го разбира или како јас... и дали луѓето го разбираат?

- Ајде, бре, попе Панајоти, жити господ, - се прекрсти Киро - ќе разберат луѓето... Тие не разбираат што значи калимера, а камоли што им пее в црква поп Васнл... И сега ли ќе ме тераш да се смеам како пред малку?

Тогаш во Костурско се зборуваше на сите јазици што ги знаеја луѓето и никому тоа не му пречеше. Ама подоцна... Подоцна, по дванаесетина години, пак се среќаваа, ама на јавни места говорот беше друг. Турски си зборуваа само во четири очи и тивко, а македонски, и овој јазик го научи поп Панајоти, ретко и скришум... Тогаш поп Панајоти отвораше срце и кај Киро бараше мевлем за својата тага. Велеше:

- Киро, ние дојдовме оттаму, од каде што изгрева сонцето. По пат сретнавме несреќници како нас кои одеа во нашето место, а ние доаѓавме на нивното место. Убаво е ова ваше место. Зелено, со водје и кории, плодна е земјата. Нашето таму пустеникаво, ама, ете, си го сакаме и боледуваме за него. Таму ни останаа предците, таму ни остана детството и младоста. Умирачката само таму, ми се чини, ќе ми биде најдобра и најмирна. Ете, јас, заминувајќи, зедов еден камен... Под пазува го чував, го греев и

го донесов тука. Тој ми е од мојата земја... Камен, Киро, ќе речеш мртво нешто, не зборува, не се смее, не тажи и не жали... Камен со кој некој ќе те удри или ти по некого со него ќе фрлиш или ќе го поттурнеш... Камен, ама...

- И тој е земја, - замислено и развлечено рече Киро - дел од тебе... И тука да го фрлиш, да го закопаш во оваа земја, тој нема да остане во неа зашто од неа не е и никогаш околу него трева нема да порасне... Ќе се тркала, ќе го преместува некој, ќе го поттурнува... се си има свој корен и до коренот треба да се држи...

- Така, Киро... нас не откорнаа и мир во душите и срцата немаме и, иако оваа ваша земја е питома и мирна, јас во неа се чувствувам туѓинец... Туѓинец се чувствувам и во оваа држава зашто во неа немам свој камен... јас мислам само на камењата што ги оставив таму, таму - преку Бело Море...

Старите ги разликуваа и вкусот на водата и нежноста на утринскиот ветар. Повеќе во осама и во долги ноќни разговори им течеше времето, намнисувајќи за тоа што остана зад нив и подраго им беше тоа отколку утрешниот ден и времињата што допрва доаѓаа. А младите, тие, кои веќе ја соблекле грчката униформа и на новите живеалишта закопале понекој од својот род, полека почнаа да пуштаат корен. Киро не еднаш, во разговор со Ѓорѓи, велеше:

Кога некаде ќе закопаш некој свој најблизок, тогаш почнуваш местото да го чувствуваш како свое...

Така и овие местото каде почнаа да ги закопуваат своите најблиски почнаа да го чувствуваат како свое. Иако немили и недраги тие се повеќе ги мразеа луѓето со кои судбината ги одреди заедно да живеат. Луѓето што во овие предели на Македонија беа донесени на службување од островите и од јужните делови на Грција во честите посети и разговори со повлијателните Маџири често им велеа:

Мајка Грција ве донесе од пеколот и ви даде покрив над глава и земја. Таа е ваша. Ќе знаете ли да ја чувате - ќе ја имате. А

можете да имате и повеќе, ако овие, словенските варвари, ги протерате...

И штотуку заврши војната и се растури ЕЛАС, почнаа полека да излегуваат Маџирите од атарите на живеалиштата и да посегаат по шумите на македонските села. Сечеа немилосрдно и, пред да го кутнат дрвото, викаа:

Песе, Вулгаре! (Песе Вулгаре! (грчки) – Падни, простаку! (Така ги викале во Грција Македонците, вулгаре-погрдно име за Македонците)) - Се жалеа луѓето кај власта, власта ветуваше, а Маџирите сечеа, и пролеттаа четириесет и шестата со запрежни коли, со магарења, маски и коњи и со пушки и италијански гранати тргнаа по костурските села да грабат. Напаѓаа во зорите или во време кога луѓето беа на работа. Во оние села во кои наидуваа на отпор и слушаа понекој рафал, отстапуваа и го чекаа мигот кога во нив влегуваа казнените одреди на жандармеријата. Тогаш и тие по нив... А кога по шумите и планините и сред село се слушаше "Во борба, во борба, во борба, македонски народе..." ги напуштија селата. Пак со торбите и вреќите го фатија патот кон исток, ама не отидоа подалеку од Костур и Рупишта и околните поголеми села во кои имаше мали жандармериски или воени гарнизони. Вистина е, не сите. Многу од нив тргнаа по истиот пат што водеше во планините и шумите и се бореа против владините војски од ист ров и гинеа заедно со Мкдонците... Киро ги знаеше и луѓето и нивните семејства и нивните рожби што загинаа на Горуша, на Копанче, Мали Мади и отаде Аљавица. Но кај него остана горчливиот вкус на разочарувањето што дојде со пљачкосугвањата и погромите и имаше кај него мигови кога се сомневаше во паролите за братството и единството што се почесто се слушаа од устите на Лазо и Кузе и во ветувањата на оние што шетаа по селата и вестеа за тоа какво ќе биде тоа утре што допрва треба да биде донесено. А во меѓувреме до неговите чардаци се погромко допираа пукотниците и грмежите од Горуша и Аљавица. Над Орлето и Одрето се почесто се гледаше како одеднаш од земјата се издигаа сиви и црни облаци, а дури тогаш кога се појавуваа втори и трети, допираа глуви и тапи грмежи кои повеќе личеа на длабоко стенкање...

Глава 9

Авионот долета откај шумата. Сосем ниско го надлета селото и се чинеше дека, штом ќе замине отаде лозјата, нема да се врати. Стражарот од месната одбрана ја репетира старата малихерка и истрела во воздух. Киро излезе на чардакот, разгледа наоколу и во мигот кога повте да се врати дома, слушна бучава на авион. Се сврте. Црната точка брзо наближуваше и растеше во неговите очи. Виде како една по друга се одделија од авионот две топки и во косо спуштање итаа кон земјата. Во долното маало се дигна во воздух плевната на Митрашковци и селото се наполни со грмеж. Ехото го презеде и го удираше од најблиските карпи, го пренесе отаде долот и го префрли преку река. Над куќите затропаа куршуми. Парчиња керамиди и камења од калдрмата прскаа наоколу. Авионот кружеше над селото и непрестано пукаше од митралезите. Долго коњско ‘ржење се испомеша со пукотниците. Во близината - болно кучешко цвилење го наполни сокачето и се загуби зал куќите. Само за миг авионот се оддалечи и, кога стивна бучавата, од училиштето истрчаа децата и се растурија во дворот, а оттаму фатија кон отворената лединка... Киро се стаписа кога виде дека авионот го заврши кругот и како орел, рикајќи со сета бучава, го снижи летот, истури гранати и во исто време митралираше. Од чардакот како на дланка се гледаше како се превртуваа децата. Некои стануваа и тетеравејќи се и со пискот и плачење, се обидуваа да дотрчаат до првите куќи; други, како да беа сопнати, паѓаа одеднаш и остануваа притулени наземи. Авионот одлета, ги превали Стените и го снема. Луѓето трчаа избезумени, викајќи на сите страни.

Киро си ја соблече ќурдијата, ја посла на земја и го стави во неа распарченото тело на Коста. Понатака од него, на десетина чекори, потскокнуваше телото на Јане, дванаесетгодишно момче. Не викаше. Неговите широко отворени очи беа вгледани во небото. Ту со левата, ту со десната нога ја гребеше земјата. Киро со крајот од окото погледна и во тој миг го виде бледото лице на Јане како се стега и се витка во грч. Подигна гради, се обиде да се преврти, отвори уста, чиниш некого викаше, стегаше очи како да молеше. Умираше тивко. Околу него, на зелената и ровка млада есенска трева, полека пивтијосуваше

крв. Погоре, Маре, русокосо девојче, држејќи се со едната рака за колкот, а со другата за стеблото на бадемот, со глас исполнет со болка, молеше испрекинато:

- Мамо, мамо! Дојди, мамооо! - направи чекор и се преврте. Падна ничкум, со лицето в земја. Не се помрдна. Букварот што и падна од под мишка, ветрот го оддиплуваше, си играше со листовите, шушкаше меѓу нив, ја мрсеше русата коса на Маре.

- Рииисте-е-е! - долго трепереше во воздухот гласот на Митревица. Избезумена од болка, клечеше таа до своето обезличено дете. Ристе беше погоден од големо парче железо и одвај можеше човек да го познае. Митревица ја имаше симнато веќе црната шамија и со неа го имаше покриено разнебитеното детско тело. Нејзиниот пискот одекнуваше до небото.

На стемнување, говедата, враќајќи се од пасиште, насетија крв. Се собираа таму каде врз тревата и земјата имаше пивтијосана крв, риеја со копитата, фрлаа зад себе земја и мукаа: ту продорно и долго, ту пискливо и испрекинато, засипнато и кратко, заглушувачки и морничаво. Пред прагот на Стојковци ореше бикот Црнуш и со левото копито ја грбеше земјата и ја валкаше со пена. Неговото пробивно и грозничаво мукање го исполни воздухот; надоаѓаше се посилно и поморничаво до крајните куќи, се растураше по доловите и се разбиваше врз карпите отаде селото.

Вечерта девет ранети момчиња и девојчиња товарени на коњи и маски беа упатени во В'мбел во партизанската болница. Ранетите деца беа придружени од нивните мајки што плачеа тивко но бескрајно болно. Во кошовите липаа, се задушуваа од болка и молеа децата...

Во дворот на Лаки, единствениот столар во селото и маж во одминати години, се собраа мажи и од нерендани лански избичени штици, коваа кивури. Пред изгревот на сонцето седум кивури простум беа наредени под стреата. Меѓу нив и на Коста. Киро го зеде под мишка, но пред да излезе од дворот, го прегрна, го гушна, го стегна на своите растреперени старечки гради, наведна глава и врз него потпре образ. Не ја избриша

солзата што му натежна в'око. Рамената му ги стегна болка, се присобраа, се растреперија. Уште миг остана така, скаменет, и со разнишан чекор тргна пред себе, газејќи ја калливата селска калдрма.

Кивурчето на Коста го ставија среде гостинската бела одаја. Мара Дичева, роднина на Стојковци, во него го стави телото на Коста завиткано во бел ленен чаршаф и, откако го покри со својата црна шамија, клекна и зареди:

- Шо сон сони, шо сон пули тоа чендо бело пиле? Орел чрн по него удри и мајка о чрно облече, ој! Шо сон пулпш, шо сон сониш Косте чендо, Косте мило?

Прекина колку за да земе здив. Чепна во чинијата со брашно, ја изгаси свеќата што догоруваше, запали нова. Тина Митрашкова клекна од другата страна и зареди развлечено:

Ко-о-осте-ее-ех... гууулабббел на-а-а тееееета...
шо миии лежиш, шо-о-о ми м'лчиш...ооој...

До неа, избезумена и скршена од болка, коленичеше Костевата мајка. Беше млада вдовица и нејзиното до вчера речиси девојчинско лице, сега покриено со бледило и стегнато во црната шамија, беше лице на предвреме остарена жена.

Стани, Косте, стани чендо,
мајка да зарадваш, ој...

Одајата ја исполни редењето на Тина Митрашкова. Жените, што стоеја во одајата и оние што седеа од двете страни на кивурот, се крстеа, липаа, си ги бришеа солзите со црните шамии и колнеа потихум. Старци улуглави влегуваа во дворот низ ширум отворената порта, се крстеа и, удирајќи со патериците по калдрмата, се искачуваа горе. Палеа свеќи, стоеја миг молкома и одеа да запалат свеќи и во другите ожалостени куќи.

Поп Васил дојде на полноќ. Редум отпеваше кај сите унесреќени. Камбаната испрекинато удираше и вестеше за несреќата се до околните села.

Утредента пред црквата се собраа старците и заедно со поп Васил рекоа погребот да се изврши ноќе.

- Да не дојдат пак, проклетите, - рече Митре – и денски пак да фрлаат бумби... А можат да дојдат. Се да се чека од нив...

- Штом рековте ноќе, - испрекинато заклучи поп Васил - тогаш ноќе.

На зајдисонце кивурите ги внесоа во црквата. Не беа откриени оние само на Коста и на Ристе. Ги наредија два по два. До олтарот - кивурот со Коста. И колку повеќе луѓе влегуваа во црквата, толку посветло беше. Пламенчињата на свеќите трепереа и шириа топлина и мирис на восок и изгорен фитил. Молкома стоеја луѓето, се крстеа и гледаа во иконите. Високо над царските двери, во плетенката од лозови прачки и лисја, нависнати бели и црни гроздови изрезбани во ореово дрво - единствено е безгрижна гроздоберката во резба. Крајот е лозарски и мајсторите тоа го врежале во олтарот. Полулегната под бујната лоза, во левата рака подигната кошница, како да сака да каже дека сите таги и болки во радост ќе ги претвори природата штом се излезе од храмот. До неа не допира тивкото редење на жените и таа не ја чувствува болката... Оттаму, од високо, долги години таа ги гледа радостите на крштевките и венчавките и жалостите на умирачките... Ете, и сега, безгрижно, како закована, таа ги гледа од горе седумте бели кивури и на некој му се приторува дека мавта од горе со кошницата како да сака да рече:

Ајде, луѓе, ајде со мене на лозје... на лозје по грозје, а по грозје на вино...

Тие што ја изрезбале, небаре го изрезбале вечниот човечки стремеж дека животот мора да продолжи каков и да е...

Се отворија царските двери и се појави во нив поп Васил - низок, полничок, троа подгрбавен и сив како гулаб. Посла питом поглед по луѓето и по кивурите. Во левата рака му трепереше Евангелијата. Тој лесно замавнуваше со кадилницата. Се шириле мирис на темјан. Молк во црквата. Сите погледи вперени во него. Стоеше поп Васил и сите чекаа да го почне опелото. А тој само лесно замавнуваше со кадилницата и гледаше во луѓето. Се влечеше времето и тишината притискаше. Врз себе поп Васил ја чувствуваше тежината на погледите и бремето на исчекувањето.

- Отпеј, попе, отпеј - му шепна Ѓорѓи кој стоеше најблизу до него.

Поп Васил се сврте и влезе во олтарот. Ѓорѓи по него.

- Поп Василе, што е? - праша Ѓорѓи со молба во очите.

- Да отпеам, велиш? Да отпеам на јазикот на тие што ни ги убија дечките, а?

Ѓорѓи скрсти раце, си го прибра вратот во раменага и со молбен поглед гледаше во поп Васил.

- Оди и кажи нека ја удрат камбаната, - рече поп Васил.

Ѓорѓи излезе од левата страна на олтарот и му шепна на Киро:

- Удри ја камбаната...

Тивко, тажно и развлечено одsвонуваше камбаната. По првите удари, поп Васил излезе пред царските двери. Улуглав и со спуштени раце. Се вслуша во sвонењето на камбаната што тераше на липање. Подигна очи и полека го впери погледот кон таванот - таму каде низ отворот што го направи минофрлачката граната што удри на црковниот покрив, го проби, ама не пукна. Оттаму сега зееше отвор и низ него се гледаше круг од небото. Таму го закова поп Васил погледот и, подигајќи ги рацете високо над главата и подавајќи ги кон парчето небо, изусти:

Господи, в скорби распространил мја јеси...

И во тој миг секна гласот на камбаната. Допреа до Киро зборовите на поп Васил и тој во првиот миг се стаписа, ама кога ги сфати првите зборови, почувствува како по грбот му тече студена пот. Вчудовиден, го пушти јажето, се стрча низ скалите и, кога слезе до балканот - женскиот дел од црквата - се скамени. Поп Васил стоеше пред царските двери со подигнати раце, гледаше во парчето небо и, подавајќи ги рацете, замоли:

Уштедри мја и услиши молитву моју...

И одеднаш постарите, кои ги памтеа овие забранети зборови, што само во темнина и само пред потуленото пламенче на масленичето, без да ги чуе туѓото уво, ги изговараа како молитви кои во тие мачни и теглилни времиња им беа мевлем на отворена рана, изговорија:

... и услиши молитву моју...

- Амин, - рече некој тивко.

Киро длабоко вдиша воздух, со ракавот си ја избриша потта што му потече од челото и вратот. Трепереше. Грлото му се исуши. Годините на молкот и стравот, годините кога и во овој храм беше замолчан и заедно со книгите беше истеран словенскиот збор и заедно со него беа премачкани иконите и натписите под нив, ете, сега, во ова лошо време што носи само плачови и редења, време во кое ја снемува младоста и радоста на животот, црквата заличи на она зашто беше подигната и за што беше наменета. Луѓето, вслушани во зборот свој, како да ја заборавија големата несреќа. Ги плени и зборот и гласот на поп Васил. Во нив го пробудија минатото и вчудовидени почувствуваа олеснување; ги обзеде некаква чудна, морничава топлина блиска и своја, зашто секој ден потајно ја носеа во себе, скриена некаде длабоко во дното на душата и мислите, а толку години јавно не можеа да ја изговорат...

Киро се сврте одеднаш и шепотејќи - Господи, в скорби распространил мја јеси... - го дофати јажето и колку што му

држеше силата в раце - повлече. Бронзениот глас ширум се растури, го однесе ветрот далеку оттука и додека гаснеше некаде таму во доловите и се разбиваше од карпите, зад него како бран достасуваше друго ѕвонење - посилно и погласно. Киро со секој замав и удирање велеше:

Уштедри мја и услиши молитву моју...

Едноподруго, повторувајќи "уштедри мја и - бам--бум - камбаната и тешка воздишка се откинуваше од градите на Киро и веднаш по неа - услиши молитву моју... Се заборави. Се посилно го повлекуваше јажето и ја удираше камбаната. Му се чинеше дека, колку подалеку ќе стигне ѕвонењето, толку подалеку ќе ги однесе словенските зборови.

Поп Васил прекина. Климна со брадата и со веѓите покажа кон камбанаријата. Ѓорѓи за миг сфати и, пробивајќи се меѓу луѓето, појде горе.

- Дум-дам-дум-дам!... удираше камбаната во неговите уши.

Киро, полунаведнат, со широки замави, како да косеше, повлекуваше. Неволно прекина кога почувствува дека некој го фаќа за рамо.

- Што правиш, бре, Киро? - му викна Ѓорѓи.

- Услиши молитву моју,... услиши молитву моју" - повторуваше Киро.

- Не удирај, велам, како да е Велигден, туку кратко - едно долго, едно кратко и тивко... - му го зеде јажето од раце и, самиот повлекувајќи, рече: - Ете, вака.

- Ах... така, демек... - во гласот на Киро небаре се почувствува навреда. - Дај ми го јажето... Знаеш, се заборавив, прости ми, господе боже - прозбори Киро и, откако брзо се прекрсти, повлече нежно. Од долу, од пред царските двери, низ балконот и скалите допираше растрепериот и возбудлив нежен и кроток глас на поп Васил:

Глаголи моја внуши, разумеј Господ звание моје...

По извесно време поп Васил ги спушти рацете. Си ја наведна главата. Гласот небаре му секна. Ги затвори очите и стоеше и на сите им се чинеше дека уште миг и ќе се струполи пред кивурчето на Коста. И одеднаш тој ја подигна главата, ги подаде рацете пред себе и, покажувајќи со прстот кон крукчето небо, викна на сет глас:

Суди им, Боже, да отпадут од мислеј своих...

Гласот негов како sвонење sунеше под таванот на црквата и одsвонуваше во ушите на луѓето. И никој не се помрдна од место. Едни вгледани во таванот, во отворот низ кој се гледаше парчето небо, други во поп Васил.

Свеќата во раката на Ѓорѓи догоруваше. Малендавото пламенче гаснеше во неговата дланка. Тој си ги навлажни прстите од усните и кротко го задуши пламенчето. Запали нова свеќа и, кога ја ставаше на свеќникот што стоеше пред него, го слушна гласот на поп Васил, но сега силен и гневен:

- Да скончаетсја sлоба грешних....

Киро немаше трпение полека да ја удира камбаната. Само за миг прекина и слезе долу до балконот. Погледна кон олтарот. Штом забележа дека камбаната не бие, поп Васил му даде со веѓите знак на Ѓорѓи. Тој се сврте и во истиот миг се сретна неговиот поглед со погледот на Киро. Тој му даде знак со рака, и, кога Ѓорѓи пријде до него, Киро му рече:

- Аман, бре, Ѓорѓи, удри малку и ти. Барем и јас, демек, да слушнам како поп Васил отпева на наши...

Оj, оj, оj, Ѓорѓи, оj...

Киро не стигна да слези долу и да застане пред олтарот, на местото каде што пред малку стоеше Ѓорѓи. Грмна како гром гласот на поп Васил и Киро остана на половина чекор:

Сокруши мишцу грешному п лукавому...

- Амин! - рекоа неколку гласови и по нив повторија сите.

- Амин! - рече гласно Киро и три пати се прекрсти.

Во еден момент морничавоста попушти. Некој гласно воздивна и во таа воздишка се почувствува олеснување, но никој не го откина погледот од поп Васил. А тој, се уште со подигнати раце и вперен поглед во небото, тивко, одвај чујно се накашла и со низок, но горд длабок глас - во кој се чувствуваше и нежност, и гнев, и покорност, и гордост и кој истовремено беше и глас на разумноста, на срцето и совеста, запцали:

Спаси нас Господи...

И прошепотија жените вудвосани и забрадени и старците потпрени на патерици:

Господи, спаси нас...

Поп Васил полека си ги спушташе рацете и се додека не се исправија широките ракави од расото и додека дополу не му ги покрија дланките, без прекин повторуваа луѓето: Господи, спаси нас...

Последните неколку зборови беа изречени тивко и сите почувствуваа дека поп Васил беше изнемоштен. И оние што го слушаа беа изнемоштени и од несреќата што се истури како бура врз нив и од неочекуваното пеење на поп Васил. Очите на старите беа полни солзи и на многумина од нив образите им беа навлажнети. Никој не подигна рака да избрише солза, никој не го спушти погледот од попот зашто не сакаа да испуштат ниту еден збор. Разбираа речиси се што доловуваше нивното уво, се што попот јасно изговараше, се што течно испушташе неговото засипнато грло.

Поп Васил одново се вгледа во кругот небо и, подавајќи ги рацете кон него, замоли:

Ти, Господи, сохраниши ни и соблјудеши ни од рода сего и во вјек...

- Амин, - се одгласи црквата и едно по друго се пренесуваше од сите грла:

Ти, Господи, сохраниши ни и соблјудеши ни од рода сего и во вјек... Ти, Господи, сохраниши ни и соблјудеши ни од рода сего и во вјек... - повторуваа едни, а со "Амин" потврдуваа други.

Поп Васил ја подигна десната рака и направи во воздухот голем крст. Три пати повтори и потоа влезе во олтарот и, додека таму се преслекуваше, луѓето запалија нови свеќи и уште појасна светлина ги осветли сите зачадени икони. Излезе држејќи го Евангелието. И дури сега го почна опелото онака како што е вообичаено и согласно со црковните канони.

Последноје целованије го отпеа со скршен глас. Не издржа стариот поп. За прв пат тој одеднаш отпеваше за покојот на толку души. Само кивурите на Коста и Ристе не ги откријa. Најблиските ги гушкаа и ги бакнуваа студените и неизрендани штици и се збогуваа не со телата, ами со она што беше парчиња од тела.

Поп Васил даде знак и ги подигнаа кивурите. Прв од црквата излезе Киро, носејќи ја големата икона на Богородица. Пред него чекореа со ситен чекор две момчиња, држејќи во рацете две големи запалени ламбади. Зад Киро одеше поп Васил и по него редум по четворица ги носеа на рамена кивурите. И зад нив сите одеа држејќи в раце запалени свеќи.

- Белузнавата, бледа растреперена и расколебана светлина што излезе од црквата тргна накај гробиштата. Пламенчињата на свеќите трепереа во лесниот вечерен
повев на северецот.

Тажната колона придружувана од плачот и од зарипнатото пеење на поп Васил, се до гробиштата велеше и повторуваше:

- Ти, Господи, сохраниши ни и соблјудеши ни од рода сего и во вјек!

- И кога застанаа крај отворените гробови и до нив ги спуштија кивурите и кога врз нив, откако ги мироса поп Васил и ги спуштија в гроб трипати фрлаа грст земја, едни молчешкум, други плачешчем молеа:

Ти, Господи, сохраниши ни и соблјудеши ни од рода сего и во вјек...

Жените, држејќи ги сепетките во прегработ на едната рака, одеа од човек до човек и раздаваа за душа. Поп Васил, каснувајќи од лебот и пивнувајќи од виното и ракијата, погледна во високото и ѕвездено небо и тивко, колку за себе, го праша севишниот:

- Господи, кој ли ги задои нивните чеда со толку омраза и ги осакати со суровост?...

- До сиви мугри гореа свеќите на седумте гробови. Топлиот воздух трепереше над жолтеникавите пламенчиња. Во свежата земја се втопуваше истопен восок. Гаснеа една подруга свеќите. Воздухот мирисаше на темјан, восок, изгорен фитил и варена пченица.

Три дена по ова, пред црквата и на гробиштата раздаваа за душа. Поп Васил, откако отпеа му даде знак на учителот. Тој му приjде.

- Коле, почекај ме, синко, заедно да си одиме – му рече поп Васил.

Враќајќи се од гробишта, поп Васил скршна од патот и по него Коле.

- Да одиме до Свети Илија, - рече поп Васил без да погледне кон Коле. Одеа молчејќи. Го поминаа потокот, свртија кон оревите и го фатија патчето што водеше право за Свети Илија.

- Многу мака и болка одеднаш, оче, - го прекина молчењето Коле. Поп Васил не одговори. Одејќи пред Коле, по угорнината, често подзастануваше, собираше воздух, со широк замав си ја бришеше потта од челото.

Стигнаа горе, на ритчето. Под дебелите и разгранетите дабје, остатоци од големи тули и ќерамиди. Поп Васил, покажувајќи го местото, рече:

- Тука, синко, во стари времиња имаше голема црква. Ете, оттука до таму беа темелите. Кога и кој ја изградил - никој не знае. И не се знае кога е урната. Ама остана местото, како што гледаш, недопрено од човечка трага. Дабјето си растат со векови и, како што времето им ја одзема силата, така се сушат. Ветрот им ги крши гранките, ама никој не ги зема за дрва или за што и да е друго. Свето е местово... И лепо... оттука се пули целото Костурско Поле. И езерото. И Вичо. Види каква ширина. Им велев јас на луѓето тука да ги закопаме децата. Да имаат оттука ширина пред себе и нив сонцето прво ќе ги грееше взори. И не ќе беа сами... Дојди тука и погледни онаму, под трите дебели дабје. Пулиш? Таму каде што е малечката рамнинка и каде што е многу зелено? Таму лежат шест души. Дојди, да слеземе... Тука лежи Стерјо Сидовски. На триесет и пет години и остави сирачиња - Зисо, Коста, Риса и Тана. До него Стерјо Фотовичин, млад, неженет. Од таа страна - Петро Николов, не стигна да има челад. Потака Стерјо Љочовски. Таму лежи Ставре Ставровски и до него Геле Шомовски. Јас сакав тука да си лежат и дечките...

- А од кога тие лежат овде? - праша Коле.

- Од 18 март 1905 година. Таа година андартите во црно го облекоа Костурско. Крвникот Каравангелис, држејќи во едната рака крст, а во другата кама, им даваше благослов на андартите што доаѓаа од Грција, - ѓомти да не ослободуваат, а место слобода колеа и палеа. Таа година во Загоричани заклаа осумдесет и пет души... И старци и деца поминаа под грчката кама... Петокот на 17 март влегоа и во нашето село. Ги бараа војводите од востанието, ама не им беше толку до војводите. Знаеја дека тие или се убиени или избегани. Удрија по куќите

да пљачкосуваат, да бијат. Бараа злато, злато бараа арамиите, а сред село го имаа развеано грчкото знаме. Штом не најдоа, ги собраа оние што лежат тука. Едни застанаа таму долу, под оревите, и пукаа по луѓето што се обидуваа да поминат од оваа страна на рекичката. А мажите што ги собраа ги поминаа по Клопотарej, еве по таму, па покрај Свети Илија, по Брезето и таму, од таа страна, под ритчето, на Поленик ги тепаа до зајдисонце. И додека зад Копанче заоѓаше сонцето, тие, андартите, со ножови им ги вадеа прешлињата од колената. До селото се слушаа патилата на несреќниците... А кој и како да им помогне? Тука, на Свети Илија, имаа поставено стража и пукаа по луѓето... На стемнување им ги пресекоа вратните жили, ги оставија полека да искрваваат, а тие, андартите, се повлекоа на Орлето. На Станици поставија стража и чуваа никој да не се доближи до страдалниците. Така цела ноќ полека умираа, а живите? Живите од селото дури наредниот ден, кога андартите се повлекоа и од Орлето и тргнаа по селата на Населицата да грабат, ги собраа телата и ги погребаа, ете, тука... И запамети дека ова место е свето. Свето е затоа што оттогаш и стари и млади тука доаѓаат да палат свеќи и само тие знаат и на никој непознат не му кажуваат каде се погребани. Доаѓаа потоа и андарти до пред Уриетот за да ја избришат трагата од злосторството и потоа, откако ја распарчија Македонија, па и кога со Бугарија како овци ги менуваа луѓето и кога дојде Метаксас и кога ги истеравме Италијанците и Германците доаѓаа... Доаѓаа и кога се врати кралот пред една година... Доаѓаа, се распрашуваа луѓето од власта, ама никој не кажа каде лежат... Ги покри тревата, ама не и заборавот на оние што го видоа злосторството и го паметат и, за да не се заборави, им го пренесуваат на потомците за да паметат. А тие, синко, доаѓаа за да избришат се, да преораат, да прекопаат. Ама земјата што ги покри знае, синко, да молчи, а луѓето треба да паметат... Се пренесува од колено на колено тивко, како во молитва, молчаливо... и никој не им го мати сонот страден. А тебе, синко, ти кажав затоа што си учител и ти уми како ќе им го пренесеш ова на учениците. Можеби утре некој од нив ќе биде учен и поумно од нас ќе им раскаже на оние што ќе дојдат по нас... Така... Да ги оставиме да си почиваат во мир.

На пладне се вратија во селото. Киро, кој им доаѓаше од спротивната страна, ги рашири рацете, како да сакаше двајцата да ги гушне со една прегратка, и рече:

Нека е повеља ваша да ми дојдете дома, што велите?

- Сполај ти, Киро - врати поп Васил - твојата куќа секогаш ми е мила и бог да даде векови таква да биде за сите...

За сите ли? - праша Киро и, гледајќи го поп Васил, намршти веѓа.

- ... за сите - ја продолжи поп Васил прекинатата мисла - што имаат чисти срца и добри мисли...

- Амин, поп Васил, амин... - рече Киро и тргна напред да го отвори железното вратиче од дворот. Не чекаше да влезе прв поп Васил. Појде прв за да му ја отвори и вратата од куќата откако се искачија по широките дрвени скали што водеа на широкиот чардак.

Повелете и добре дојдовте, - покажа Киро со рака.

- Добро најдовме и мир на куќава, - се прекрсти поп Васил и праша: - Ами домаќинката Киревица дома ти е?

- Дома е, дома, попе, - викна однатре Киревица и веднаш се појави на прагот, бришејќи си ги рацете од прегачот. - Повелете, повелете, влезете, добре ми дојдовте, попе - рече радосно и се наведна за да му бакне рака. Тој достоинствено ја подаде широката десница и потоа трипати направи крст пред лицето на Киревица. – По тука, попе, по тука и право о одајката...

Киревица донесе слатко од дуњи и секому му подаде вода во чаши.

- Сполај ти, Киревице, и куќата да ти е полна и рамна...

- Амин, попе, и тебе господ да ти дади здравје и долга старост...

- На здравје и тебе, синко, - му рече Киревица на учителот.

- Не ти кажав, Маре, - така ја викаше Киро жена си кога посебно беше расположен, - момчето е учител...

- Ааа... - изусти Мара иако многу не разбра од тоа што и го кажа Киро.

На вратата се слушна чукање и Киро и викна на жена си:

- Маро, Маро, види кој е пред врата?- и само миг потоа сите го слушнаа гласот на Кузе:

- Маро, дома ли е Киро?

-Влезете, влезете... добро дојдовте... дома е, влезете.

Киро стана. Излезе во претсобјето од каде што допре гласот на Лазо:

- Здраво, Киро и добро е што си дома. Ние со другарот Кузе дојдовме по важна работа. По народна и по партицка...

- Ако, де, - рече Киро. - Влезете. Тука се и поп Васил и учителот...

- Тоа штом е учителот, - рече Лазо - добро е...

Кузе му подаде рака на поп Васил, се поздрави и со учителот.

- Ние, Киро, - почна Лазо откако набрзина го изеде слаткото и ја излижа лажичката - дојдовме со другарот Кузе, тој од името на народниот одбор и јас од името на партијата, да ти кажеме дека во твојата куќа ќе отвориме училиште. Така ли е Кузе? А ти што велиш, учителе? А попот нема да го прашаме, зашто тој, како што ми кажа другарот Кузе...

Кузе погледна во таванот, потоа во ќошот, и без да откине очи оттаму, кашлајќи рече:

- Тоа не го реков јас, ами некои од луѓето, Лазо...

- Добро, де, кажи што рекоа некои од луѓето?

- Па, како да кажам... некои од луѓето рекоа дека поп Васил, - Кузе почна гласно и долго да кашла. - Ех, пуста кашлица тука ме пара, - се удри тој по градите и доврши: - рекоа дека поп Васил како да сака црквата да ја прави булгарцка или сербцка... не отпеа на грцки, ами...

- На наши, - потврдно рече учителот. - И во најстари времиња така се отпевало во нашите цркви и тоа не е никакво бугарско и никакво српско, ами славјанско...

- Даскале, - го пресече Лазо - ние на коматикито синелевси (Коматикито синелевси (лошо изговорено грчки) - на партиски состанок.) ќе распрајме дали е тоа славјански... А за тоа што рече ти, ете - Кузе ми е сведок, јас ќе јавам горе, да знаеш. Така. И за да не должам, Киро, како што реков, твојата куќа ќе ја прајме сколио.

Киро се поднамести и без навреда во гласот рече:

- За оваа куќа, Лазо, чест е да биде и училиште и црква ако сакаш... Ама штом училиштето остана цело...

- Па ти знаеш, нели - се вмеша во разговорот Кузе - дека капе од покривот. Што? Зар сакаш на децата да им капе на главите?

- Ќе го покриеме, - рече учителот.

- Ќе го покриеме? - праша Лазо со гласот на учителот. - А со што? Од каде ќе најдеш ќерамиди, а?

- Од урнатите куќи... Видов дека во горното маало има доста урнати куќи. Ќе собереме ќерамиди и ќе го покриеме училиштето, нели, Киро?

- Ако јас сум прашан, тогаш е така, учителе. Само треба да засучиме ракави, ако поинаку не реши народната власт и партијата...

Лазо намрштено погледна кон Киро и веднаш потоа го префрли погледот на Кузе:

- Јас ли, Кузе, треба да мислам за овие работи или народниот одбор? Добро рече даскалот, како рековте, учителот, нели? Добро рече... Една ексормиси (Ексормиси (грчки) – акција.) и да се покрие покривот... Јас уште утре ќе јавам горе, па ако треба и до кендрикито катодигиси (Кендрикито катодигиси (лошо изговорено на грчки) – централното раководство.) дека со сопствени сили пак ќе го отвориме училиштето... Па нели, Кузе, така пишува и во апофасито (Апофасито (македонизирано – грчки) – одлука, решение.) на демократската влада сами да најдеме сили? Така или не, Кузе? Така, и пази повнимателно да ги читаш книгите што ги добивме од горе. И да не заборавам да ти кажам, Кузе. Уште денес ќе седнеш и ќе направиш една поголема ектеси (Ектеси – извештај.) во која подробно ќе опишеш како монархофашистите пратија пет аероплана, не, десет и како удрија и како убија седум дечки. И пред да го затвориш, да ми го дадеш јас да го видам и да се потпишам и јас. Така да напишеш, дека удрија по дечките. А штом тие горе ќе дознаат за ова, ќе го кажат на радио, ќе напишат во ефимеридите (Ефимериди – весници.) за да знае цел свет дека монархофашистите со аеропланите што им ги дадоа американските и англиските империјалисти ни ги убиваат дечките и дека тоа е голема срамота за светот, а камоли за кралот Георгиос и кралицата Фридерики. Тие кренаа рака на деца... Есхос! (Есхос – срамота.) - викна Лазо и плукна под нозе.

Поп Васил лесно се искашла, а тоа беше знак дека сакаше некого да прекине. Веднаш потоа подигна рака. Сите во селото знаеја што значи тоа. И тогаш се прекинуваа гласовите. Само за миг ја држеше да лебди во воздухот и ги токмеше прстите. И тогаш се сечеше кашлица, наполу се прекинуваше воздишката, секнуваше гласот. Така и сега - подигнатата рака значеше дека поп Васил сака да каже нешто важно или нешто поважно да

соопшти или некого за нешто да прекори. Но овојпат тој питомо ги погледна сите и тивко рече:

- Не, Лазо... Тие не удрија овојпат по децата... Друг пат можеби пожестоко ќе удрат по децата, ама некни не удрија по децата... Удрија тие овојпат по писмото и по словото наше...

Глава 10

“Да не дојдеше учителот, немаше да отворат училиште и немаше да ни загинат децата”, - се пушти глас низ селото. Кога ова допре до учителот, тој не обрна внимание, но се почестите одбегнувања за разговор, посебно од страна на некои блиски роднини на загинатите деца, го загрижија. Почна да ја чувствува тежината на злонамерните погледи, шепотењата и прекинувањето на разговорот кога тој се појавуваше. Се повеќе мислеше на тоа. Најчесто по часовите се затвораше во одајата и го молеше Ѓорѓи или Ѓорѓевица да го остават да се одмори, зашто се чувствуваше многу уморен и папсан.

Ѓорѓи најпрвин си мислеше дека долгата разделба со неговите и неизвесноста за нив го измачуваат Коле, но кога еднаш Коле недовечера, тој го праша:

- Гледам, Коле, синко, нешто те измачува... Имаш ли некој лош абер од дома? Поразговарај со Кузе, претседателот на одборот, ќе те пушти. Оди види си ги твоите... Или да не ти е тешко тука, кај нас? Те гледам јас подолго... не си ќефлија. Не се насмевнуваш како порано.

Коле ги подигна очите и, се загледа во загриженото лице на Ѓорѓи.

- Стрико Ѓорѓи, да знаеш дека ми е многу тешко. Пред да одам на курсот за учители во Желево, учествував во многу борби и многу ранети и убиени видов. Сопрво ми беше страв, ноќе ги сонував, ама потоа, некако се здрвив, окаменев... а сега... замолкна и се загледа во огнот.

- Што те мачи, Коле?

- Знаеш, стрико Ѓорѓи, јас мислам да си одам...

- Да си одиш? Зошто? Кај кого? Не ти чини тука?

- Добро ми е кај вас, ама, ете, лошо се зборува... велат јас сум виновен...

- За што си ти виновен, Коле?

- Така ми доаѓа понекогаш да оставам се и да си одам во одредот...

Влезе Ѓорѓевица со рацете бели од брашно и му се обрати на Ѓорѓи:

- Ѓорѓи, оди види кој тропа?

- Почекај малку, Коле, само да видам кој е и што бара.

Ѓорѓи се врати и пред него во одајата влегоа поп Васил и дедо Митре.

- О, добровечер учителе, - со насмевка рече поп Васил и се ракува. - Не знаев дека си тука. Си мислев дека си кај Лазо, та затоа си реков да навратам до Ѓорѓи, а по пат го сретнав и Митре и тргнавме наваму обајцата. Што правиш, арен си? Што си така намуртен?

Митре, со патерицата го допре расото на поп Васил велејќи му:

- Остави ме и мене да се поздравам со учителот... Добро си, момче? Не те гледам деновиве да излегуваш сред село... нешто како да ми се чини дека си ни лут... Зошто?

- Вели - се замеша Ѓорѓи - дека е уморен. Јас му реков да си оди до дома, да си ги види своите и пак да ни дојде. И ќе ти кажам и да запаметиш. Слушај: грчките даскали цела година тука живееле без да ги видат своите. Така беше, Митре, или не беше така?

- Така беше и не смееја без дозвола да мрднат од селото. Како да беа војска. И повеќе шетаа од куќа в куќа, повеќе зборуваа со луѓето, се разбира, грчки...

Ѓорѓи ги прекина, молејќи ги да седнат. Митре ја продолжи прекинатата мисла;

- Им било речено: - “Секогаш да сте меѓу луѓето зашто на тој начин тие ќе се плашат да зборуваат на својот јазик и ќе мораат да го научат грчкиот...”

Надвор се слушна тропот на коњски копита. И глас:

- Ова е куќата на Ѓорѓи и тука живее учителот.

Во куќата влезе вооружен маж и праша:

- Тука ли е учителот?

- Јас сум, - излезе Коле пред него.

- Јас сум курирот на Шиперков. Ме прати да ти го донесам ова писмо. - Тој ја отвори коженатa чанта и му подаде бел плик. - Ми рече да не чекам одговор. Здраво!

- Де, бре, момче, - викна Митре - не туку така - здраво - и да те нема! Чекај малку, седни, здивни... Да те прашаме како се таму Шиперков и момчињата. Што прават нашите момчиња и чупи? Здрави-живи се?

Ѓорѓи, кој пред малку беше излегол, се врати, држејќи в раце нешто завиткано и рече:

- Земи го ова...

- Што е?

- Земи го, земи го... малку лепче и сиренце... касни си попат и ако ти остане дај им и на другите... – рече Ѓорѓевица, липајќи. - А да не познаваш некој Васил?

- Васил? се прашуваше дојдениот - Васил? Имаме неколку што го носат тоа име... Од каде е?

- Од тука... син ми е, - побрза да објасни Ѓорѓевица. - Прашај и, ако е таму, кажи му дека татко му и јас сме добро и да ни пушти

книга или... - Ѓорѓевица се расплака и со црната шамија си ги бришеше солзите. Курирот се заблагодари, се поздрави и излезе. Веднаш потоа се слушна тропотот на коњските копита по селската калдрма.

Поп Васил му се обрати на Коле:

- Нели јас замолив, учителе, да се видиме и да позборуваме? Не си ме почестил со разговор... Знам, знам... немој да се оправдуваш. Учителската работа е голема... бара многу време. Ќе го најдеме и ќе си позборуваме за писмото и словото наше. А да те прашам: таму, на курсот, ве учеа ли да ги читате црковните книги?

- Не, поп Васил, - рече Коле. - Таму ја учевме, пред се, нашата азбука, малку историја и географија на Македонија... приказни и песни... Што можеш да научиш за дваесетина дена?

- Значи учевте само аз, буки, веди... така ли?

- И тоа не...

- А што?

- Вака: а, б, в...

- Брзо учевте... А јас учев како што реков - аз, буки, веди, глаголи... Е, затоа сакав да си поприкажеме... И за други работи... Јас нешто ќе си научам од тебе и ти од мене... ако сакаш...

Митре, кого го чешаше јазикот, и го гореше љубпитноста да праша што бара Шиперков од учителот, та дури оттаму, од далеку му прати писмо, и тоа по курир, покажа со патерицата на пликот:

- Нема да ја пееш книгата, Коле?

Коле го отвори пликот, се доближи до ламбата и читаше во себе. Прво поцрвене, а потоа бледило почна да го покрива неговото лице. Митре го забележа ова и праша:

-Лошо пишува?

- Не го очекував ова, - тивко изусти Коле и си ја избриша потта од челото.

- Митре се доближи и го погали по плеќите.

- Де, де, - го бодреше Митре - такви се војводите. Ако не викнат и не искарат, лошо им врви денот. А што пишува? Ќе ни кажеш?

- Коле го отвори листот хартија, го доближи до ламбата, се сврте, погледна прво во поп Васил, во Митре и, кога во очите на Ѓорѓи забележа искра сигурност, рече:

Нема што да кријам. Еве што пишува мојот командант:

“Писмото стигна до мене. И за да не заборавиш што си ми напишал, јас ќе ги повторам твоите зборови. Не се чувствувам доволно храбар команданте, - пишуваш - особено откако ги убија децата. Некои шепотат, а тие со шепотењата валкаат. Туку, ајде, тоа може да се прескокне. Но оноа што најмногу ме мачи и ме обесхрабрува се безбројните прашања од учениците и нивните родители. Толку многу прашања, а знаења малку. Ми доаѓа да ја фрлам кредата и букварот и да дојдам во баталјонот... На ова, ете го мојот одговор, Коле. Памти и немој никогаш, ниту во еден миг, да заборавиш дека ти се наоѓаш на многу истурена позиција од фронтот. Ти држиш еден од најголемите бункери и го имаш најмоќното оружје. Ти треба да си храбар, цврст и над сето ова умен и добар со децата и луѓето. И ме прашуваш, Коле, вака: команданте, ако дојдам во баталјонот, дали ќе ме караш пред стројот? Еве ти го мојот одговор: Коле, пред стројот нема да те карам. Пред стројот лично ќе те стрелам како дезертер.”

Коле го тргна писмото од пред ламбата и прошепоти:

- Нема повеќе... така и толку пишува мојот командант...

Тишината ја прекина Митре:

- Жими вера, подобро никој не би ти напишал...

Настана долга мачна тишина. Ја прекинуваа само крцкањата на цепениците што гореа во огништето. Стоеја сите и никој не се осмелуваше да се помрдне од местото. Пламенчето на ламбата се намали, и мрак се постелуваше во одајата. Пламенчето трепереше...

- Можеби заврши газијата, - потсети поп Васил. - Види, Ѓорѓи, има ли газија?

Ѓорѓи ја подигна ламбата. Фитилот, свиткан како змија, лежеше на дното. Ја стресе. Газијата беше при крај. Пламенот ги мускаше последните капки и ширеше светлина во одајата...

Глава 11

На собирот решија лецата да не учат денски.

- Доста е - рече Лазо - да научат засега да читаат и да пишуваат. Нека ја дочекаат победата со тоа, а по неа ќе го научат сето друго, така ли е, даскале? По зајдисонце да се собираат во училиштето...

Некој од средината на училницата дофрли:

- По мрак ли?

Главите и очите се свртија кон учителот. Гледаа во него и од него очекуваа одговор. Коле застана до Лазо.

- Доста ќе ни се четири газиени ламби. Договорете се, луѓе, како ќе си го држите редот. За да не се гледа надвор светлина, на прозорците ќе обесиме черги. И тие треба да се соберат. Надвор ќе има мрак, ама тука ќе има светлина.

- Така е, учителе, - викна Митре. - Да не си мислат дека ќе ги оставиме децата слепи. И по мрак нека учат...

Кога излегоа, надвор врнеше снег. Митре лошо го одмери чекорот, се слизна и пред себе го подбра Кузе. Тој замавна со рацете и падна во скутот на Митре.

- Их, бре, Кузе, - прошепоти Митре - што си влечко. Мрдни, бати умо плиток. Зар не можеше со чело да удриш в земја? - Митре, триејќи си го крстот, одвај стана и заклинка накај дома. На прагот го пречекаа снаата и внукот Кире. Тресејќи го снегот, Митре велеше: - Бре, бре, ама врне... како да сака да не прекрие!

Снаата му помогна да се собуе. Тој седна покрај огнот и тивко и рече на Митревица:

- Ете, и зимата дојде, а синовите и ќерките ги нема и ги нема... Коста и Кољо се уморија, - воздивна длабоко - уште две

вдовици и сираци... Со Коста и со Кољо - досега девет убиени од нашето село.

Митревица стана, го отвори долапчето, го зеде шишето со масло и со растреперени раце го запали масленичето. Бледа светлина го осветли лицето на Богородица. Во одајата влезе снаата и вџасено праша:

- За кого?

- Коста и Кољо се уморие... - изусти тивко свекрвата. - Бог да ги прости и нека им е лесна земјата... - Митревица се прекрсти неколкупати и и се обрати на снаата: - Невесто, дечките прибери ги... Доста си играат со снегот. Прибери ги...

Софка излезе на чардакот и викна:

- Кире, Ленче, Коста, доста играње. Дојдете дома, бргу! А Кире, каде е Кире? - праша таа кога Ленче и Коста, тупајќи и тресејќи го снегот, влегоа дома.

- Кире се стрча со другите деца накај црквата - рече Ленче. - Ване на Кировци рече дека дојдоа наши војници...

- Само да ми дојде дома... - се налути Софка.

Митре ја испи чашката топла ракија и праша:

- Невесто, ќе вечераме?

- Ќе вечераме, татко, ама Кире го нема.

- Коста, - му се обрати Митре на внукот. – Пушти еден глас од чардакот. Нека си дојди. Доста му е играње.

Коста викна неколкупати и, без да чека дали ќе го слушне гласот на Кире, се втрча внатре.

- Дедо, - му се обрати Ленка. - Да одам јас да го побарам?

- Не, не оди, сам ќе си дојде... Ајде, невесто, пушти ја софрата.

Митре се прекрсти, го скрши лебот и стави по едно парче пред секого. Јадеа молкома.

- Митре, о, Митре, - во дворот се слушна гласот на Кузе. - Дома си, бре, Митре?

Софка брзо стана и излезе на чардакот. Не забави таму и, кога се врати во одајата, рече:

- Татко, Кузе и десетина војници чекаат во дворот...

- Не кревајте ја софрата, - рече Митре и излезе.

Одајата се наполни со студенило. Киревица и Софка со метлите го бришеа снегот од шинелите на војниците. Тие тапкаа улирајќи нога од нога и еден по еден влегуваа во одајата. Оружјето го потпираа на ѕидот, си ги соблекуваа шинелите и си ги собуваа валканите цокули. Мирис на испотени машки тела, водени чорапи и немиени нозе. Зад последниот влезе Кире, носејќи на рамо митралез. Имаше румено лице и разгорени очи.

- Малечок, - му се обрати еден од војниците на ДАГ - потпри го тука - и, галејќи го по образот, го поучи: - Со такви играчки никогаш да не играш. А на училиште како учиш?

Кире се удри со дланка по челото и викна:

- Ленче! Бргу! Доцниме!

- Каде, пак? - го праша мајка му.

- На училиште, мамо.

- Сега, ноќе, бре, синко, на училиште? Назад!

Митре и рече на снаата:

- Невесто, така е. Од денес децата на училиште ќе одат ноќе. Така е подобро. Ноќе нема да можат да долетаат авионите... Затоа ќе учат ноќе... Кире, синко, оди. И ти, Ленче...

- А јас? - плачливо праша Коста.

Ти доврши ја вечерата, седни таму, до баба ти, и расти, - му рече дедо Митре.

- Прибери го ти, а јас да и помогнам на невестата да ги нахраниме луѓето, - рече Митревица и излезе од одајата.

Борците изнаседнаа околу огништето. Митре фрли неколку дрвца во огнот, го потсили пламенот на ламбата и, кога се осветли одајата, виде дека меѓу мажите седеа две девојки. Едната веќе спиеше, а другата, седната малку понастрана, си го крпеше шинелот. Митре се наведна до оној што беше најблиску до него и тивко го праша, покажувајќи кон девојките:

- Наши се?

Десетарот потврдно мрдна со главата.

- Од деси, ма, чупо? - не издржа Митре.

Девојката го скина со заби конецот, го стави шинелот настрана и, без да погледне во дедо Митре, одвај чујно прошепоти:

- Од Мокрени, дедо, ако знаеш каде е.

- Знам, како да не знам. Под Клисура, во котлината, нели?

- Си бил?

- По сите околни села... Со Чакаларов, - подвлече Митре.

Во одајата влегоа Митревица и Софка. Ја наместија софрата. Ставија голема тепсија со качамак, грне млеко и цел пешник леб.

- Повелете, на вечера, - покажа Митре. - Јадете на здравје. Разбудете ја чупата, - покажа Митре кон девојката.

Митревица седеше отстрана и гледаше со натажено лице. Мислеше на својот син Глигор. Има ли да јаде? Го врне ли? Облечен ли е? Го прибира ли и него така некоја мајка, како јаска овие? се прашуваше Митревица и скришум си ги бришеше солзите.

Откај Горуша се слушна топовски татнеж. Десетарот за миг излезе на чардакот. Кога се врати, Митре праша:

- А вам, кој ви е војвода?

- Сега, дедо, нема војводи... сега има команданти.

- А? - рече Митре и, покажувајќи на капата на десетарот, праша: - И затоа, пуља, знак на капите немате... Ние, чендо, кога се биеме, немаме ни такви машинки, ни мртолези, ама имаме малинкерки и бумби...

- Кога беше тоа?

- О илинденцкото, чендо, о илинденцкото, - подвикна Митре.

Топовски грмеж пак допре.

- Шчукате? - се одгласи од ќошот Митревица. - Топои грме, топои... А вие немате... Ќе ве испоморе, бре ченда, со топојте...

Еден од борците кој слушаше, ама ништо не разбираше, праша на грчки:

- Ти леи и грија? (Ти леи и грија? (грчки) - Што вели бабата?)

- Вели дека треба да имаме топови, - му одговори запрашаниот.

- Речи и, - продолжи на грчки - да дојде утре со нас за да им го кажеме ова на оние во Главниот штаб.

Кога тоа што беше речено, го пренесе на македонски, Митревица просаска:

- А, бре, зар лошо ви вељa?

- Не јадосувај се, мајче, тој не го вели тоа од инает, туку од мака. Пред некој ден ни го пратија во десетината. Грк е, од Тесалија.

- И од таму дојдоа? - праша Митре.

- И од таму и од други места.

Митре го запали чибукот, почепка во оганот и развлечено рече:

- По илинденцкото ни гредее од Грција... андарти. И со ними се биеме. Тие ќе плуснеа ту лево, ту десно и џом... Кокошари, а не борци. За колење и палење и пцуење - први. На! им одеше од Митре Влао. Кога му го слушаа името, трчаница по Населицата. Тогаш ја молеа панаијата, а кога не наидуваа на комити, по селата наши само Панаија пцуеја... И овој, штом дома ми влезе, по очите го познав дека не е наш... Тие доста наш збор да слушнат и уши начулуваат. Имавме фатено еден... од Крит беше. Ние го опитваме, тој се прави глув. Митре Влао ја извади камата и трас едното, уво. Море и глас пушти и почна да слуша... Го пуштивме дома. Му рековме, ако дојде уште еднаш во нашите места, ќе го вратиме без глава... По дванаесеттата се појави во нашите места и правеше зулум... А јаска слушам некои ве викаат андарти... Кога го слушнав тоа, си реков: ајде, пак почна старото. Штом излегоа по планињето андарти, си реков, тешко нам... И зажалив што остарев... Андарти... Андарти, бре, чендо, тоа беше најголемата чума за овие места... И како се согласивте да го носите тоа име, а? А не ми рече кој ви е војвода...

Митре стана. Излезе. По малку се врати и му даде знак на десетарот да излезе со него. Влегоа во соседната одаја.

- Да те опитам, чендо, нешто?

- Опитај ме, дедо.

- Од каде си ?

- Од Кономлади.

- Уф, бре, како ти е името, што не ми кажа порано? Па ти сосем си наше дете. Како те крстиле, рече?

- Јане.

- Да си жив, Јане. - Митре ја подотвори вратата и, откако виде дека зад неа нема никој, ги допре мустаќите до неговото уво и прошепоти: - И јаска имам син партизан. Глигор син ми се вика. Не си слушнал?

- Не, не сум слушнал.

- Му реков кога го собраа: чувај се, синко., и слушај ги војводите... А ти ми велиш дека немате војводи. Кој знае кого слуша син ми Глигор... Наведни, се наведни се да те опитам. Ами за што се борите, бре чендо Јане?

- За демократија, дедо, за демократија.

- За демократија, велиш?

- За демократија... - повтори Јане.

- Ами, да те опитам јаска тебе. Ами, ако вие, наши деци, македонцки деци, се борите за демократија, тогаш кој ќе се бори за Македонија, бре?

Јане остана вчудовиден, а Митре го гледаше право в очи и во тој поглед се чинеше се скамени прашањето.

- Не знаеш... Да имавте војводи, - настојуваше Митре - ќе знаеше... Ајде да влеземе кај другите...

Кога влегоа во одајата, освен Митревица и една од девојките, сите други спиеја.

Глава 12

Осамна празнично утро. Жива душа ни во дворовите, ни во селските сокачиња. Само снег, а под него свиткани гранки. И ветерот, што цела ноќ лудуваше и завиваше во оџаците, се стиши. Секаде беше мирно, тивко, синикаво и право угоре се извишуваше чадот над селските покриви. До полноќ - светлина од ламбади и свеќи ја беше наполнила целата црква. Се славеше Христово рождение. Тивко, молчаливо, со намнисувања, воздишки и солзи. Кружеа мислите околу оние што по овие снегови и студови ги немаше дома. И првпат без посети. Првпат оваа година секнаа песните и ги снема седенките во долгите зимски ноќи, и приказните на старите се кратки. Замолчаа луѓето и времето замолча. Рано се прибираа дома, рано си легнуваа, доцна заспиваа. Седнати покрај огништето или собрани околу печките, гледаа во оганот, разменуваа по некој збор колку да потврдат дека се тука и продолжуваа со наведнати глави и широко отворени очи, со тивко и долго, воздивнување да живуркаат. Седеа дома, но со мислите ги газеа патиштата, реките, трапиштата, се пробиваа низ кории, превалуваа отаде ридиштата и планините... Да бидат со своите најблиски и во најлошото. За едни година, за други половина или два или три месеци поминуваат откако ги собраа и им нарамија пушка. И во мислите и во желбите само едно прашање: жив ли е? Жива ли е? И една желба: да се вратат живи. И повеќе желби за оние што се на боиштата: куршум да не го фати, да има суви чорапи и здрави чевли, топла фанела и капа, ветар да не го вее, во студој да не мрзне, да има ранец полн леб и полна порција топла манџа. И потонуваат во овие желби, молитви и надежи - пак да се наполнат куќите со луѓе, а штом тие ќе се вратат, ќе ја донесат радоста на живеењето. Зашто, празник е само тогаш кога семејството е на број и на нога...

Дома, кај Митре, софрата не е празна. Само едно место без престан чека. Кај Ѓорѓи во такви денови е најмачно. Останаа двајцата и од трите синови, најголемата, жива болка е Васил. Досега не слушнаа глас за него... Седат Ѓорѓи и Ѓорѓевица еден спроти друг и во молкот со мислите го бараат Васила, мислат

кого да распрашаат, по кој пат да тргнат за да го најдат. И не се само тие. Толку ги има таквите како нив.

Ѓорѓи застана крај прозорецот и се загледа во патот што водеше змиесто до чешмата. Од неговото дишење се замагли стаклото. Навираше старата неизлекувана болка...

- Ѓорѓи, - му се обрати кротко Ѓорѓевица. – По една недела е Василица. Прај што ќе правиш, чисти го дворот од снегот. Прошири го пртот. Гости ќе дојдат. За името на Васил наш...

- За добро да е, - воздивна Ѓорѓи. - Меси, испечи и од ланското вино да има... Како не, ќе чекаме, како секогаш...

Тивка и длабока, топла и долга, тажна и набожна воздишка ги раскунуваше мајчините гради: жив и здрав да се врати Васил од боиштата...

Со новите снежни вејавици и намети врвеа дните. И во нив, според стариот обичај, се чекаше Василица...

Во куќата на Бисера, некогаш најполна и најмногуљудна, сега свети само една свеќа. Трпезата, долга и наместена, како во изминатите години и времиња и на овој ден - ден Василица - чека. Десет чинии и толку столови. Во средината на трпезата - пита, бурек, мазник, млечник, оризник, попарник... А во се понешто: зрна пченица, ‘рж, јачмен и пченка - годината да е родна со челад и бериќет, полни да се амбарите со жито и каците со благота, а буриња со вино; дабови лисја - здравје да царува до нова Василица, лисниците да се високи и широки, шумите бујни и зелени; стебленце сено - ливадите сочно зелени и бачилата и дворовите полни овци и јагненца да блеат, куќата да е полна; гранче дрен –дома и по роднини и пријатели сите да се здрави и на осојнини болест да не видат - дреновина во телата да имаат и во средината: париче - кому ќе му падне - да е паралија... И бокалот наполнет со вино - за многу години и на здравје и сите да се на нога и на број.

Во огништето трештат сувите дабови цепеници и во одајата се шири блага топлина. Бисера дофрлува чкорче, суварка, живнува

оганот. Се разигрува пламенот и сенките врз ѕидот. Од дамнини огништето било и останало надеж и живот во куќата. Се додека во него тлее оганче во спуза и се додека го потсилува домаќинска рака, во куќата секогаш жив е оганот, на престанува животот, па макар да тече и преку споменот... Го чува Бисера...

Надвор е тивко. Како искинати парчиња памук паѓа снегот. Нараснува бел пласт на ниското прозорче и се пригушнува до џамот. Во оџакот завива северецот и во одајата се втурнуваат облачиња чад. Пржат и насолзуваат очите. Гледа Бисера и стега душа во тишината што и е друшка; гледа на трпезата на која на оваа Василица девет места се празни. Згроби над оваа куќа времето на лошото и остави празнини. Бисера, чемерна и вудвосана, со скрстени раце, нежно и милно ги гали со очи чиниите и столовите, со погледот ја гушнува целата трпеза и заронува солза. А врз неа се одмотува животот во оваа куќа...

Кога расцутуваше дренот, ланската година, надојде лошото и размеќи тримина. Рекоа дека ги виделе во снеговите на Грамос, во ноќните јуриши рекоа, двајца таму останаа засекогаш... Кога ги копаше лозјата, и кажаа дека стопанот нема да праќа здраво-живо зашто го кутна куршум и сега се топи некаде во буките под Прекопанска Рамнина. Снаата ја фатија и ја затворија во Костур, нема ни три месеци. На коложег богу даде душа свекорот, а на Митровден остави здравје свекрвата. Од најстариот син, кој втора година битисува на островите во Егејот - книга не наоѓа - писма оттаму никој не носи. Второроденатa што на осумнаесет години нарами и таа пушка - лежи ранета во Корча. Од ланската до оваа Василица - се испразни куќата...

Бисера ги гледа чиниите и со погледот ја гушка трпезата. И се чини дека вака сите ги гледа и ги гушка со една прегратка и ги затоплува со една воздишка... Станува Бисера, бесшумно се доближува до огништето и приклава, дотура дрва. Погледнува низ прозорчето. Снегот го покрил пртот и трагите што ги оставија минувачите. Се свртува Бисера, застанува до трпезата, токму таму каде секогаш седеше стопанот. Свртува око кон иконата, која кој знае од кои времиња е обесена во ќошот.

Трепери пред неа малендавото пламенче на масленичето, се ниша на ѕидот и големата сенка на Бисера. Две жени - Бисера, потпрена на столот на кој седеше стопанот, а потпрена, чиниш, на неговите силни широкоплеќести рамена, и Богородица - поцрнета од саѓите на свеќите, со детуле во прегратката и со широки, тажни очи - се гледаат, а меѓу нив е наместената трпеза и деветте празни места и растреперето пламенче на масленичето. Чекаат и секоја го преболува својот непребол. Во полумракот стегнато, матно, дремливо тече времето. Трештат цепениците во огнот. Надвор завива северецот. Снегот сосем ги покри пртовите. Некаде откај долното маало допира испрекинато завивање на куче...

Глава 13

Кон крајот на февруари - 1948 - низ селото се растури вест дека ќе ги соберат децата и ќе ги пратат некаде каде што е помирно. Меѓутоа, каде беше помирно и колку е далеку местото каде што е мирно, никој не знаеше да каже. Меѓу себе се распрашуваа луѓето, па дури и тие, кои поради една или друга причина беа зајадени со селската власт, Лазо и Кузе, наоѓаа начин да им се приближат, од несакана да почнат разговор, но се враќаа дома разочарани. Само Глирови, многучеладно семејство, една ноќ тивко го напуштија селото и се слушна глас дека се преселиле во Рупишта. Оттаму пратија вест, дека комунистите ќе ги соберат децата и ќе ги дадат во замена за топови. Ова беше доволно да загризе црвот на сомнежот.

Веста брзо се пренесе и кај надлежните власти во Костур. На советувањето што го одржа полицискиот началник со командантот на костурскиот гарнизон, градоначалникот и владиката беше одлучено самостојно да не преземаат ништо, ами да ја известат за ова владата во Атина. Оттаму набрзо дојде човек, ги собра сите надлежни и кратко им објасни:

- Нејзиното Величество, кралицата Фридерики, почна да организира домови во кои ќе бидат прифаќани децата на семејствата кои доброволно ќе ги дадат под заштита на државата и на Нејзиното Величество. Таквите домови ќе бидат во околината на Атина. А што се однесува за тоа дека комунистите ќе собираат деца, тоа е од интерес за владата. Нека почнат да ги собираат. И кога ќе почне акцијата, тогаш владата нив ќе ги обвини пред светот за геноцид. Така, господа. Нека ги собираат. Цел свет ќе се гнаси кога ќе слушне. А владата со помош на своите сојузници ќе знае соодветно да го искористи тоа и во државава и пред целиот свет. А кога ќе тргнат, не спречувајте ги. Нека одат...

- Ние, господине, - се јави за збор началникот - би сакале да и пренесете на владата дека на нашиот терен скоро ќе знаеме се како ќе се одвива таа комунистичка акција. Скоро точно ќе знаеме и по каде ќе поминат. Имаме наша мрежа. Многу сум задоволен, велам, многу сум задоволен, затоа што владата

донела такво решение. На комунистите им ја одземаме можноста да ја обвинуваат владата дека ги убива децата. И затоа, предлагам, во деновите кога ќе заминуваат, нашите единици да мируваат, а најмногу да мирува военото воздухопловство. Сакаат да ги тргнат од родното место, нека ги тргнат. А уште подобро ќе биде за нас ако ги префрлат отаде граница...

- Да, - го прекина владиниот претставник - тоа е логично. Нека заминат. Ние добиваме со тоа. Како што реков, нив, комунистите, за таков чин ќе ги обвини светот, а од друга страна ќе се зголеми борбениот дух на секој наш војник зашто, знаејќи дека тие собираат деца, тој ќе се бори за да ги заштити пред се своите деца или братчиња и сестрички. И, господа, еден ден војната ќе заврши, се разбира во наша корист. И што тогаш, господа? И ние ќе сме тие што ќе одлучуваат дали ќе им дозволиме воопшто да се враќаат, а ако дозволиме, тогаш ние ќе ги диктираме условите...

Советувањето траеше до доцна во ноќта и без поговор беа прифатени сите одлуки донесени од Атина. Наредниот ден началникот и Роџерс пиеја кафе во неговиот кабинет. Роџерс внимателно ги слушаше размислувањата на началникот:

- Да, господин капетане. Имавте право кога ми велевте дека треба да им дозволиме да одат во планините. И, ете, сега тие се подготвуваат и децата да ги одведат некаде. Ако, нека ги одведат. И најпосле, капетане, тие пред се се славофонски деца, чии родители и постари браќа и сестри се борат против нас. Нема причини многу да жалиме. Нека се витосаат... И сигурно е дека еден ден ќе сакаат да дојдат да си го видат родното место, да ги посетат гробовите на своите предци. Е, тогаш ние ќе пропееме, капетане. Ние ќе одлучуваме дали тоа ќе можат да го направат и под кои услови. - Началникот за миг замолча, небаре слушаше како звучи неговиот глас и повнимателно да го погледне лицето на Роџерс каков впечаток оставаат на него неговите размисли. - Да, капетане, ќе условуваме... Ама не... Закони ќе донесеме, капетане... Ако, ако, нека се витосаат. Ако си отидат, за нив во оваа земја ќе бидат затворени не само вратите, туку и прозорците. Па и за оние што ќе останат ќе се

погрижиме да им бидат отворени сите граници, како што се сега, и тоа само во една насока - за надвор... И сега нема да им пречиме. Ќе ги однесат децата. Нека ги однесат. Ние ќе пуштаме гласови дека ќе ги продадат како робови, дека ќе направат од нив јаничари, и никогаш нема да ги видат и ќе им ги полниме главите со најцрни мисли. Никогаш мир и спокојство да немаат, ноќ неспиена и ден чемерен да имаат. Да имаат и несигурност, немоќ, загрозеност, бесперспективност и постојан страв. Тоа да е нивен ден и ноќ... Туку, како и да е... - началникот замолча, запали цигара и потоа му се обрати на Роџерс, гледајќи го в очи: - Капетане, имате ли вие деца?

- Имам, две... - воздивнувајќи одговори Роџерс.

- Каде?

-Со мајка им живеат во едно гратче во Јужна Англија.

- Значи на сигурно се и живеат во мир?

- Да... но јас не сум на сигурно и не живеам во мир, началнику.

Глава 14

- Не знам, другари, - долго воздивна Лазо и гледајќи кон вратата зад која спиеја децата, замислено рече: - Не знам. Тука не ми сечи умот. Што и да речам, сигурно ќе згрешам. А вие, таму горе, другари, кој знае дали не грешите... Јас не сум толку умен да им објаснам на родителите дека треба да ги пратат децата надвор, во други држави... Децата да ги откорнеш од мајките... знаете ли вие што значи тоа? Па секој ден стигнуваат вести за загинати, за ранети, а за многу и никој ништо не знае... Само плачења и редења се слушаат... а сега, слушам од вас и децата... и тоа, како што рековте, сите деца од две до четиринаесет години? Не знам, другари, - повторуваше Лазо - не знам. Не сум умен...

- Ама, другар Лазо, - рече жената на која двајцата мажи, кои дојдоа кај Лазо заедно со неа и се обраќаа со Вера - Не станува збор за земање на децата. Нашата цел е да ги префрлиме привремено во Албанија и Југославија а можеби и во други држави. Таму ќе живеат во топли домови, секое ќе си има свое креветче, таму ќе учат... и кога ќе заврши борбата, ќе ги вратиме...

Ќелавиот, што седеше понастрана од Лазо, ја отвори коженатa чанта, извади од неа голем бележник, сврти неколку листа:

Ете, тука - удри тој по листот - ги имам запишано децата од...

- Не е важно од каде, - го прекина Вера. - Речиси сите родители со голема радост ги запишуваат децата. Само, Лазо, треба добро да им се каже, да им се објасни. Сите ние заедно тоа ќе го направиме.

- Да го направите, - изусти Лазо. - Ако ви поверуваат, тогаш и јас ќе ги запишам моите...

- Како и ти ќе ги запишеш? Па ти треба да си првиот, бре, другар, - подвикна ќелавиот. - Ти треба да дадеш пример!

- Добро, другари, - рече Вера - утре ќе повикаме некои од родителите, оние посвесните, се разбира, и со нив најпрвин ќе поразговараме, а вечерта, Лазо, да свикаш собир... На собирот ќе зборувам јас. Туку, да прашам, зошто денес го нема со нас учителот?

- Ама, другарке Вера, оставете го вие него... Тој се здушил со старите комити и некако ми е сомнителен. Некни поминувам јас покрај училиштето и слушам како му вели Митре: "А бре, учителе, ти знаеш некоја илинденска песна? А тој: како не знам? Знам. Па тогаш, му вели Митре, зошто не ги учиш децата да пеат илинденски, комитски? Јас го викнав учителот и му обрнав внимание, другари. Му реков да дојде на разговор кај мене... Тој не дојде. Јас сакам да го смените него. Да ни донесете некој друг... ако може, - дореч Лазо.

- Засега не може, - рече ќелавиот. - Уште недела или две и ќе оди тој на фронт. Ќе се затвори училиштето зашто децата ќе си одат, а него нема да го храните.

Лазо се стаписа. Праша:

- Зар толку брзо со децата?

- Ами што си мислиш? Ќе ја оставиме кралицата Фридерики да ги собере во логори? Не си слушнал дека тие ги собираат децата?

Утредента Лазовица, кога отиде на чешма по вода, на првите жени што ги сретна по пат им кажа за што се зборувало ноќта кај неа дома. Вечерта ни Лазо, ни Кузе не мораа да праќаат никого за да ги викне луѓето на собир. Предвреме се наполни училиштето. Зад масата покриена со црвено веленце седеа Лазо и Кузе од страните, а во средината Вера, ќелавиот маж чие име не го знаеше и Лазо и до него низок маж со подгорено лице.

Собирот го отвори Лазо и и даде збор на Вера.

- Вие, народе, мене ме знаете и знаете дека јас сите вас ве познавам. Речиси сум била кај сите. Има ли некоја куќа во која

не сум била? Мислам дека нема во ова и во десетици други села крај чија софра јас не сум седела и не сум јадела во чија постела не сум спиела. Јас ви ги знам и децата и на многу им ги знам и имињата. Е, денес дојдовме за да поприкажуваме за вашите, сакам да речам за нашите деца... Ве молам, таму вие до вратата, тишина, ве молам... Вие сами гледате дека секој ден нашата слободна територија е бомбардирана, дека и вашето село беше бомбардирано и - таа се наведна до увото на Лазо и тивко го праша: колку деца загинаа, Лазо? - и, да, и од бомбардирања седум деца загинаа само во вашето село, а знам дека има многу болни и нема за нив ни лекар ни лекови. По шуми се криете кога има напади, ноќе не спиете, бдеејќи над мирот на вашите деца. Вашите деца се изложени на смртна опасност... Утре, сакам да речам со доаѓањето на пролетта, атинската влада ќе почне голема офанзива против нашата демократска армија. Многу авиони и уште повеќе топови ќе бијат по нас и по вас! Што ќе правите тогаш? Ќе гледате како ќе ви гинат децата? Народе! Нашата демократска влада многу размислуваше како да ги заштити децата. Другарите толку размислуваа што по цели ноќи око не затвораа од грижи и главите, на, како тапани им натекуваа од многу гајлиња и размислување. И решено е, народе, децата да ги пратиме по државите, по демократските држави. Тие таму ќе имаат се што ќе посакаат...

- Ти случајно да не си била таму, та знаеш? – викна некоја жена откај прозорецот.

- Не. Јас не сум била, ама другарот што седи до мене бил и тој најдобро ќе ви каже. Стани, другар, и кажи им на луѓето.

Ќелавиот го извади тефтерот, го отвори:

- Тука имам запишано се што видов таму. Децата ќе живеат заедно во големи домови ќе спијат секое во одделно креветче послано со бели чаршафи. Трипати дневно ќе јадат. За сабајле ќе јадат леб со сирење и маст, мармалад и пекмез. До обед ќе учат на училиште. Сите ќе бидат писмени и кога ќе се сретнете ќе видите колку учени ќе бидат. За обед ќе имаат супа, па печено пиле или јагне... Јаболко или чоколада... По обед задолжително ќе спијат, а по спиење ќе одат на прошетки, ќе

шетаат по ливади, по шуми, ќе играат топка, ќе се забавуваат, ќе пливаат во топла вода. А портокали и бонбони ќе јадат колку што ќе им сака душа. А да не зборувам за млекото и медот... Богати се тие држави... толку богати што и бишките ги хранат со портокали... Така... И во театро ќе одат и во кинематографо. Еве, јас тука имам донесено неколку кадра од кои можете да видите во какви ресторани ќе јадат нашите деца... Ќе ги служат лакеи, облечени во бело. Еве на ова кадро се гледа... Гледате? – тој високо ги подигна картоните на кои беа залепени неколку слики. - Е, штом видовте, можете да бидете мирни и за сонот и јадењето на вашите деца. Толку од мене...

Киро, кој дома имаше цел куп списанија, донесени од Америка и често ги разгледуваше, мрдајќи со мустаќите до увото на Ѓорѓи, шепотеше:

- А, бре, баго мајте, тој кадрата ги има скинато од американски журнали!

Ѓорѓи се сврти, си ја покри устата со дланката и рече:

Молчи, Киро, и никој за ова да не слушне. Молчи, ако не сакаш на стари години да кршиш камен... Молчи...

- Јас да ви кажам, луѓе, - се слушна гласот на Вера - да имав деца, прва ќе ги пратев да живеат во еден таков рај. Воопшто да не мислите, туку да ги запишете децата. Сите деца од две до четиринаесет години да ги запишете. Ние на Лазо му кажавме како треба да се прави тоа. А сега ќе ви кажам и вам. На секои дваесет деца треба да има по една одговорна. Вие сами ќе си ја изберете. Нејзината задача пред вас, и пред партијата, и пред борбата, ќе биде секогаш и секаде да ги чува децата. Во други села избраа вдовици што имаат деца сирачиња, чии мажи загинаа во борбата... Такви да изберте и вие... Аха, за малку ќе заборавев. Другарот што седи од оваа страна, деновиве скришум беше во Атина. Скришум ги виде логорите во кои кралицата Фридерики ги држи сосила грабнатите деца. Тој таму, како што ми рече, видел страшни работи. Ајде, другар, кажи им на луѓето што си видел?

Човекот стана, се искашла и со низок, зарипнат глас го почна раскажувањето:

- Мачно е да се зборува за тоа што го видов. Во тие логори има деца од цела Грција. И од нашите места. Ги имаат облечено како војници. Секаде одат построени и гладни. Ги учат да ги шпионираат своите родители и браќа и сестри, шпиони прават од нив. Јаничари прават од нив, полоши и од тие што беа турски јаничари. И ги учат да не ги сакаат демократите, а комунистите да ги бесат и да ги колат, а тие што не слушаат ги тепаат, во апс ги клаваат, леб и вода не им даваат. А сакате ли да знаете што прават со девојчињата? Ќе ви кажам што прават. На Американците, на арапите и на црнците им ги даваат за да ги поганат. Тоа им прават! Сакате ли и вашите деца таква судбина да имаат? Ако не сакате, тогаш да ги запишете да одат таму, во демократските држави... Јас и таму бев. Другарот не кажа дека во државите нашите деца ќе имаат играчки. Секое девојче ќе има по една или две кукли, и тоа такви што зборуваат. Сте слушнале ли за такви кукли? Не сте слушнале, нели? Ќе бидат облечени во нови облеки, нема да одат боси и со опинци, ами сите ќе се обуени во топли чевли... Тоа што децата ќе одат таму, тоа значи дека ќе се спасат и да знаете за се треба да сте и благодарни на нашата партија и само во неа да се колнете!

Лазо, кој досега седеше со челото навалено на дланките, стана, му пријде на Кузе и му шепотеше нешто на уво. Кузе одречно подигаше глава, мижејќи и подигајќи си ги веќите.

- Не, бре, Лазо, јас ништо нема да речам! - слушнаа оние што седеа најблиску. - Не, не велам, де... - повтори Кузе.

Вера, не чекајќи, продолжи со претходниот тон:

- И да бидете среќни затоа што нашата демократска влада и партијата, и покрај тешките борби што се водат, постојано мислат и на децата. Затоа, не отфрлувајте ја подадената рака на партијата. Таа, партијата, мисли за вас и за вашите деца... Другар Лазо, - му се обрати таа на Лазо - утре продолжете го собирот. Изберете три одговорни жени и списокот на децата да

ни го доставите што побрзо. А вам, луѓе, ви благодарам што дојдовте и затоа што се разбравме. Собирот е завршен.

Сенки го напуштија училиштето и сенки се движеа по селските сокачиња. Молкома, со рацете стегнати на градите, се враќаа мајките дома. Липаа и колнеа.

Киро, одејќи меѓу Ѓорѓи и Митре, како да џвакаше сува смоква, зборуваше :

- Вистина ви велам... кадрата се од американски журнали. Дојдете дома, ќе видите. И не им верувам јас на другарите, јас што немам деца. Ами камо да имав. Некако со дебели конци шијат... овие...

- Веруваш или не веруваш, - го прекина Ѓорѓи - решиле да ги соберат и ќе ги соберат. И кој знае каде ќе ги одведат.

- Каде и да ги одведат, - се вмеша Митре - загубата е наша. А тие, другарите, демек, ниту мака ќе мачат ниту товар ќе носат. Се ми се чини, дека зад сето ова нешто друго се крие, ама умот ми е танок и не знам што се крие. Ама се крие... јас тоа ви го велам. Слушнавте? Со портокали бишките ги хранеле... да видиш, па да не веруваш...

- А зошто да не веруваш и во тоа? - праша Киро. - Поверувавме во се што ни рече партијата? Поверувавме. И зошто сега да не и веруваме кога ни вели дека таму и бишките ги гојат со портокали? Дојдовме до таму за да веруваме дека се што лета се јаде. Јас, ти, Митре, и ти, Ѓорѓи, можеби не веруваме дека гавранот се јаде, ама Лазо и Кузе Гуштерот од името на партијата би го изеле сосе пердуви.

Одеа некое време молкома. Се слушаше само тропањето на патерицата на Митре. На раздрумот, зад црквата застанаа. Киро му подаде рака на Митре велејќи му:

- Што ќе правиш, Митре? Ќе ги дадеш ли внуците?

- Што ќе прават сите, тоа ќе правам и јас, Киро. Да беше син ми тука, заедно ќе мислевме, а вака јас сам треба да мислам. Да не ги дадам, можеби ќе згрешам... да ги дадам, можеби пак ќе згрешам... Како да реши човек? Што да правиме? Туку сега, ете, мене вака ми сече умот: каде сите, таму нека бидат и моите внуци. А дека местото наше ќе онеме, тоа е сигурно, браќа...

Утредента, вечерта, пак се собраа на собир. Лазо претседаваше:

- Да избереме прво одговорни. Потоа, кој како сака ќе ги запишува децата, мислам, кај една од трите жени. Сношти другарите од раководството објасниј се. Да не повторуваме пак. Само да кажам дека тие треба да се вдовици, да имаат деца сираци или да се од семејства од кои повеќе луѓе има на боиштата или по затворите. Така, нели?

Митре, кој овојпат седеше во првиот ред, тропна со патерицата.

- Јас да кажам. Што мислите, луѓе, една од жените да е Костовица? Сама остана со четирите сираци. Нека оди таа. Што велите?

- Да оди, - се слушнаа неколку женски гласови.

Кољовичка, - викна некој од средината на училницата. - И таа е вдовица. И бремена е... да оди.

Млада е... - рече Кузе. - Млада е и се плашам дали ќе може да гледа дваесетина деца... Така, луѓе. Јас како што избројав, ако избереме три жени, на секоја ќе и дојдат по дваесетина, нели. Шеесет деца имаме. Ако заминуваат сите, се разбира.

- Зошто да не може? Ќе може... И бремена е. Што ќе прави тука со доенчето? Нека оди таму во државите, - дофрли Јановица.

- Уште една жена, а потоа да почнеме да ги запишуваме децата, - замоли Лазо.

- Олга, Олга Јованова... Вистина, таа е млада, најмлада, ама таа нема со кого да остане. Мајка и е умрена, сестрата е на Грамос, помалата сестра ако оди, таа самичка ќе си остане. Нека оди...

Џагорот што настана меѓу луѓето го натера Лазо да подвикне за да ги смири.

Не расправајте се, луѓе! Ако некој сака нешто да каже, нека се јави, а не така, како на пазар!

- Добро, нека оди, - почна Петровица без да побара збор. Олга, жени, што знае од деца? Па таа ниту има родено, ниту има доено, ниту има повиено, ниту пелени има фатено, а камо да испери, да мие, да чешла, да крпи, да чува и дење и ноќе, а што ќе прави ако некое детенце се разболи, да не дај господ? Не, жени. Јас велам дека таа е премногу млада за да чува толку дечки... Знам, чупата е добра, умна, чиста, работлива, знае и да пери, и да меси, и да готви, ама млада е за да чува... Што е право, право е... И за неа тоа е тешко, нели? Од мене, толку.

- Има право Петровица, - рече Мара Каљковска. - Јас, жими господ, се плашам дека таа ќе може... Не, нема да може...

- А, бре, жени, - стана Кузе, покажувајќи со рацете на жените. - Шо ве пуља нетокму и зошчо сте толку неумни, а? Мене како шо ми рече Вера...

Каљковска не го трпеше Кузе и му се вдаде:

- Ти, Кузе, доста изломоти заедно со Вера!...

Кузе како да не слушна ништо, продолжи:

- ... како што ми рече мене Вера, таму о државите дечките ќе ги чуваат учени луѓе, а овие, нашите, демек, само ќе гледаат да не залута некое дете и заедно да се држат... Имајте, велам, ум на ум немојте да и пречите на партијата да го прави своето. Така ли е, другар Лазо?

Вие, другарите, малку да се приберите и доста да си играте со туѓи деца... Ги собраа младинците и чупите? Ги собраа. Ги собраа поголемите? Ги собраа. Каква пушка какви стапови може да носи, бре, Лазо, лигавко, Кољче на Гулевци? Дете на четиринаесет години ти рече да го соберат. Било високо. Ами какво да биде? Како тебе, бре, Лазо? Што не отиде ти, што не нарами ти пушка? Остана покрај полата на женати и со првото (Со првото - се мисли на народноослободителната војна проив Италијанците и Германците (во текот на Втората светска војна.) и сега. Партијата та партијата... Ја направивте фурнаџиска лопата. Сврти ја така, ќе прибере, сврти ја вака ќе собере и само бере, - го доискажа Каљковска својот гнев.

- Доста, Маро! - подвикна Кузе. - Доста да те слушаме како фрлаш отров на борбата!

- Отров да ви се стори луканчето што го изедовте сношти со другарите, ајљази едни! И виното што го зедовте од црквата, отров да ви се стори и аир, да даде господ, да не видите...

Мара Каљковска беше позната по колнењата. Додека да ја исплукаше првата клетва потоа како да отвораше леа по која без престан тече матна вода.

Собирите, доколку се одржуваа со луѓе од раководството завршуваа навидум мирно. Меѓутоа, без нив - завршуваа со караница. И најчеста причина беше мудрувањето на Кузе. Скарани, навредени и налутени, се разотидоа. Дури наредниот ден, по тешко преспаната ноќ, по меѓусебните убедувања и долгите колебања, се согласија трите предложени да бидат прифатени за одговорни. На истиот собир извршија и распоред на семејствата и во текот на неделата ги запишаа децата. Така, ете, кога жените се среќаваа на чешма, веќе не велеа децата на тие и тие, ами децата на Костовица, децата на Коловичка или на Олга.

Во зимските февруарски студени попладнија и квечерини, собрани во себе, со стегнати грла, поболени гради од длабоки воздишки, со очите поцрвенети и полни со солзи, одеа

бесшумно кај жените во чии раце, и под чии очи наскоро требаше да се најдат децата.

И престанаа гребените да влачат волна и кадела врз кадела да белее; престана на фурка да се снова основа, на чекрек да се преде предено, на разбој да се ткае. Плетеа чорапи и фанели, токмеа пљачки, ги отвораа невестинските сандаци и, раздиплувајќи, токмени промени одбираа.

Ноќе, скришум од окото на Лазо и Кузе, за да не ги поткажат на новите власти, кои веќе имаа отворено затвори во Нивици и Дреново, одеа кај поп Васил за да ги благослови златните и сребрени обетки и синџирчиња и герданите од мониста што како амајлии ќе им ги дадат на децата.

***

- Моето внуче има само осум месеци, Костовице... А јаска, ме пулиш, стара сум... госпу ме заборави... Да ти го дадам, внучето, земи го... сираче, посираче од него нема. Ни татко ни мајка... Кузе, аир и од челад да не види, и мајка му и татко му ги прати на Грамос... Млади се, - рече тој - господ да дај јазикот да му се исуши, глув и нем да остани цел живот, - колнеше бабата Мијалица - ги пушти таму и ги нема... Пред Василица ми рекоа, тие таму се убија, загинаа... Му велам и на Лазо и на Кузе, запишете го и внучето... во бој загинаа и татко му и мајка му... Не, велат тие, не може, малечко е... Шо ќе прави ако јаска умбра? Кажи му ти... можеби тебе ќе те послушаат?...

***

- Јаска кај тебе, Олго, ги запишав моите дечки. И Панде и Генче... Ги знаеш. Генчето, Олго, е кротко... Сака да го погали човек по главичката, да го земе на скут... Две и половина годинки има. Да не го оставиш неисчешлано. Да пулиш да не фати вошки. Те заколнувам, Олга, во коските на мајка ти, жими Ристос златен. За тебе ќе се молам секој ден. Пред Богородица ламбади, а не сфешчи, ќе палам... Да ми ги чуваш... Што друго да кажам ? Да не заборавиш дека татко им е в затвор... и во неговите маки те заколнувам, Олго. Ти таму ќе си му и мајка и

татко и поголема сестра. И нежно треба со Генчето, нежно, милно, кротко, со добро и со топло... Така... Утре пак ќе наминам. Да си поприкажваме за да знаеш...

***

Ристе, Костовице, ми е најмалечкото. Знаеш, болникаво и слабичко ми е. И не јаде. Не дека е разгалено детето... не е галено. И, ако, не е срамота, ете, тука, - жената од пазувата извади врзано шамиче - тука, во крпчето има еден флорин. Жити господ, не брани се, не дигај раце, немој да ме заколнуваш. Жити децата и очите, земи го... можеби ќе затреба... продај го и прихранувај го и дооблекувај го потопло. Ноќе се отскрива... Причувај го, се поти... и малку да му пристуди, грло го фаќа... Покривај го и причувај го да не му се водени чорапчињата. А флоринот земи го... Што, нема да го земеш? Не? Ами со што ќе му докупиш нешто за прихранување, за дооблекување? Кој знае кога ќе се вратите... кој знае кога ќе си ги видиме дечките... А јас, кутрата, си мислев, ајде, да одам да ја замолам Костовица, флорин да и дадам, а ти, Костовице, ме срамотиш со тоа што не сакаш да го земеш флоринот... Добро, ќе си го вратам дома, ама да знаеш дека секој ден ќе се молам за тебе. Костовице, да не се разболиш... очите да ти се здрави за да ни ги пулиш и чуваш децата... нозете да ти се здрави за да одиш по нив и пред нив за да не се загубат некаде... рацете да ти се здрави за да ги погалуваш, да ги лулаш ако затреба, да ги кренеш на рака, да ги гушнеш и да ги подржиш во скут, ноќе да ги покриваш, да ги миеш и да ги држиш за рака... ако се разболиш, тогаш кој ќе ни ги гледа и кој ќе ни ги чува?

***

Цана моја ноќе се буди и се плаши. Немој да ја оставиш сама. Пред спиење сака да ја погалам, да и кажувам приказни, да и пеам. Ќе можеш ти да го правиш тоа? - загрижено прашуваше Колевица. - Везден оди Цанчето мое по мене и кој знае дали ќе навикне таму без мене... И сама не јаде. Така ја научи баба и и сама лажица не фаќа. Да ја храниш и да не ја караш. Кога е карана, многу плаче. И сама не може да се облекува. Да и

помогнеш да се облекува и да ја миеш... Така си ја навикнавме... Е, сега, цел товар врз тебе ќе падне... Та не е само едно? Многу се... ама те молам, не оставај ја Цана моја сама да се мачи... помагај додека не навикне, учи ја... и не оставај ја да се јадосува многу и да плаче... Таква си е, плачлива... Ќе те слуша, сигурно ќе те слуша... И кога ќе пуштиш книга, клај во неа некој збор повеќе за Цанчето мое, клај мила, барем еден збор повеќе...

***

- Од моите дечки зор нема да видиш. Само да имаат да јадат. Послушни и работливи. Знаеш дека ние сме сиромашни. Корка леб и троа сирење, доста е и за цел ден. Така се научени... Е, дека се малку немирни, што да им правам, таква им е крвта. За работа - први... Поголемиот е малку кавгаџија.. што да му правам, таква му е крвта, како дедо му. И не дели ги од другите и понекогаш погали ги, види да не фатат вошки... косата можеш да им ја истрижиш до гола кожа. Подобро така. Пљачки многу немам да им дадам. По едно кошулче и по едни чорапи. Немаат чевли. Опинци ќе им обујам. Што да правам. Ќе се скинат, па, што да правам, нека поодат боси... зар тука не одат боси? Им велам секој ден по два-три пати да те слушаат, да ти имаат пошта. А на големата чупа и реков вака: ти имаш дванаесет години, чендо. Да запрегнеш ракави и да помагаш во се што ќе ти рече Костовица или другите жени што ќе ве чуваат. Ако ти рече да периш, да плетиш, да крпиш, да ги облекуваш помалите, па ако затреба и да ги бришиш, ти, чендо, велам јас, без поговор, да слушаш како што ме слушаш мене... Таму, Костовице, ако затреба да меси, Линка моја знае и да меси, и да сучи и да печи. Ја научи мајка, ја научи да работи таа... Работлива е и послушна, и молчалива, и срамежлива... Ако направи нешто што не треба, немој пред другите да ја искараш. Таа нема да ти каже, ама ќе се мачи... од малечка е таква, не трпи никој да ја срамоти...

***

- Кај тебе се запишани сите четири мои... Најмногу ќе те молам за Маре. Има две и пол годинки. Сестра и ќе ја чува, ќе ја храни, ќе ја мие и ќе ја облекува, ама и ти доглелувај,

поучувај... И да не и ја посечеш косата... Сакам да и расте. Што убава руса плетенка сега има... чудо едно. Нека ја носи... Не знам дали е така, ама Кузе Гуштерот вели дека таму ќе прават и кадра. Да ми пратиш едно големо кадро од моите, ама да се кадросани сите четири. Маре да е прва и зад неа Ставре и Васе и меѓу нив Ристанка. Јас за секое имам подготвено торбиче и сите пљачички ги имам средено. Ставре ќе го носи јадењето. Ќе им дадам и едно веленце... да се покриваат. Добри се дечките мои... Мака нема да имаш. Само погледнувај дали се најадени, дали се чисти. И да им кажуваш приказни. А Ристанка сака многу да пее. Знае таа многу песни... Да си одам... А не знаеш кога ќе тргнете? Не знаеш, велиш? Да одам, да си поседам со нив... да ги испогалам... да се изнарадувам... топлината моја да им ја дадам...

***

- Со Ленка наша треба само со добар збор. Такво е девојчето. Да се исчешла не може... ја остави сама да јаде, нема да дојаде. И кога спие, сака покрај неа да има некој. Ако се разбуди ноќе, плаче од страв... што знам, некој уплав има од лоши соништа или кој знае што е... инаку е мирничка, зборлеста. Сака да слуша приказни. Така ја навикна дедо. Што да ти кажам друго? Дека ми е тешко? На која мајка и е лесно да го оддели детето? Две запишав... Дома ќе ми остане ова што го имам во скутот... Уф, ете, кисло е ... да одам, да го преповијам...

Глава 15

Пред смрачување во селото стигна коњаник. Облечен во војничка униформа, со германски автомат на гради и преку рамо кожена чанта. Децата што трчаа покрај коњот тој ги праша за куќата на Лазо и дури кога влезе во неговиот двор, му рече на едно од децата:

- Викни го другарот Лазо. Ама бргу!

Лазовица ја подотвори вратата и внимателно, но и со љубопитност, го гледаше коњаникот. Младо, изморено момче. Вратата крцна и во неа се исправи Лазовица.

- Кого барате? - праша таа.

- Лазо, тетке, Лазо. Нели тука живее?

- Тука, - одговори Лазовица кога слушна питомина во гласот на коњаникот. Се врати дома и малку потоа на прагот се исправи Лазо, до него Кузе, а зад нив, се уште несигурна, Лазовица.

- Јас сум Лазо. Што е работата?

Коњаникот ја отвори чантата и од купчето пликови оддели еден и му го подаде на Лазо велејќи:

Итно е, другар Лазо.

Лазо, без да го отвори, погледна во коњаникот, го измери од петици до глава - многу е младо... не е постаро од син ми - помисли и, поправајќи си го палтото што му беше префрлено на раменатa, рече:

- Врзи го таму коњот и влези една вода да се напиеш.

- Сполај ти, другар, ама морам да одам. - Го сврте коњот и, без да се поздрави, го бодна. Одново затропаа коњските копита по селската калдрма и набрзо се загубија зад гумната.

Лазо и Кузе седнаа до огништето. Полека, без никаква љубопитност и заинтересираност, Лазо го отвораше белиот плик и лежерно ја извади хартијата. Ја подигна до пламенчето на ламбата и читаше. Кузе забележа како почнаа да му треперат рацете на Лазо. Лазо погледна во Кузе, а потоа со некаков чуден, растреперен и уплашен глас ја викна жена си:

- Лазовице, Лазовице, мори... Донеси една чаша вода и фрли цела лажица шеќер, - рече, фаќајќи се за грлото.

Кузе се доближи до него и, не можејќи да види што пишува во свитканата хартија, тивко праша:

Шо има, Лазо?

Лазо почека да му налегне шербетот, слабо се искашла, ја отвори хартијата и му ја подаде на Кузе.

Прочита? - го праша откако тој си ги спушти рацете на колена.

- Аха... - промрморе Кузе.

Е, сега, стани и оди да ги викнеш жените што треба да одат со дечките. Веднаш да дојдат. И не кажувај по пат за да не дознае целото село, слушна?

Се намртши Лазо. Си ја навали главата на ѕидот и дури сега допре во неговата свест тишината на неминливото.

- Добро најдов, Лазовице, - се слушна гласот на Костовица.

- Добре дојде! Влегувај право во одајата.

Набргу дојдоа и другите две жени и заедно со нив седна Кузе.

- Ете, жени, - почна Лазо развлечено и со растреперен глас. - Речиси пред еден саат дојде курир и го донесе писмово. Тука пишува сите деца што се запишани во четврток попладне да ги однесеме во Лабаница. Таму ќе се береле децата и од околните села. Пишува уште дека во вторник или среда по тука треба да

поминат децата од селата на Костенаријата и дека треба да ги пречекаме... Што да ви кажам друго? Времето дојде, жени... Одете сега по куќите да им кажите на луѓето да си ги подготват децата за пат... Знаете вие што треба. И да им речете да подготват храна за два дена, море не, за три да им речете... Е, сега одете си... И ти, Кузе. Оди и ти кажи и на жена ти нека ги подготви децата. Со здравје... одете си...

Кога Лазо остана сам со жена си, и рече:

- Што велиш, Лазовице, да го скриеме Насе? Ќе поминат два три дена, можеби недела, и ќе го извадиме. Ќе речеме дека избегал и си дошол дома... Што велиш а?

Лазовица си го покри лицето со дланките и почна да липа.

- Ами, како, бре, Лазо, - плачеше таа - ќе пуштиме три, едно ќе скриеме? Па нели ти рече, дека нема да останат децата долго таму каде што ќе одат... така велевте и ти и тие што зборуваа на собирите, нели? Да помини лошото, велевте, и децата ќе си дојдат... две-три недели, можеби месец, и ќе си дојдат... Ако е така, зошто да го криеме Насе? А другите не те болат? Или затоа што се женски?

Лазо шеташе по одајата со лицето скриено во дланките. Пет чекори натаму, пет наваму. Не тропаше со нозете обуени во дебели волнени чорапи. Тивко, одвај шушкаше, одвај се слушаше неговиот чекор. Си ги спушти рацете и болно рече:

- Ами, каде сите, таму нека одат и нашите, Лазовице. Тешко е да ги одделиме, ама и срамота... - не дореч. Излезе. Цела ноќ скиташе надвор од селото. Стигна до Стените, оттаму сврте накај Галичник и Вировите па накај Шекарица. Тука, навален на каменот, ја дочека зората. Со рака ја избуричка младата трева врз која во изгревот на сонцето блеснаа капки роса и си го избриша лицето, си ги истри очите. Над него прелета јато птици. Гледаше по нив додека не се загубија отаде шумичката. До него честар од леска. Обесија лесните златни реси. Понатака расцутен дрен. Во цветот блеска бисер-роса. Скрши една лескова прачка и по удолнината слезе во Стара Ливада.

Жалните врби имаа обесено долги танки гранки, како тељови на невестинска глава. Потскокна и сркши една подебела гранка. Од појасот го откопча ножот и со врвот ја подигна кората. Прстот му се навлажни со врбов сок. И, како некогаш, кога беше дете, кога тука доаѓаше во рана пролет како воловарче, отсече нова, права гранка, без глуждови и со сплеснатата страна на ножот удираше одмерено по зелената кора. Направи рез, потоа исече мали отвори, внимателно ја сврте. Во едната рака му остана оголеното парче врбова гранка, а во другата лушпата. Делот од исеченото парче го намести и потоа го допре до усните и дувна. Свирна. И засвири Лазо, прво тивко, плашливо, небаре првпат држеше во рацете такво нешто, потоа пак дувна, ги намести прстите и тажно и болно засвире... Му се пресекоа нозете, се прекршија во колената и папсан, полека, како што беше навален на стеблото од врбата, се спушташе надолу и со полуотворени очи, пред него се повеќе се појавуваше мрак, се згустуваше, а тој се обидуваше да се фати за нешто, чувствуваше како му замрзнува челото, му отрпнуваат стапалата и како низ магла гледаше дека пред него се вртат сите дрвја и ридишта, и камењата на ридот, и долгата ливада, а тој се обидуваше да се фати за нешто, но не успеваше и паѓаше, паѓаше во некаква мрачна бездна и го слушаше само својот глас...

Овчарот, кој пладнето поминуваше со овците по Нова Чешма, виде човек свиткан под плачливата врба. Беше Лазо.

Подоцна, додека Лазовица, липајќи ги подготвуваше пљачките на децата, Лазо лежеше на рогозината неподвижен и гледаше само во таванот. До него не допираше ни липањето, ни плачот на Лазовица, ни нејзините длабоки воздишки. Ги чувствуваше само топлите солзи на децата кои, наведнати над него, безгласно плачеа и со солзи ги топлеа неговото збрчкано чело и бледите образи...

Глава 16

- Не чекај, невесто, туку запрегни ракави - и се обрати Митревица на снаата. - Деновите ќе поминат ако чекаме така. И да плачиме и да лелекаме, тоа е. Велиш дека Костовица помина и рече дека в четврток ќе си одат?

- Така рече... И храна за три дена да подготвиме... - одвај ги изговори последните зборови и почна гласно да плаче.

- Доста, доста... не ги праќаме во неврат. Како што рекоа, ќе помине лошото и пак ќе ни се вратат. Туку... добро, невесто. Оди во другата одаја, исплачи се, исплачи се, само да не те видат децата. А каде се тие?

- Ленка и Коста се во дворот, а Кире и татко излегоа накај Синадев Рид.

- Дојди, невесто, - ја повика со рака Митревица - дојди уште еднаш да видиме што кладовме од пљачките. Отвори го сандакот.

- Не се пљачките во тој сандак, мајко. Јас за секое одделно ги собрав. Во гостинската одаја ги однесов.

Отидоа таму. Седнаа на креветот. Редум, секое купче го прегледуваа.

- Добро, невесто. Така. По две рала волнени чорапи за секое. Клај повеќе фустанчиња за Ленка. Чешле кладе? Клај и по две кошули. Не таа фанела за Кире, туку онаа таму, дебелата. Капите! А, тука се. Од сандакот да ги извадиш новите костумчиња. Нека се лепо облечени...

До пладнето Митревица и Софка ги редеа алиштата, ги местеа во торби, одново ги прегледуваа и скришум ронеа солзи.

А Митре во меѓувреме, заедно со внукот Кире, прошета до црквата Свети Врач и на враќање седнаа под стариот брест што се извишува на Синадев Рид. Оттаму се гледа целото село и

ширум околината - лево до Мали Мади, десно до Аљавица, па Горуша, Одрето и Орлето.

- Да беа Стените малку пониски, чендо, оттука ќе го гледавме и Костур. Е, пулиш, - дедо Митре ја подигна патерицата и направи полукруг. Од Борово, Вишомо, Стените, Лобаницко, Телок и зад нас до Тумбите, тоа е нашиот синор. До таму ни е атарот. Пулиш? Има и ливади, и рамни ниви, и бавчи, и кории, и стени... и лозја... Добро што ги изрежавме, нели? Додека узрее грозјето, сигурно ќе си дојдите. Ако случајно задоцните, дедо со се прачки, ќе исече најдобри гроздови и ќе ги обеси на таван. До Василица ќе издржат, нема да се исушат... И јаболкниците ги поткастривме. Останаа крушите, ама дедо сам ќе ги дотера, чендо Кире. Туку, што сакав јас тебе да ми ти речам... Аха... Уште малку и ќе си одите и кој знае колку далеку. Слушај дедо што ќе ти каже: патот по кој ќе одиш да не го заборавиш. Да не го заборавиш и словото наше. Ако словото наше го заборавиш, чендо Кире, тогаш и патот ќе го заборавиш... Гледаш, дедо Киро е за пример. Од младини одел во Америка, ама ниту словото ниту патот ги заборавил. Кај одел, што правел, тој пак дома си дојде... Така, чендо Кире. И ова наше место да не го заборавиш. - Митре почепка со патерицата по земјата, исфрли камче. - И земјата наша да не ја заборавиш... Памтиш ли кога оравме и ралото кога удри на камен? Е, чендо Кире, колку пати на тој камен има удрено ралото... ама ниту дедо ми, ниту дедо му, а и јас каменот не сме го скршиле и не сме го фрлиле...

- А зошто? - праша Кире.

- Затоа, чендо Кире, што и тој, каменот, велам, во нашата земја и тој, каменот, де, е земја... Како да го исфрлиш? Со колена го памтиме... Ете, и ова каменче - Митре со патерицата го помести камчето што пред малку го откопа со патерицата - и тоа е земја, затоа што е од нашата земја. И да знаеш, кога таму, далеку, во другите земји, каде што ќе се најдеш, така, тука до мишката ќе те стегне, ќе ти биде мачно, ама ти тврдо и немој да се пекмезиш зашто најмногу ќе ти се лутам јас, а за татко ти да не зборуваме. Ги гледаш мајка ти и баба ти? Има денес појунаци од нив? Тогаш, во илинденското, да сме имале такви, кој знае.., чуда прават тие наши бабички и мајки... А некни си зборувавме

со Коле, учителот ваш... Го прашувам јас: а бре, Коле учителе, толку чупи има во војската... Знаат ли тие да се бијат? Не плачат, не врескат? А знаеш што ми рече? Ми вели: дедо Митре, има такви девојки што се појунаци и од мажите. Вели тој - во четата имавме една калеша чупа, црна плетенка и долга како божица, вели. Јас го опитав: а бре Коле како ја викавте? Тој ми вели - Донка, тука, од овие села е. А мене се ми се чини дека таа чупа треба да е од нашето село, од Доновичини... Таа и како чупче беше оџварена и пргава. Пат и правеа машките кога беше лута. Таква беше таа. Та, ти велам, чендо Кире, каде и да одиш, словото да го чуваш и да не го заборавиш... Тогаш и патот за дома нема да го заборавиш. А сега, ајде да си одиме дома зашто баба ти ќе не кара.

Дома се враќаа по Долното сокаче и кога се доближуваа до куќата на Киро, слушнаа како тој од чардакот вика:

- Не таа, реков, Киревице, туку белата, белата, реков... Е, така, дотераа до ќошот, сега, сега фати ја... Пак, анасана, ти избега, жити господ...

Митре со патерицата удри на железната ограда и викна:

- Што е, бре, Киро, та се караш таму од високо, а?

- За кокошката, Митре, - врати Киро и слезе во дворот. - За кокошката. Ете, за онаа, белата... А вие прошетавте или по работа бевте? Ве видов кога тргнавте накај Свети Врач. - Се сврте кон Кире и праша: - А ти, не се делиш од дедо? Ќе се одделиш, чендо, и врз кого ќе се потприме, а? - Над него прелета белата кокошка и се растрча по сокачето. - Остави ја, Киревице. Вечер, кога ќе се прибере во кошарникот, ќе ја фатиш.

Што туку си запнал, Киро, - праша Митре - со таа кокошка?

- Си рековме со Киревица да испечеме три и да ги дадеме за децата... за по пат. По една, велам, ќе им дадеме на секоја од жените што ќе ги водат децата. Да им поделат по некое парче... Киревица испече и три големи погачи... И ние, велам, да ги

испратиме како што личи, нели? Што ако немаме наше, да не излеземе да се збогуваме? Ќе излеземе и ќе одиме до раздрумот. А белата што не може Киревица да ја фати, реков и таа да ја испече. Ќе му ја дадиме на Коле, учителот. Вчера го прашав дали и тој ќе оди со децата... Не, вели. Јас, дедо Киро, ќе се вратам во баталјонот, и толку се нажали момчето, што и мене солзи ми навирија в очи... Де, де, му велам... А тој - не можам да го прежалам Шиперков, командантот...

Митре се прекрсти и рече:

Бог да го прости војводата...

- Да влеземе дома, - предложи Киро.

- Сполај ти, Киро, дома да си одиме. Сега човек само дома да седи додека куќата е полна со децата... штом си заминат, нема да сака човек ни во дворот да влезе... Остани со здравје... Киревице! - викна Митре - остани со здавје и поминете по дома...

- Со здравје и поклонатие носи дома - врати Киревица.

По обедот Митре побара да види што им подготвија на децата за по пат.

- Се кладовме, - рече Митревица - и да не буричкаш по торбите.

- Добро, добро, - промрмори Митре - разврзи да видам. Раздипли се едно по едно. Се сакам да видам...

И додека Митревица и снаата пак ги местеа алиштата, Митре наредуваше:

Утре со лепото сито ќе отсеете од мекото брашно. Две големи погачи ќе месите и ќе ги испечите под сач. Ти, невесто, фурната да ја завалиш и да ја разгориш. Јагне ќе им испечам на дечките за по пат... Митревице, ти да не заборавиш да му кладиш сало, кавурма, суви сливи и лапки... И цела кутија сирење и урда. Јајца да не заборавиш да свариш... Туку, чекај... Прво оди кај

поп Васил и опитај го дали може да ги бојадисаш црвени... Пред Велигден сигурно дечките ќе одат. Опитај го поп Васил. Велигден е на прагот и опитај го дали може и да ги комка. Ами како. Рисјански деца се... по адетот рисјански и со благослов очински и мајчин и дедовски и прастар нека појдат... - Митре се засркна, тивко се искашла, го сврте лицето кон прозорецот и, ѓомти гледа, се наведна и скришум, со широката и избраздена дланка си ги покри очите и не ја избриша солзата, ами ја размачка по лице, со ракавот ја исуши, и свртувајќи се, испрекинато рече: - Не би ги дал дедо да не беше лошото посилно од желбата тие да останат живи и здрави.... Не чекај, Митревице, оди...

Тие денови во сите куќи избираа, токмеа и диплеа алишта, месеа и печеа, готвеа. За миг мајките и бабите излегуваа на чардак, во двор или кога на чешма се среќаваа на замин зазборуваа дали јадењето ќе биде доволно, дали пљачките ќе бидат доволно топли, дали патот далеку ќе ги одведе и умеа секоја на свој начин дека бргу ќе им се вратат децата и секој збор, секој поглед, во кој се изгуби радоста и во кој се вгнезди возбуда на исчекување, горчина, жал и тага – кај секоја потајно начнуваше никулец на надеж - можеби нема да одат, и како жарче заласкотуваше толку, колку за да ги обнадежи и да ги прелаже и да ги оттргне од замаеноста. Брзаница се враќаа дома и одново и одново прелагаа пљачки, влажнејќи ги со солзи, благословувајќи ги со најнадежни зборови и мисли, и допирајќи си ги до лицата, ги опсипуваа со долги и топли бакнежи...

Во топлите издишки на пролетта расцути и разлисти црешата во дворот на Митревци. Во белоцветот брмчеа пчели. Отаде авлијата обеле вишната на Лаброви. Заврзаа плод кајсиите и бадемите на Ничевци. Озеленеа ливадите и полјанките. Крајпатните честари ги покрија кревки лисја. Се разлева во нив веселата песна на птичјата љубов. Ту весела, ту тажновита - вика, довикува, моли, се лути, цвили, се жали. Од ридиштата ветрот носи мирис на нане и пчелинок. Под сачот врие погача, на ражен и во фурна заруменува печеното. Косот, освежен од вечерната роса, кацнат на највисоката ветка од крушата на Ѓорѓи, далеку од делничните грижи и од болките на луѓето, го подига главчето, го растреперува грленцето, разбонета и

сребрена песна се растура се разлева толку долго колку што трае една најдолга моминска, невестинска и женска воздишка во која најмалку има надеж а најмногу болка. Прекинува за миг, го свртува главчето, наслушнува и одново растреперува воздухот, занемува срцето, се стегнува, трепери и боли. Грмеж, еден по друг, надоаѓа откај Горуша. Долги одгласи на митралески рафали пренесува ехото откај Копанче. Селската камбана удира на вечерна. Во благата светлина на денот што догорува почнува вечерната молитва. Се молат пред Богородица и свети Илија и палат свеќи и ламбади - да има светлина на патот долг и непознат и пред очите на Богородица да биде светлина за да го гледа патот по кој ќе одат децата и светлина за патот по кој ќе се враќаат назад, светлина нека им е во очите и на патот на сите што не се дома и кои ќе си одат од дома, светлина за сите изгори и чемери... Светлина за исчекувањето и за сите надежи... Треперат пламенчиња и болснуваат во очите што ги покри превез од магла низ која се пробива молитва за оние кои се на бој, господ од куршум да ги чува, за мртвите лесна да им е земјата и господ душа да им прости, и за децата кои голем раздалек ги чека - окото и раката господова да ги чуваат и во мајчина прегратка и под дедова и таткова стреа да ги вратат...

По вечерната, зазвони училишното звонче. На Горуша се разгоре бојот. Една по друга грмеа топовски и минофрлачки гранати, без престан митралезите разврзаа стрелба. Светлосните куршуми го везеа небото. Учителот Коле се исправи пред таблата. Молкома ги гледаше учениците. И првпат тие почувствуваа како му трепери гласот. И првпат им се обрати некако татковски:

- Деца мои, - рече учителот. - Јас не успеав да ви ја раскажам приказната што сакав да ви ја раскажам до крајот на училишната година. Таму каде што ќе одите ќе ви ја раскаже некој друг учител... Ако и тој не ви ја раскаже, тогаш сами, кога ќе пораснете, сетете се на овој ден и на деновите кога учевме заедно. Тогаш тоа ќе биде нова приказна, родена меѓу овие грмежи што доаѓаат од боиштата... И нека биде приказна за тоа како научивте да читате и да пишувате и како... узреавте за да тргнете далеку и брзо пораснавте за да понесете на своите

детски рамена таков товар и како нема да заборавите од каде потекнувате и кои сте... Ќе пораснете уште и ќе зреете уште и тоа ваше растење и зреење ќе биде вашата нова приказна и погрижете се добро да ја раскажувате зашто таа е вашиот белег, вашата трага, нашето вчера и денес... Денес, деца, ова е нашиот последен час и можеби е најголемиот час... Отсега натаму за вас ќе почне уште поголем час. Од тоа како ќе го научите, таков ќе биде и вашиот живот. Букварот нема да ви го земам. Носете го со вас. Носете го и парчето моливче. Научивте да читате и да пишувате. Колку сето ова ќе ви вреди, ќе видите кога ќе го напишете првото писмо до вашите најблиски и кога со буквите ќе почнете да го раскажувате тоа што го чувствувате и низ буквите вашите ќе знаат како сте и кои сте. Оттаму, каде што ќе бидете, со вашите ќе зборувате само со буквите. Вие добро ги научивте. И не заборавајте ги грмежите што допираат откај Горуша и Копанче. Запаметете ја бурата за да можете уште повеќе да му се радувате на сонцето и ведрината... И не сакам да се разделиме и да си речеме збогум со солзи во очите. Ами со песна...

Сите песни што ги научија во доцната есен и долгата студена зима, а во кои имаше и глас на бунт, и омраза и одмазда, и глас на надеж, восхит и радост, се испомешаа со одгласите на топовските гранати и митралеските рафали и со немирот, липањето, плачот, и редењето на мајките...

За првпат песната престана да го лула и да го радува срцето, замолчуваше и замолкнуваше во куќите, се шириеше како вода истурена од скршена стомна во одаја исполнета со чемер.

Митревица и Софка влегоа во одајата, седнаа една до друга и чекајќи ги децата се гушнаа и заредија гласно.

Душите им беа напоени со билка разделита и ништо не можеше да им ја разблажи големата болка.

Глава 17

Ноќта пред кинисување во ниедна куќа не изгасна осветлението. Кратки засркнувања, скришум избришана солза, згрчен липот, тивки поучувања, молежливи погледи...

Софка ја викна Ленче во гостинската соба. Го отвори сандакот, што беше го донела кога дојде невеста.

- Застани тука, чедо. Мајка ќе ми те промени....- и со растреперени раце почна да ја оддиплува својата невестинска руба. - Доближи се, чедо, мајка да ми те облечи... - и, откако на глава и го стави и венчето со сребрените тељови, рече: - Така, чедо... не дека мајка не верува оти не ќе те види пак... туку, да те види мајка невеста облечена... Сврти се, чедо, појди натаму, до sидот. Сега дојди кај мајка, да те гушнам... - Се прегрнаа. Треперат рамената. Копа и рие болката. - Не плачи, ќерко, не плачи на мајка. Ти си голема мома... Мајка ќе ми те чека... - Полека ја оддели од себе. Го извади од прст меновникот, низ него го пронижа средниот прст од левата рака. - Да го носиш, чедо - и рече - и секогаш кога ќе го погледнеш, да ја спомниш мајка ти... и да не плачиш... сврти се, уште еднаш да ми те види мајка, мајкина душо... невеста да дочека мајка да те види...

Дедо Митре, седнат скрснозе, чади од чибукот и тивко му зазборува на Кире:

- Чендо Кире, лош глас за тебе да не се слушне. Во нашиот сој никој досега срам не донел. Ти си со корен. Секој е со корен и секој треба да си го чува... Каде и да одиш, коренот да не го заборавиш. Да го бараш под земја, под камен, под пепел, крај пат излокан од водје. Ти да знаеш за него и другите преку тебе да знаат. Така како што вели песната. И народот наш не е без корен... како карпата што ја гледавме денес. Цела во пластови, во дамари. Пласт на пласт, дамар над дамар. Виде дабовите корени како беа вжилени во нив? Дури и ровја стеблата да ги кутне и оган да ги изгори, коренот ќе остане во земјата, во каменот, во карпите. Така е и со нашиот корен. Тој е во дамарите наши. Така, чендо Кире, секој да си го знае коренот и дамарот и да не дади да му го фрлат во некое буниште или да

биде играчка во рацете на едикојси. Од мене ова, чендо Кире, да ти е ука и аманет...

Дедо Митре стана, си ја исправи снагата и застана до разбојот.

- На овој разбој и баба ти и мајка ти ткаеја со години. Во ова недоткаено платно има дел од нивната душа, од нивните желби. Покрај овој разбој многу песни се испеани и солзи се пролеани. Овој разбој е живот и во него се вткаени нашите надежи. - Митре за миг замолча, колку да земе здив. Се наведна и од под разбојот извлече еден корен. - Ова парче е корен од дабот што расти на Свети Врач. Стави го во торбичето. А оваа прачка е од одрината. И неа стави ја до коренот... Тргна накај долапот. Го отвори и од шајката го откачи клучот. - Чендо Кире, еве ти го и клучот од дома. Секој кој од куќава заминувал, земал со себе клуч. Земи и ти, чендо Кире... и господ да дади од твоето семе никој на раздалек од дома да не излезе... - дедо Митре се сврте кон иконата се прекрсти трипати и се поклони ниско.

***

Кузе го откопча синџирчето, го стави џебниот часовник на дланка и, мерејќи го, му рече на сина си Никола:

***

- Синко Николче, саатот ти го давам за спомен. Мене ми е од дедо ти, за спомен ми е даден... А тебе, мило - и се обрати на ќеркичката - мама ќе ти дади златно синџирче со крвче. Кога ќе ги гледате, нас да не споменувате...

***

Митра ги викна трите керќи, го отвори сандакот и од него извади кутија. Ја отвори.

- За тебе, Маре белегзијата. Кога одев невеста, мајка ми ја подари. Да ја носиш со здравје, ќерко. Тебе, Васе, ти ги давам обетките. Дојди да ти ги ставам на ушите. Убаво, многу убаво ти стојат. И колку си убава. Да ми те бакни мајка... Тебе, Зое,

златното синџирче. Дојди да го обесиме на вратот... Многу, многу си убава. Погледни се на огледалцето колку убаво ти стои. Нели, деца? Со здравје да ги носите... Мили, добри гулабици, еребици на мајка...

***

Дедо Наќе пувкаше ол чибукот и, држејќи ја врбовата прачка на колена, удираше по неа со дршката од ножот. Со заби го стегаше чибукот и со полуотворените усни мрмореше:

- Там-пили-пили, стапченце, да ми се сврти кавалче...кавалче за Ристето... - тој го погледна внукот: - Не спиеш ?

Не, - рече Ристе. - Чекам да ми го направиш кавалчето.

- Легни да спиеш. Кога ќе се разбудиш, дедо ќе го има направено...

- Не, дедо. Јас сакам сега.

- Сега, ама гледаш, дедо Киро е дојден... Невесто, - викна Наќе - прибери ги дечките и нека си легнат...

Наќе и Киро останаа сами.

- Ќе си останеме сами, Киро, - рече Наќе.

- Белки брзо ќе се вратат. Зар еднаш сме оделе далеку и еднаш сме се враќале?

- Нашето беше друго одење и друго враќање, Киро. Ова одење ми се пули како витосување... Ej, се развражале луѓето, Киро... разбор немаат и затоа се разбостиса векот... Развлачка е... Размирица... Не разнебити... И кои се тие умни, вера, шо најдоа за умно децата да ги кренат? Како ќе пораснат по чужите држави и како ќе научат без нас да ораат и да сеат, да режат лозја, грозје да берат, вино да прават? Ами ако не си дојдат, кој ќе раѓа во ова и за ова место? Помислија ли тие? И кога ова

наше место било така испразнето? На кој му текна денот да ни го направи разделбен? Да не мислиш за добро дека е?...

Киро не најде збор за одговор. Рече:

Наќе, ние со Киревица донесовме тро подарочиња за внучињата твои. Да им се најдат попат.

- Сполај ти. А ти молчиш и велиш не знаеш шо да речеш. И поп Васил го опитав и постарите и најстарите во селото, ама никој не рече дека ова е за добро...

Не е, Наќе, - тивко се одгласи Киро. - Добро е кога децата се дома... Си спомнувам кога лани мачката по скалата се искачи и цап пиленцата на ластовичката. А таа, кутрата, леташе наоколу, леташе, цивкаше, мавташе со крилцата... за миг кацнуваше на работ од стреата, погледнуваше на истуреното гнездо, и пак цивкаше... Се додека ја гледав, ми се чинеше дека таа плачеше. И си велам сега со умот: ами утре што ќе прават мајките, што ќе правиме сите ние? Добро велиш, Наќе... и прашуваш дали помислија? Море, тие помислија и тоа добро... И ме опита ти што мислам јас. Мислам, Наќе, дека најдебелиот крај ќе биде наш...

Влезе Киревица и, откако се поздрави со Наќе, рече:

- Добар пат да си имаат внучињата, Наќе, и со здравје шо порано да си дојдат...

- Сполај ти, Киревице, и здравје да имаш. Госпу да ти го поживи Киро и години да му додај... - благословуваше старата на Наќе.

***

Доновица пет години е веќе вдовица. Седум деца ги има и сите ги запиша. Ги седна околу себе. Од котлето зема компири, еден по еден ги лупи.

- На ми ти, мило, јади ми. На ми ти и тебе. Денес барем да ми се најадите. Аргатуваше мајка досега, ама...- си ги брише таа солзите со крајчето од црната шамија. Подаде рака, го дофати перничето. - За тебе риза, чупо за на глава. А за тебе чорапчиња сплете мајка... Опинчињата ви ги поправив... И старите чорапи ви ги испра мајка и ги закрпи. Геле, да ги чуваш панталончињата. Други немаш. Мајка во две торби ви кладе за сите по тро сирење и урда. Имате два пешника леб и за секој по три јајца и кромид... Нема мајка повеќе... Ристано, фустанот мој, тој со кој одам в црква, ти го давам. Немој катаден да го носиш. Облекувај го во неделини и на празници. Да се видиш и ти добро облечена. Ти си најстара и да ги чуваш. Конци и игла имаш во оваа торба. Штом видиш скинато, закрпи го... И умно, добри на мајка... и да не ме заборавите. - Ти, Ристано, знаеш да пишуваш и кога ќе праќаат писма и ти да пратиш. Да знае мајка. Со шо да ве прати мајка на пат, а? Со солзи, дечки, со многу солзи мајка ќе ве испрати!

Глава 18

Откај Синьачка надоаѓаше денот. Во црвените зраци на разденот - небосводот пламнат. Облакот над врвот, оддолу румен, од горе обрабен со сребреникавата врвца на пресната утринска светлина. Се скратува сенката на околните ридишта.

Кузе ги оврти куќите.

- Време е, ајде на мегданот пред црквата... На собир ... - велеше тивко и со наведната глава, згаснат, свенат, блед од бессоница, тропаше на соседната врата.

Митре ги погледна распалените цепеници во огништето, лесно ги размрда со машата.

- Нека се развали огнот, рече Митровица. - Излези, стопане, и види дали се собираат? - замоли таа, а потоа и се обрати на снаата.

- Невесто, донеси ја кацијата и отвори ги сите врати.

Митре се врати и прозбори со тивок глас:

- Па, речиси се собраа. Ајде, викајте ги децата. И немојте да заборавите нешто. Прво торбите...

Митревица ја зеде кацијата, набра жар и клекна пред прагот.

- Ајде, мили, прескокнете ја кацијата... над жарта...- и шепотеше: - сето лошо пред вас и над вас оган да го изгори, во пепел да се стори... топлината домашна да ве грее и срце да ви топли...

Кога излегоа од дворот и го пречекорија прагот од големата дрвена порта, Митревица истури зад нив леќен вода.

Напред одеше Митре, по него Кире, а зад нив Софка. За левата рака ја држеше Ленка, од десната, со ситен чекор, глелајќи пред

себе, чекореше Коста. Тој одеднаш застана, си стави два прста во уста и свирна. Почека малку.

Кучето што лежеше под стреата си го размрда опашот, ја подигна муцката втисната меѓу шепите, стана мрзливо и се стрча накај Коста.

- Дојди, Шарко, дојди, - викаше Коста и со дланката удираше по своето колено. Шарко го лапна во воздух фрленото парче леб, му ја лизна раката на Коста и продолжи да оди покрај него.

Митровица се врати дома. Ширум ги отвори сите врати. Тешкиот дабов лост го тргна од портата, докрај ги рашири вратите и, разврзувајќи ја црната шамија, почна да си ги расплетува плетенките.

Над мегданот, каде веќе беа собрани сите од селото, кружеа ластовици, прелетуваа над куќите, се пробиваа со низок лет низ тесните селски сокачиња. Штркот летна од своето старо гнездо извишено на врвот од сувиот брест, без да мрдне крилја направи круг над селото, го снижи летот, замавта со крилјата и одлета отаде ридот, во ливадјето.

Двајца војници на ДАГ, со шмајзерите обесени на рамо се доближија до Кузе. Нешто зборуваа. Повисокиот војник го нарами ранецот и, покажувајќи со рака кон ридот на кој од дамнини стои и расте дебелиот даб, викна:

- По мене, ајде!

Тргнаа. Измешани - деца, жени, старци. Првин во куп. Полека се разретчуваше купот. Се создаваше колона. По двајца, по четворица, по седуммина, десетмина... Род до рода... Се наведнува мајка - нешто шепоти, теши, поучува, стега раченце, да го стопли пред да се оддели... треперат усни, липаат. Старците скришум, небаре си го тријат челото, со дланка си ги допираат очите. Голема грутка на срце, стега нешто под лажичката, не поминува ништо низ грлото... ни глас... боли... А наоколу е пролет. Зелено. Расцутени црешите и вишните. Дабјето заврзуваат златна пупка. Тополите разлистија. Врбите

раззеленија. Колку кавалчиња ќе останат недоправени. Шарко трча лесно покрај Коста, ниту чекор подалеку од него. Во крајпатниот густеж, во раззеленетиот врбјак покрај рекичката пееја пилци. Во шумата кукавица се раскука. Некој гласно брои: - еден, два, три четири... Доброи до дванаесет. Нешто се прекина во гласот на кукавицата. Некои видоа како одлета отаде трапот.

- Мамо, мамо! - прозбори Коста. Слушна, мамо ?

- Што, синко?

- Кукавица кукна... ќе има нешто лошо...

Ја преминаа рекичката. Го забавија чекорот по угорнината. На челото на Митре и над лицата на Киро и Ѓорѓи, кои чекорат покрај него, се наднесе сенка, се скрши веѓа, се вдлабија брчките. Врвулицата врви нагоре. Стигна под сенките на дабјето на Свети Илија. Челото застана на рамнинката. Потаму вишнее расцутена слива. Оттука почнува удолнина.

- Оние што нема да одат со децата, дотука, народе. Децата и другите што ќе одат со нив нека тргнат по другарот, - се чу наредба.

Невидливи станаа најмалите во прегратките. Плач и редења на Свети Илија. Писок откорнат од мајчини гради и липот гласен. Војникот што стоеше отстрана, се сврте. Киро виде како му треперат рамената. Имиња извикувани, благословувани, шепотени... Молења до небеса... Се одделија најпрвин поголемите и пред нив се отвори удолнината. Отаде неа високи планини.

Митре ги прибра во прегратка внучињата. Образите им ги собра до своите. Замре. Не издржаа нозете. Клекна, си ја навали главата врз градите на внучињата и гласно се расплака. Митревица, со расплетена коса, ги презеде и, откако им ги избакна очите, челата, образите и устите, со обете раце, како да се плашеше дека ќе и избегаат настрана, дека ќе се растурат, лесно ги допре, велејќи им:

- Одете ми, одете ми со здравје и господ да ве чува, - липаше таа. Липаа и старците што стоеја под сенката на д'мбо и чепкаа со нозете во кршот од урнатините на црквата Свети Илија. Врвулицата ја фати удолнината. Коњите се уште не беа тргнати. Во кошевите врзани за самарите ги сместуваа малите деца. Клекнуваа тие, седнуваа на посланата слама и, држејќи се со рачињата за кошовите, едни гледаа низ широките отвори, други си ги нависнаа главчињата, мижуркаа со очките, подаваа раченца...

Мамооо! - се развикаа кога коњите зачекорија по удолнината. - Мамооо! Мамооо! Мамооо!!! - се слушаа нивните пискливи, расплакани гласови.

Поп Васил го подигна крстот и го благослови патот.

Стоеја луѓето се додека исчезна по удолницата и последното главче што се издигаше од кошот. Згаснаа детските гласови и члапањето коњско. Само правот, полека спаѓаше и денот се навалуваше. Стоеја луѓето додека сонцето не им удри в лице. Стоеја додека сенките не станаа триж подолги од луѓето. Стоеја додека сонцето не изгоре зад врвовите планински и, кога настапи мрак, уште повеќе им се чинеше дека слушаат викања и довикувања. Во кошевите плетени од леска и во солзите стежнати како бисери, во насмевките овенати на топлите усни, во плачот и довикувањата - си отиде радоста на мама Ангелина, на дедо Митре, на баба Марија. Си отиде убавината на местото. Во селото се враќаа сенки и сенките тргнаа право во црквата. Дома се вратија сенки. Молкома ги затвораа вратите, молкома седнуваа и наслушнуваа. Молк. И чувствуваа дека не се вкуќи.

Митревица запали голема ламбада пред иконата на Богородица. Митре со растреперени раце го наполни масленичето со масло и, откако го запали, рече:

- Нека горат до изгор. Да има светлина... да се пулиме и Богородица да не пули...

Глава 19

Ја прегазија ровината и го фатија врвежот што течеше крај брегот. Напред одеа двајцата војници на ДАГ, по нив постарите деца. Фатени за раце, по две и по три, со поглед вперен во грбовите и со разлабавен чекор, во долга колона се движеа децата на возраст меѓу пет и десет години. Заедно со нив - измешани - одеа нивните мајки. Во коњскиот раван, малку поназад, се нишаа кошевите, а во нив - разлулани, главчињата на двегодишните, тригодишните и четиригодишните дечиња. Молчаливо гледаат де во високите врвови на планините и ридиштата, де во белите облаци, во каменестите угорнини и одеваа, се проседаа. Навалуваа главче врз рамо и, надолени од одмерениот тропот на копитата, тонеа во дремка. Една жена, на триесетина години, забрадена со црна шамија, со левата рака се потпираше на кошот, гледаше во дечињата. Со очи и лесен допир на дланката ги милнуваше. Заронуваше солза, воздивнуваше, откинуваше поглед и стајно се загледуваше пред себе. Отстрана шуркаше вода. Паѓаше од високо. Се распрснуваше, удирајќи врз карпата. Студените капки паѓаа врз лицата и главите на децата. Со дланките си ги покриваа лицата. Колоната се свитка. Сврте десно; на угорнинката подзапра, се збива. Спроводниците подигнаа рака. Од горе трча вооружен маж.

- Стој, стој! - мавта тој со едната рака, а со другата, во која држи автомат, покажува кон ридот. - Свртувај, свртувај - вика тој - свртувај надолу, надолу реков!

Колоната застана. Однедоапица грмна. Се наполнија трапиштата и доловите со грмеж. Долго ‘ржење на коњ. Колоната се збива. Вториот и третиот грмеж на гранатите - ја растури. Трчаница на сите страни. Викотница, плач и писко т.

Мамооо! - се слушна долго викање. Девојче, на пет-шест години, стои осамено среде патеката, пред себе ги подава рачињата, тупа во белузлавата прав и вика: -
Мамооо! Мамооо!

Притрча една жена, го гушна и, придружувајќи ја со едната рака торбата, со другата го притисна уште посилно и се подигна заедно со него.

Долго се довикуваа и деца и мајки и војниците - борци на ДАГ што слегоа од ридот. Распрчкани по доловите и шумјаците, се собираа на лединката што се распостилаше отаде ритчето. Омаломоштени и омаудрени и клети, се прибираа во купчиња, се растрчуваа кон своите мајки и роднини што ги придружуваа. Се довикуваа по име, одмалени седнуваа на земја едно до друго.

Врвот фрли сенка врз лединката. Двајцата спроводници ги повикаа жените одбрани за негувателки и кратко им објасниј:

- Ќе останеме тука до стемнување. Другарот што дојде од горе ни кажа дека е забележана голема единица владина војска што се движи накај Аљавица. Оттаму не можеме да поминеме... Не кажувајте им ништо на другите жени. Вратете се и, како да не е ништо, кажете дека тука ќе останеме на починка. Дајте им на децата да јадат и држете се повеќе под борјето. Да нема движење.

Останаа двајцата. Запалија. Гледаа кон ридот од каде што допираше топовски татнеж.

- Отвори ја картата. Да видиме каде сме сега, рече постариот. - Така... Ја поминавме оваа рекичка. Сега сме тука. Да продолжиме, ама по овој пат...

- По тој пат ќе задоцниме и ќе ја загубиме врската, - рече помладиот. - Наредено е за денес во осум часот, по зајдисонце, да стигнеме тука, - тој чукна со прстот на картата.

- Не. Денес во одреденото време нема да стигнеме. Се плашам да не се појават авиони, па ќе ја оплескаме. Ако нашите успеат да ги одбијат владините трупи, тогаш патот ќе ни биде слободен. Еве погледни: сега сме овде. Требаше да продолжиме по оваа патека и да излеземе на овој превал, па да се спуштиме долу и преку оваа река да го фатиме патот... чекај... истриена е картата, ништо не гледам...

- Добро, де. Не мораш да гледаш. Јас го познавам местото. Ноќе, со замижани очи можам да одам...

- Море ти подобро отвори ги... Деца водиме, а со нив се и нивните мајки... Зарем сега мораа да тргнат бурандадите од Костур?

- А од каде знаеш дека тргнале од Костур? Можеби тргнале од Четирок или од Нестрам?

- Сеедно е од каде тргнале... Главно нам не ни оди по планот... Само да ја фатиме врската... Туку, знаеш, јас сепак си мислам ти да одиш и да ја фатиш врската. Подобро е така.

- А ако не ја фатиме врската и ако патот ни го заградат владините единици, што тогаш?

- Тогаш нема да одиме на договореното место, туку децата ќе ги доведеме до овде... Ете, тука нека ја преминат границата..,

- Ами ако не ги примат тука, што тогаш? Наредено е тука да ги доведеме - тој покажа со прстот на картата. - На кое било место сигурно нема да ги примат. Ако е наредено тука да ги доведеме, значи договорено е што да се прави понатаму. Ако ги доведеме дотука, тогаш кој знае кога ќе ги преземат. Не гледам на картава да има пат за камиони. А овде, гледај, широк пат за камиони. Значи, тука ќе ги чекаат... Затоа е така наредено. Што мислиш ти?

Накај нив доаѓаше жена. Тие го прекинаа разговорот.

Повелете и вие нешто да каснете, - рече таа и покажа со рака кон местото на кое беа наседнати децата и жените. - Дојдете, - замоли таа.

- Вие продолжете, мајче, - рече помладиот. – Нека се најадат децата и нека се одморат. Ние ќе си јадеме од нашето, - тој удри со дланката по ранецот.

Жената со ожебавен образ се врати кај децата. Одеше тивко и полека газеше по влажната земја. Постариот и викна:

- Вода ако имате, нека донесе некој...

Спроводниците седнаа скраја од патеката, под сенката на високиот бор, ги одрамија ранците, отворија конзерви и, кршејќи од несолениот и црн ‘ржен леб, јадеа.

- Ама леснак човек, - прозбори постариот, прекиувајќи ја мислата.

- Што рече?

- Леснак човек, реков...

- Кој ?

- Па тој што нареди оттука да ги водиме децата. Се случи ли авион да долета, знаеш ли што ќе има на оваа рамнинка и под овие борје? Туку, нека јадат и да се преместиме подлабоко во шумата.

До нив допреа долги митралески рафали. Сосем јасно се слушаа експлозиите на топовските гранати. Тие престанаа да јадат.

- Да одиш горе, на ридон, - рече постариот. - Извиди што е и бргу враќај се. - И додека го собираа лебот и ги закопчуваа ранците, стигна вооружен коњаник и им нареди:

- Одведете ги децата подлабоко во шумата. До крајот на денот нека останат таму. Штом се смрачи, тргнуваме. Јас ја преземам колоната. Отсега натаму ќе ги слушате моите наредби. Еве ви наредба од Штабот.

- Разбирам, - рече постариот и, отпоздравувајќи војнички, се повлече.

На стемнување се собраа на лединката. Откај планините ветрот носеше студенило. Човекот, јавнат на коњ, нареди:

- По мене! - го бодна коњот и тргна напред.

Тргнаа. Полека се формираше колона. По истиот редослед како до свијокот. Чекор по чекор, одеа фатени за раце, фатени за фустаните на мајките. Оцртите на врвовите се уште ги осветлуваше вечерното сонце, кога во колоната се најдоа и коњите со децата товарени во кошови. И, колку повеќе паѓаше мракот, толку помалку се гледаа.

- Деца, - викна постариот од спроводниците - фатете се едно до друго... Полека, мили, полека - ги тешеше тој.

Мајките, кои ги придружуваа децата во кошовите, ги соблекуваа палтата и ги покриваа.

Лена Костова му го подаде огламникот на едно од постарите деца, велејќи му:

- Момче, фати го огламникот да видам што му е на детето та толку плачи?

Таа го повлече кон себе ќебето и го отскри кошот. Тивко и молбено плачеше Марија. Ќеркичето на Пандовци. Фана, мајка и, не можеше да тргне со нив. Остана дома со едногодишното синче. Грижата ја презеде Лена. Таа го подигна девојчето, го зеде во својата прегратка и го смируваше. Тоа се впи во нејзината прегратка, ја гушна, рачињата ги стегна околу нејзиниот врат и липаше испрекинато.

- Јас, јас саса-кам кај ма-мамма? - залипа погласно и се расплака.

Меѓу високите планини и густите шуми - црнина. Одеа во мракот, се сопнуваа, паѓаа, потплачуваа. На оддишка застануваа само дваесетина минути и одново тргнуваа во мракот. Ја поминаа рекичката. Излегоа од неа наводенети. Едни до колена, други, кои паѓаа во студената планинска вода, мајките ги пресоблекуваа, ги цедеа водените алишта. Зад дрвеното мовче, свијок. Коњаникот викна:

- Пазете! Патчето е тесно. Еден по еден!

Под патеката се слуша бучава на вода. Се смалува чекорот, се растреперува.

- Стој! Стој! - се слушна исплашен женски глас. - Стој!

Долу, во реката се слушна коњско ‘ржење, пискливо и долго плачење на деца.

Двајцата спроводници наредија сите да застанат, да се повлечат сосем на другата страна на патчето. Едниот од нив засветка со батеријата по брегот. Викна:

- Веднаш доаѓам, доаѓам. Има ли повредени?

Слезе долу. Две жени до колена во водата, ги одврзуваа кошевите од самарот. Децата со изземнати рачиња и сосем наводенети, се држеа цврсто за кошовите и плачеа на цел глас. Едно поедно ги изнесе на патеката. По него се искачија и жените.

- А коњот? - праша спроводникот.

- Го оставивме, - рече едната жена. - Не може да стане. Изгледа при лизгањето си скрши некоја нога.

Децата ги пресоблекоа и колоната тргна. Во мракот долго се слушаше осаменото и болно ‘ржење на коњот.

По час и пол, оној што јаваше коњ, нареди:

- Одмор!

Една од жените му приjде и му рече:

- Натаму не можеме. Сите сме папсани. Децата паѓаат спиејќи. - Таа го подигна лицето и, откако помолча, покажа со рака кон небото. - Ете, почна и да врни.

- Уште половина час пат и ќе стигнеме до едно село. Таму ќе останаме до зори. Напред!

Два часа по полноќ стигнаа во селото и ги распоредија децата по куќите.

- Претседателот на селскиот народен одбор налутено му се обрати на коњаникот:

- Ти, другар, како да немаш душа... Или не си видел никогаш деца. Се оди ли така со мали цела ноќ?

- Јас имам наредба...

- Наредба, - повтори тој - наредба... Бати ја наредбата со се оној што ти ја дал...

- Другар, без пцуење, - просаска коњаникот. И помирливо праша: - Ја фативме ли врската?

- Не. Задоцнивте половина ден. Чекаа, чекаа... и не дочекаа. Јас пратив курир, ама тој се врати и рече дека никого не сретнал на патот по кој требаше да дојдете.

- Моравме да свртиме по друг пат. Непредвидени околности. Кога тргна претходната колона?

- Пред зајдисонце. Стигна курир од Николер и рече дека баталјонот владина војска таму е задржан. Одбиен е нападот, рече, и затоа колоната деца што пристигна уште вечерва мора да тргне. Тргнаа, како што реков пред зајдисонце. Седум часа веќе се на пат.

- Добро. Јас ќе одјавам до наредната врска, а ти погрижи се оваа колона да тргне одрано.

Жените распалија огнови и до зори сушеа алишта. Децата, исполегнати едно до друго, спиеја и ревеа. Сигурно сонуваа ридје, води што лудуваа, дрвја високи до небо... Во ќошот,

мајка, навалена на ѕидот, држи во скутот петгодишно девојче, се наведнува ту лево, ту десно и со неподвижен поглед и слисано гледа во жарта што се спепелува во огништето.

- Мамо, - се одгласи девојчето.

- Што е, мило?

- Стигнавме ли?

- Не, злато, Спиј...

- Мамо, уште колку ќе одиме?

- Уште малку...

- Уште три реки и пет планини ќе поминеме? Мамо, кажи ми ја приказната за Силјан Штркот? Ајде, кажи ми ја...

- Ќе ти ја кажам, ама да спиеш...

- Аха...

- Во некое дамнешно, многу дамнешно време - почна мајката - си бил еден штрк... - таа не ја докажа приказната. Во нејзиниот скут заспа ќеркичето. - Ако, - си рече таа - кога ќе ми се вратиш пак, мајка ќе ти ја раскаже и оваа и многу други приказни. Спиј, спиј ми, чедо...

Ноќта надвор фати спида. Откај високата спила во бранови фучеше ветрот. Виеше меѓу високите борје. Крцкаа и стенкаа стеблата.

Ги разбудија децата рано. Надвор беше сончево, ама студено. Околните планински врвови беа под снег. Ленка Костова ги собираше сувите алишта што ги беше изнаобесила насекаде по одаите. Со овенато лице се наведнуваше над малите, ги допираше по главчето, им милнуваше образ. Полузаспани, недоразбудени, таа ги облекуваше и обуваше со брзи движења.

Двајцата спроводници одеа од куќа до куќа и ги тераа жените да побрзаат со облекувањето и хранењето на децата.

- Довршувајте, довршувајте, - шепотеше постариот. - Времето ни бега.

Тој го откина долгото кашлање и му рече на својот другар:

- Досега може да се рече дека поминавме добро. Погледни горе, - тој покажа со главата на планинските врвови. - На превалот не чека снег, пријателе. Да свртиме и да им кажеме потопло да ги облечат децата.

- Снегот ќе го разгазиме... - замислено прозборе помладиот. - А ноќта не се јави курир?

- Зошто?

- Како зошто? Знаеме ли што не чека отаде превалот?

- Па нели сноштн беше речено дека нападот е одбиен?

- Беше, ама оваа тишина ме вознемирува. Ова село секогаш беше полно со наша војска. Не видов ниту еден. И по пат немаше никој освен оние што се симнале вчера од ридот...

- Мислам дека тие се тука, некаде во близина. Начув дека сите наши единици требало да бидат повлечени понастрана од патот по кој ќе врви колоната со децата.

- Зошто?

- За да не се израдуваат многу татковците и браќата ако си ги видат своите дечиња како им... - тој долго кашлаше. - Ете, тука - се удираше по градите - ме печи, ме кине и никако, пустата, да ја исплукам... Што мислиш, ќе се радуваат ли многу ако ги видат?... Туку, ајде, да викнеме да излезат и да тргнеме. Денес цел ден ќе пешачиме. А дали ќе издржат, ќе видиме...

Тргнаа кога добро се раздени и со задоцнување. Сега веднаш зад спроводниците, во калта што во текот на ноќта ја измесиле војнички цокули, члапаа коњите со товарените кошови. Провеани од утринскиот и студен ветер, дечињата стуткани во кошовите, молкома гледаа и воздивнуваа триејќи си ги одвреме на време очите. Солзите што им ги истиснуваше планинското студенило ги размачкуваа по образите. Најодзади одеа поголемките деца. Така нареди постариот спроводник.

- Тие ќе сакаат побрзо да чекорат и така ќе ги тераат оние пред нив побрзо да одат, - рече тој.

По угорнината змиесто водеше тесна патека. Гола лискавица, испукана од сонцето и студот и измиена од дождовите. Од под копитата на коњите отскокнуваат мали камчиња, удираат врз други, се ронеа и одронуваа други. Главнината излезе на поширок дел од патеката и оттука се гледаше крајот на колоната. Долу остана селото стуткано во долинката опкружена со високи борје. Сивикав чад се издигаше над селските покриви. Скраја од селото пенливо течеше реката. Шумот на водјето не се слушаше. Во планинската тишина гласно одекнуваа коњските копита, кашлањето на постариот спроводник и тивките довикувања. Оттаму ширум се гледаа високите ридишта на планините, доловите и трапиштата што се извиваат меѓу нив. Белееше снегот во претпладневните часови, одблеснуваше во острите зраци на сонцето.

Двочасовното одење по разводениот и каллив снег им се пристори како да траеше цел ден. Главнината се спушти во котлината, а оние што одеа најодзади тукушто почнаа да се спуштаат од превалот. По саат време се собраа сите во една широка котлина. Топло е и не фучи ветар. Треперат жолтите долги реси на леската, расцутен е дренот. Свежото првиче на пролетното зеленило се пробива меѓу есенските жолти лисја попарени од раните пролетни слани.

- Одмор! - викна постариот спроводник. - Час и пол одмор и тргнуваме. Можете и оган да запалите.

Во отсветот што се пробиваше низ густата шума и легнуваше врз зелената ливада, девојчињата нежно откинуваа маргаритки што белееја на полјанката.

Во истото време, дома, кај Митре, во големата гостинска одаја, седеа Киро и Ѓорѓи. Пушеа од сертиот тутун и, како да седеа на разбуд, прикажуваа за раздомувањето и за луѓето што се најдоа на раздрум.

- Кој знае до кај ќе не одведе кинисувањето што почна со децата... - рече низ нос Киро.

- Сношти поминував покрај Пандовци. Пандо седи во дворот, а јас - здраво-живо. Тој темерут. Со наведната глава. Седи и дума човекот. Зачмаен...

- Та да е само тој... - се осва Митре. - Целото село, сите сме такви, Ѓорѓи.

- Мара Моја - рече Киро - исплака очи. Се опустивме, вели. Јаска сношти, по зајдисонце, излегов сред село и пуља - пусто. Ниту глас, ниту смеа... Само кучињата претрчуваат по сокачињата. Мајката, бре, таква тишина никогаш сме немале! Што станало со животот? И да ви кажам, првпат ги гледам нашите луѓе така згаснати. На враќање го сретнав Кузе Гуштерот. И тој со обесени веѓи. Молчалив. Загубен. Го прашувам шо правш, шо чиниш?... А тој: а бре, добро, само, ете, тука, вели, некако стега, - и покажа на градите. Се удира, тупка. Туку, вели Кузе, останува барем тоа сигурно дека таму на децата ќе им биде добро. Пред заминувањето, вели Кузе, ја прашав јаска Вера: - А мори, Веро, добро ли ќе им биде на дечињата таму по државите? А Вера ми вели: - дали ќе им биде добро? И тебе, Кузе, вели, господ да ти даде такви добрини. Таму, Кузе, вели, на секоја лединка има и лебинка... таму со леблебии и локум ќе ги ранат... И, вели Кузе, така некако ми олесна тогаш, ама сега ми е тешко...

- Кузе - рече Митре - туѓиот збор го фаќа за голема вистина. Нека му е... можеби така ќе му биде полесно... Туку, што толку задоцнија жените та ги нема да се вратат? Е-е-е... Се

обессиливме без дечињата. Како да ги одвеа ветар. Кинисаа тие, а мене се ми се чини кинисаа, кутрите, прерано одделнати и одлачени... Се откршија од градите мајчини... Како да се одрони парче од карпа… се истркала и барај му го крајот... По колку ли патишта ќе одат? Ќе ги одверат ли? Ќе не отпознаат? И кога и која ли матица ќе ги собере? Кој и каде ќе најде толку пчелинок за да го собере ројот? Е-е-ех !

***

Огновите во планинската ливада ги оставија да горат. Се спепелуваа жарчињата. Колоната се спушти од котлината и тргна направо, по ораниците. Се разлааја селските кучиња, најавувајќи доаѓање на нова многуглава, разовкана и разлипана врвулица. На стемнување стигнаа во Лобаница.

И до развиделина, кога пулигора нежно ги разниша пролетните лисја, ја истресе росата и распрчка мирис на младо нане, се собираа деца.

Попладнето, утредента, собрани по села, стоеја децата пригушнати до своите мајки. На зајдисонце - тргнаа. По половина час пешачење, еден човек во кожен шинел, опашан со војнички ремен и со кожена чанта на рамо, јавнат на коњ, гласно рече, покажувајќи со рака:

- Таму нека застанат мајките и сите други што ги испраќаат децата. Можете да се збогувате, - тој си ја сврте главата кон границата. Не слушна како плачеа мајките и како липтаа децата, не ги виде грчовитите прегратки, во своите гради не го почувствува укрупот, бигорот и чемерот што ги разјадуваше душите на сите што се претворија во прегратка... и голем, небаре судбински плач и лелек...

Тргнаа... оглувени и исплашени од молежите и молитвите, не ги бришеа ни своите, ни мајчините солзи што останаа да им течат по образите, згрчени во себе од болните воздишки и липоти што ги параа градите... Молкома стојат на ридот мајките - црневина од луѓе. Молчи ритчето се додека се гледа разлуланата и долга колона...

Отаде Морава го снема сонцето. Уште миг и згасна последното црвенило над планинскиот оцрт.

- Отидоа, - тивко рече некоја жена и гласно лелека...

Мракот се спушташе од околните планини.

- Отидоа, - тивко и болно изустуваа стотици усти, ги подигаа рацете, си ги одбрадуваа лицата, мавтаа со црните шамии.

- Добар пат, - велеше црневината што стоеше на ридот. И остана да стои додека сама не се стопи со мракот.

Во мракот се враќаа и во него се препознаваа по воздишките и тивко шепотените молитви и имињата на рожбите...

Црквата во Лобаница не ги собра сите. Множество останаа надвор.Свртени кон олтарот, палеа свеќи и се молеа...

Глава 20

Поп Васил не остана со мажите на мегданот пред црквата. Папсан, се врати дома. Го соблече расото, слезе во ќералот и оттаму се врати држејќи в раце сандаче. Ја отвори мусандрата, почепка во ќошот и оттаму извади едно тризаб клученце. Го отклучи сандачето. Со полата ја избриша правта од дебелата книга и, откако си ја стави на колена, ја преврте и ја отвори последната страница. Со моливот што беше врзан со опута за дрвената корица, запиша:

“Илјада деветстотини четириесет и осмо господово лето, месец март, ден дваесет и петти. Педесет и четири дечки со три жени заминаа попладнето. На зајдисонце влегоа во Албанија. Во селото останаа малечките до две годици...”

На трепките се собира, трепери, се превртува, нависнува солза. Дави и стега.

Поп Васил го спушти моливот. Го рашири Светото писмо и, вртејќи ги листовите, испрекинато ту од себе, ту читајќи, велеше едно преку друго:

- Врви, врви, народе мој, за миг сал влези во одаи мрачни дур не помине гневот... а вие, небеса, слушајте, а ти, земјо, отвори уши... си отидоа дечките и местото плаче... пусти се куќите и срцата се празни... појот на птиците го снема, секнаа извиците радосни, не шуму шума... ќе тагуваат полјанките, ќе овене лозата и највеселите виното со солзи ќе го пијат... о, земјо измачена, о, растурена од виор, без утеха останата...

Префрлуваше поп Васил страници од Светото писмо и заедно со нив докрај недоречени мисли... Ја затвори Библијата и облакти на неа, челото си го спушти врз дланките. И врз него натажена болка, горчевина и чемер...

Глава 21

На почетокот на мај од Грамос ги вратија четиринаесетгодишните и петнаесетгодишните момчиња и девојки што ги мобилизираа ланската есен. Со нивните гласови некако живна местото, небаре искра засветка и одвај видлива радост се појави на лицата и надежта се зголеми дека и другите деца, што заминаа пред еден месец, тукушто не се вратени. И се повеќе луѓето погледнуваа кон ритчето, накај Свети Илија, и се почесто се искачуваа дотаму зашто им се чинеше дека децата се на пат за дома и да не дај господ да дојдат, а никој да не ги види, да не дотрча и на сет глас да викне, да ја растури радоста: се враќаат!

Но, место таков глас, стигна друг. Сите деца по првомајот ќе одат по државите. Човекот што дојде и што ја донесе оваа вест рече дека ќе одат само до Битола и, штом ќе завршат борбите, веднаш ќе се вратат.

- Затоа - објаснуваше тој - децата ќе ги однесете сами до Преспа. Малите, тие до две години што останаа, и доенчињата ќе ги однесат мајките лично. За да не плачат децата по пат. А и полесно ќе им биде... Овие, постарите, што се вратија од Грамос, тие ќе одат таму да учат... И нема што да им подготвувате многу. Уште на граница ќе ги прифатат и се ќе добијат...

Мијалица, која остана со внучето сираче, го праша човекот:

- Ќе го земете ли и моето внуче?

- Речено е сите деца, бабо.

Тие денови се повеќе се зборуваше дека владината војска ќе тргне во голем бој против ДАГ. Авионите што летнуваа од Рупишта и од Кожани се почесто кружеа над селата и се почести и подолги битки се водеа на околните ридишта.

Четвртиот ден од првомајот, ноќта, мајките тргнаа со децата. Од костурските села се собираа во Брезница, Руља и Желево.

Таму ја преспаа ноќта и наредниот ден пешки стигнаа до граница. До Маркова Нога. Ѓорѓи, кој пред себе ја тераше маската на Кузе со два товарени коша во кои беа сместени деца, одеше покрај Мијалица.

Човек во кожено палто и со тефтер во рацете поминуваше и ги запишуваше имињата и презимињата на жените. Потоа рече:

- Децата оставете ги таму и вратете се на ова место. Ако плачат, да ги заспиете и да ги оставите. Веднаш ќе ги преземат таму. Имајте доверба и не плашете се.

Мијалица во меѓувреме фати за рака едно од поголемите деца и го праша:

- Како ти е името, бре, чендо?

- Ташко, бабо.

- Жив да си. Ами, да те замоли баба, да го пренесеш детулево отаде - покажа таа со главата на патот што водеше накај Маркова Нога. - Човекот, го пулиш? Тој рече дека таму ве чекаат и веднаш ќе ги сместат како што треба и малите... Жити мајка, земи го. Еве ти и лепче за да го залажеш да не плачи. Пули, баба како го рани. - Мијалица откина парче леб, го изџвака, направи топче и му го пикна на детето в уста. - Виде? Е, така да го раниш и ич нема да плачи. На. И торбулето земи го. Има кладено баба постилци и пелени. Не е малечко детенцето... Осум месеци има... големко... На, земи го и носи го... Аха, да не заборавам. Како рече дека се викаш?

- Ташко...

- Да си жив и аир да видиш, чендо...

Ноќта жените ја преспаа во Медово, Герман и Штрково. Наредниот ден ги поделија во групи. Едни да работат во фурните и кујните, други да пренесуваат ранети, трети да копаат ровови и да носат трупци и камења за да градат бункери.

- А ти, - му викна на Ѓорѓи еден од мажите со пиштол на колкот и преку рамо обесени кожени чанти. - Ти, што чекаш? Оди со маската во Рудари и таму ќе ти кажат што треба да правиш. Тргнувај...

Се врати само Јановица... Кога влезе дома, дојде комшијата и онака одоколу и кажа дека Јане и загинал. Откако таа го исплака, ја зеде лулката од ќошот, ја исчисти, ја завитка во ќебе и ја однесе на таванот.

Глава 22

Под последниот запис што беше го внесол во Светото писмо, поп Васил запиша:

“Илјада деветстотини четириесет и осмо господово лето. Месец мај, ден четврти. Пред една недела од Грамос ги вратија децата кои лани ги беа собрале за бој. Болни - офтикосани. Денес и нив и најмалите заедно со мајките ги собраа и ги однесоа во Преспа. Дечките појдоа отаде граница. Мајките останаа”.

Над овие записи имаше и други, пишувани од разни раце. За дамнешните и преѓешни времиња. Со неуко писмо и обичен збор, за заумување, на овие страници како оброчиште (Оброчиште - место каде порано имало црква.) и лузна застана времето далечно, а толку свое и блиско, горчливо и чемерно и крваво како отворена рана...

Поп Васил нежно, небаре доенче ставаше в лулка, го стави Светото писмо во сандачето опковано со бакар, го заклучи и го врати во ќералот, на старото место...

МЕСТО ЕПИЛОГ

Си спомнувам, со дедо често одевме на Синадев Рид. Оттаму се гледа целото село и ширум се отворени сите страни на светот. Седнувавме под стариот брест, дедо го запалуваше чибукот, повлекуваше длабоко и потоа ми велеше:

- Чендо Кире, демек, кога оттука направо ќе погледнеш, ќе ги видиш Стените. И со умот качи се на врв горе. Пак гледај и пред тебе долу ќе го видиш распосланото Костурско Поле и таму некаде на крај ќе ја видиш синевината на Костурско Езеро и потаму карпеста, гола планина обвиена со сињак. Затоа ја викаат Сињачка. Зад неа, по лево, е Кајљарско Поле и отаде Каракамен Планина, а зад неа Негуш и Воден. До Воден направо е тешко. Ти сврти малку лево. Помини си покрај Рудничко Езеро и, откако ќе поминеш низ Сорович, ќе го фатиш патот меѓу Петерско и Островско Езеро, ќе поминеш меѓу јаболковите овоштарници на Острово и право ќе стигнеш во Воден. А под Воден - рамнина - зелена и водјето воденски по неа течат. И, ако, чендо Кире, одиме (ех, секаде со дедо одевме пешки) по таа рамнина ќе стигнеме во Солун. На исток од Солун се оди за Стамбол. Тебе не ти треба, чендо Кире, толку далеку да одиш, демек, до Стамбол. Види го Солун и дојди си, зашто ова наше место раѓа се, ако го држи домаќинска рака. Ете, фрли камен камен ќе најдеш, ама фрли семе, бериќет ќе береш... А лево, чендо Кире, ако погледнеш лево, пулиш? Е, штом пулиш, слушај! Планината што е лево се вика Морава. Албанска е, велат. Десно е Мали Мади. Меѓу неа процеп, пулиш? Така, де. Е, сега, ако тргнеш оттука преку Претсело и Лобаницко, ќе втасаш до синорот на Лобаница, ќе го прегазиш Лобаницко Поле, ќе поминеш по Лобаница и, држејќи го патчето покрај рекичката, ќе излезеш во Смрдеш. Ако сакаш, остани малку и напиј се студена вода и потоа продолжи и ќе го фатиш патот за Брезница, а надвор од Брезница, веднаш зад мостот, патот се дели: по Грлото оди за Габреш, па за Апоскеп и долу е Костур... А од Костур знаеш да си дојдеш дома, нели? Е, добро... Одиш, велам, право и лево ти останува Руља, десно, горе, во шумата - Ошчима и Трнаа. Тука патот се дели. Лево за Превалот и штом го поминеш ќе излезеш во Преспа. Повака е Мала, потака е Голема Преспа. Држи го патот така за да останат

селата од десната страна. И ќе втасаш во Ресен. Пред да втасаш во Ресен, погледни лево и ќе видиш висока, долга планина. Тоа е Галичица, а зад неа Охридско Езеро и Охрид. Од Ресен, лево, патот води за Охрид, десно за Битола. А од Охрид одиш за Струга и по Дримот ќе втасаш во Дебар, па Радика - Маврово, долу Гостивар, натаму Тетово и по Вардарот - Скопје. Ако се држиш за Вардарот, ќе втасаш во Солун. А попат Велес - леп град. Ти реков, десно од Ресен - Битола, нели? Така е. Штом стигнеш во Битола, патот десно води за Лерин и од Лерин за Сорович, а Сорович знаеш каде води. Лево од Битола, за Прилеп и оттаму за Градско. И тука се дели: лево за Велес и за Скопје, а десно за Солун. Од Велес десно води за Штип и оттаму за Струмица. А од Струмица по Струмичко Поле стигнуваш во Петрич. По реката Струма одејќи, ќе ги видиш Свети Врач, па Кресна, Симитли, Горна Џумаја, ќе свртиш на југоисток и ќе втасаш во Разлог, па во Банско. Над сите вишнее Пирин. Сега одиш на југ, чендо Кире, и дали ќе одиш во Кукуш или во Серес секој пат ќе те однесе во Солун. Од Солун десно - за Костур. И низ сите села и градови по кои ќе поминеш луѓето зборуваат како што зборуваме сега ние. Исто е словото... Ајде, сега, додека сврти сенката, јас да си дремнам малку, а ти нагледај се наоколу, прошетај и патувај по патиштата и по градиштата што ти ги кажав. Кога ќе ме удри сонцето, јас сам ќе се разбудам, а тогаш, додека јас ќе го полнам чибукот, ти да ми кажеш до каде си стигнал кога јас дремев...

Така, ете, јас од дедо ми ја научив географијата на делот од светот што се вика Македонија.

И уште ми велеше дедо: има и натаму и други и многу патишта и реки и планини и градови и езера, ама јас дотаму не сум бил и не сум ги изодил. Изодив други, ама пред тоа со пампур преку големи мориња втасав во Америка. Трипати одев и трипати се враќав. По тие патишта тебе не ти треба да одиш...

И ми велеше уште: чендо Кире, каде и да одиш, каде и да се најдеш, словото да го чуваш, словото чувај го... Словото чувај го, зашто со него почнува и завршува животот. Богатството, чендо Кире, за векови не е, а словото векови трае. Тоа е лице, тоа е образ, белег за вчера и денес, за навек. Ако не го зачуваш,

ќе немаш утре... Така... Го дочува ли словото, го дочува огнот. На почетокот е словото, а на крајот е смртта. Се е слово. Ете, почни од најблиското. Речи: мајка. Кого ќе повикаш и за радост и за жалост? Мајката. Кого ќе побараш и кога ти е лесно и кога ти е мачно? Мајката. Каде се враќаш секогаш? Дома. Или речи: земја. Сега на што седиш? На земјата. По што одиш? По земјата. На земја се легнува, се стои, се клекнува, се валка, се спие; земјата прима пот и вода и семе; и не се сити ниту со пот ниту со вода и, како огнот, таа не вели доста. Од неа водата бигори, од неа плодот се раѓа. За лошите се вели: земјата под нозе им гори; на земјата се создава човештината и злото против неа; за добрите се вели: тие се гордоста и радоста нејзина. А несреќниците ја молат: отвори се и голтни ме! Над земјата паѓа дожд, снег, пот и крв. Се во неа се втопува. И се вели: за земјата се живее, за земјата се умира, за неа се жртвува. Земјата се ора, се копа, се полева и затоа, се вели, таа раѓа плодови и синови и ќерки. И се вели, чендо Кире, земјата се брани кога некој сака да ја ограби, да ја погани и тогаш таа крвави. И се вели уште дека мрак и магла и снег и страв неа ја покрива; и уште: килим е од цвеќе, од зеленило, од златно класје, сини езера и вити реки. И кога род-бериќет изобилие дава, се вели: по неа мед и млеко тече. Има и глад од земја и глад за земја, и тага и солзи и радост и надеж и мила е кога ќе ја напуштиш или ќе ти ја земат или ќе ти ја распарчат и ќе бараш грутка, делче, педа, појас земја; и уште: за некого ќе слушнеш - овој е син на својата земја или овој ја испоганил својата земја. И да знаеш, чендо Кире, дека земјата влече, вика, плаче, топли, налегнува, се вгнездува в срце; а за човека ќе речеш: црн, блед, нечист, валкан, тежок - и како ли го крепи земјата? Ете, чендо Кире, се е на земјата и под земјата и над земјата. И на земјата човекот се раѓа. И кога оди далеку, зема грст од неа и во пазува става за да го чува, за да го грее, да го топли, да го влече. И човекот по смртта в земја го погребуваат. И меѓу народот се вели: нека му е лесна земјата. Каде на човека може да му биде полесно освен на својата и во својата земја? За нас земја е изворчето и поточето, и нивата, и ливадата, и полјанката, и бавчата, и градината, и дрвото, и патчето, и планините, и ридовите, и сите оние места каде што се зборува нашето слово. И каменот- Ете, пули онаму десно, на крајот од Стените има камен. Гол е и миен од дождовите, и биен од ветровите, и печен од сонцето откако станал камен. Си

стои тој така со векови и ќе речеш: камен, па што? Камен, ама и тој е делче од нашата земја, така, како што е реката, шумата, и изворот, и полето, и... верата... Така... И каменот во дворот, во калдрмата, во темелот, во ѕидот, на патот и крај патот, во нива, и тој е земја и тој е наша земја... Е, таму де, таму на крајот од Стените, го пулиш каменот? Под него се ношвите на Крали Марко. До ношвите изворот. Кога Крали Марко, чендо Кире, дошол до Косинцко Поље, го боднал коњот за да ги прескокни Стените. Арно, ама лошо го измерил местото и токму таму, под каменот, коњот удрил со копитата и се сопнал. Крали Марко со колкот удрил на карпата и од неа бликнала вода. Ќе одиме еден ден и ќе видиш како се гледа на карпата колкот на Крали Марко и како од неа тече вода, а понастрана се наоѓаат ношвите на Марко... Тој од лутина неколку пати удрил со тупаници по плочата, ја сплескал и така ја вдлабил и во неа месел леб... Ама... А каменот, чендо Кире, што го пулиш, се вика Дупен Камен.

Дупен Камен се гледа од сите околни села што се наоѓаат западно и источно од Стените. Дупен е и низ отворот оттука, од Синадев Рид, се гледа само крукче од Населицата, а од долу, од Ѓамов Трап, некаде таму пред пладнето, пред да почнат горештините, се пробива сонцето. А највпечатливо е зиме, кога од мраз трештат буките, кога се е покриено со сињак и - тогаш црвенило се пронижува низ Дупен Камен. Тоа трае кратко... но долго се памти.

- Чендо Кире, за Дупен Камен ќе ти раскажам друг пат...

Не ја слушнав приказната на дедо за Дупен Камен што се уште стои на јужниот крај на Стените, издигнат и дупен... Не собраа нас, децата, и несакана ги изодивме патиштата што не ги изодил дедо. Без да сакаме, без да знаеме, ту пеш, ту со камиони, ту со возови без возен ред, преминувавме граници и реки и ниеден пат не не носеше така за да имаме или лево или десно некој од градовите што секогаш ги делеа патиштата за Костур, а од Костур е толку блиску до Крчишта. И Дунав го преминавме и Моравско и Карпатите. Северецот не вееше и пустинските ветришта на Сир Дарија и Аму Дарија. И ете, по четириесет години јас отидов во Крчишта. Се качив на Синадев

Рид. Се свртев кон исток и седнав под сенката на стариот брест. Исто како тогаш, кога седевме со дедо. Се налактив на коленото и гледав на Стените. Ене ја големата карпа, на крајот од ридот - Дупен Камен. Седам и гледам и ми се чини дека седам до дедо, го чувствувам остриот мирис на неговиот чибук и го слушам неговиот зарипнат, старечки глас: - А таму, чендо Кире...

И таму и тука побарав да најдам стари луѓе од моето место за да ми раскажат за Каменот. Ги проголта нив времето. Едни останаа во Романија, други во Чехословачка, во Полска, Узбекистан, Унгарија во Америка, Канада и Австралија, други, во постаро време, во Анадолија, некои на сувите острови на Егејот, трети во затворите ширум Грција. Трајно, ете, остана само Каменот, и кој знае низ колку векови се пренесуваше неговото име - Дупен Камен. Трае тој наспроти сите времиња, и лоши и добри, наспроти сите ветришта и бури, а јас, ете, се уште не знам од каде и кој и зошто му дал такво име... Дали само затоа што е дупен ? Или навестуваше дека решето дупната ќе ни биде судбината? Ех, да не доаѓаше лошото, како што велеше мајка, белки дедо ќе ми ја доискажеше приказната за Каменот?

Седам тука, на Синадев Рид, и гледам долу. Под него се уште се живи бадемите на тета... и бозјак и плевел и шипови растат секаде каде што некогаш беше село и имаше живот... Тишина... Молк... Осама... Си ги собирам дланките во инка и викам:

- Е-е-е-е-ј, нашиии!!!

- Еееее... - ми враќаат Телок, Вишомо, Борово, Стените, а тие си пренесуваат еден на друг и ми се чини дека гласот стигнува до Аљавица, до Населицата и оттаму натаму и понатаму до бескрајот и по некое време моето “еееe” - ми се враќа одвај чујно и ништо не носи.

Тишина. Шумолат сал лисјата на старите тополи... шумоли сал ветрот во гранките на дабот. На полјанката, каде пред лошите годиње, се играа сите празнични и свадбарски ора, го вклучувам транзисторот... свири... тишина... свири... што свири? БАЈРАЧЕТО свири... и слушам дише, дише Костурско...

тишина... ја слушам душата на Костурско... тишина, останете мирно, станете, слушајте, дише, дише, дише, воздивнува Костурско...

Слегувам долу. Стои само црквата и на скалите седи старичка. Вели дека годините не си ги памти. Влегуваме во црквата. Свеќи најпрвин запаливме долу. Дваесет и девет - толку загинаа на боиштата на Граѓанската војна. За сите по една. Горе - двесте и осумдесет - толку броеше селото пред најлошата војна. За сите по една - и за мртвите и за живите. Да не им е мрачен мигот и денот и местото. Светлина да имаат во очите и пред очите за да не го згрешат патот и ако одново се решат за нови подвизи, нека промислат со кого и по кого ќе одат или ќе тргнат сами...

... И голема ламбада пред Богородица, што е толку замислена и загрижена. И нејзе да и биде светлина пред очи за да го гледа патот по кој одат оние што толку се молеа и клечеа и удираа метании пред неа и нејзе и ги упатуваа сите најмолбени, најнадежни, најсакани и најмили и најтопли зборови и мисли. Го спуштам масленичето пред нејзиното натажено лице и го запалувам. Запалувам уште една голема ламбада пред да и ја пренесам молитвата на мајка:

“Богородице, врати не во огништето наше и покажи ми го патот до коските на син ми. Со тагата на растурените и испадените по светот, со незнајните гробови на нашите чеда, со белината на нивните коски што бури ги мијат и снегови и ветришта ги бијат... И ние боледуваме како што боледуваш Ти за синот закован на крстот - нека биде светлина пред очите Твои и пред патиштата наши за да дојдеме во земјата дедова и наша и каде што ќе стигнеме цвеќе миризливо да израсне и секоја наша трага да биде трага на љубов и трага на надеж...”

Толку запаметив и толку реков од молитвата на мајка. И, пред да ги спуштам очите од Богородица, уште реков: - И чувај не во туѓо штом не успеа да не дочуваш во наше...

...И, пред да излезам, одејќи наназад, реков: - За да дојдам пак...

... И надвор пред да излезам, кога видов како меѓу нејзините очи трепери пламенчето на ламбадата и на масленичето, ми се пристори дека Таа плаче и реков: - Догодина пак ќе дојдам за... за да ти кажам, на уво да ти шепнам, каде се витосаа другите и зошто те оставија сама...

Излегов. Но пак се вратив за да ја прашам:

- Богородице, како ли ги заштитуваше нашите куќи штом сега не гледам камен на камен, не гледам каде почнуваше една, а каде завршуваше друга куќа; не гледам сокаче и зошто се отворени гробовите и коските се расфрлени? И каде се сребрените невестински пафти на мајка и приќето на сестрите? Зошто се исечени шумите, променети патиштата, ископачени лозјата? Зошто и кој отвори нови патишта? За да не го најдеме нашето место, нашето огниште, нашите лозја? Зошто водје немаат трапиштата и кој им го промени текот? И гробиштата Богородице, се обраснати со плевел... Богородице, зошто?...

Зедов голема бела ламбада, ја запалив пред Богородица и реков:

- Ти палам, Богородице, уште една ламбада за да ми го чуваш зборот дека пак ќе дојдам и за да не речеш дека те оставивме сама. Чувај ми го зборот и меракот што е само тага...

Отидов на гробиштата да го побарам гробот на дедо.
Старичката ми рече:

- Умрел дедо ти во Костур и гроб му нема, чендо...

Дедо умрел сам... во осама. Отиде, како што велеше - в земја или под земја. Се враќам и одам накај Синадев Рид и го слушам гласот на дедо; ми шуми во ушите како жуберкање на изворче под леска: - чендо Кире, каде и да одиш, две работи да не заборавиш: словото и патот. Само така ќе се вратиш, ќе си дојдеш дома. Го заборави ли словото, се заборави себе. Го заборави ли патот за дома - скитник остануваш засекогаш... Словото, чендо, е тоа што си ти, го заборави ли, ќе те забораваат сите, чувај го, а тоа ќе те чува тебе. Ако словото не го

заборавиш, и патот нема да го заборавиш... И тогаш ќе си дојдеш дома...

Отидов горе, на Синадев Рид, седнав под брестот, така како што седевме со дедо, и реков:

И таму, дедо, пред Моравско и во Моравско и преку Моравско обичајот наш го пренесовме и го растуривме и оро развивме и песна испеавме што ја учевме под стреите на куќите што сега ги нема и што ги свиревме на кавалче од врба, по тесните сокачиња, на ливада и полјанка, на нива и на лозје, на, свадба и на празник. На сите патишта и на сите граници песната и словото ни беа знак за препознавање и низ нив го гледавме ова катче и лицето расплакано на мајка... И си велевме: белки нема да престанат тркалата да се вртат и ќе довртат дотука?... Така си мислевме кога потпораснавме, а кога узреавме, си мислевме: дали со нашето заминување се откорнавме и корен не остана зад нас и што ли не врзува со она што е наше? Така таму, во туѓо, во туѓиот свет, ние, растејќи, узреавме и сфативме дека во нас ништо не овена. Кревки заминавме, ама, ете, со дебели корени сме враснати во оваа земја... Така ли е?...

Пред црквата ме чека старичката. Вели: дојди, чендо, дома човек да ми влези. Во ќошот икона на Богородица и пред неа маслениче, до ѕидот стомни наредени, на подот излитена черга, во оџакот на ченгел - котленце. Пред прагот, речиси на дофат, полека шурка вода, а десетина чекори потаму бандера со електрични жици. Дома нема струја, нема чешма... Кандило и ламба на газија... Ме почести со локум и вода од стомна... Ми рече:

- Јаска, чендо, и водата не ја дељa со Маџирите. Сама си п'лна од Петковец...

- Сполај ти, мајче, - реков и тргнав да излезам.

- Си ош? - праша таа. - Ој си... Јаска ќе остана да а чува земата... местото да го чува... И да не заборавиш да му кажиш на свите, на свите да му кажиш, на свите наши да му кажиш дека ушче јаска остана о селто... Да а чува земата, да паља свешчи о

црквата и да му кажиш дека само од мојот оџак чад чади и ноќја само од моето пенџерче се пули светлина од Вишомо, од Стените, од Телок, од Борово, од Претсело... за да не им се чини на зверојте дека тука нема живот...

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Петре Наковски е роден на 17 јули 1937 година во с. Крчишта, Костурско, Егејска Македонија.

На 11-годишна возраст, во 1948 година, во екот на Граѓанската војна во Грција, заедно со стотици други деца, беше принуден да го напушти родното место, и преку Албанија, Југославија и Романија, во април 1949 година детството и школувањето го продолжи во Полска, каде остана подолго време.

Од 1962 година живее и работи во Скопје каде што заврши Филолошки факултет на Групата за македонски јазик.

Со пишување се занимава од 1955 година. Својот прв роман "Постела на чемерните" го објави во 1985 година (излание на скопска "Култура"), а во 1985 година во издание на "Млад борец" од Скопје од печат излезе неговата политиколошка студија "Македонски деца во Полска 1948-1968" што всушност ја претставува неговата докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Вроцлав, Полска, во 1985 година.